ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ РАНКО МЛАДЕНОСКИ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ
(за сите струки)

ЗА I ГОДИНА

**Рецензенти**:
Д-р  Вера Стојчевска-Антиќ
Лидија Томовска
Костадинка Башковиќ

**Лектор**:
Елена Тошева

**Компјутерска обработка**:
Сузана Тодеска

**Техничко уредување**:
Магнаскен-Скопје

**Издавач**:
Министрство за образование и наука на Република Македонија

**Печати**:
Графички центар дооел, Скопје

**Тираж**:
12800

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија бр. 22-4473/1 од 09.08.2010 година се одобрува употребата на овој учебник

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св.Климент Охридски” , Скопје
811.163.3 (075.3)

ТОЦИНОВСКИ, Васил
Македонски јазик и литература за средно стручно образование : (за сите струки) за I година / Васил Тоциновски, Ранко Младеноски . - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010. - 196 стр. : илустр. ; 24 см
Речник на поими и термини: стр. 191-193

ISBN 978-608-226-133-1
1. Младеноски, Ранко [автор]
COBISS.MK-ID 84280074

## *Предговор*

*Почитуван* ученику,

Овој учебник, со својот наслов, е наменет за тебе, односно за твојата возраст. Неговите страници ти нудат убаво разработени наставни содржини, програмирани со Наставниот план и програма за корисници од ваква популација ученици како тебе.

Учебников според програмските барања концепциски е поделен на две поголеми поглавја: **Јазик** и **Литература**. Првото наставно подрачје ги разработува програмските содржини од науката за јазикот, историскиот развој на македон-скиот јазик, фонетиката, правописот и правоговорот, транскрипцијата, акцентот и сл. Додека второто наставно подрачје, односно *Литературата* дава концизни и конкретно разработени литературни наставни содржини, програмирани со Наставниот план и програма до твоја возраст.

Покрај другото, низ страниците на Учебников се дадени интересни примери разработени со современи форми и методи, кои, веруваме, ќе го фокусираат

твоето внимание со што на многу лесен и достапен начин ќе дојдеш до сигурни и трајни знаења. Имено: Ќе можеш да истражуваш, да ги проверуваш и да ги продлабочуваш своите знаења, а паралелно со тоа има простор и за твојата креативност.

Сето тоа Учебников го нуди на изграден и многу структурален методички приод.

Општо земено, Учебников е во тренд со европските норми и на секој добар корисник му ветува високи успеси.

***Авторите***

# I. ЈАЗИК

*„Послушајте, Македонци!*

*Јазикот е единствената наша татковина. Сè додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски - ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште.“*

***Блаже Конески***

- НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ;
- ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК;
- ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА;
- ПРАВОПИС И ПРАВОГОВОР;
- ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ;
- АКЦЕНТ.

# НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ

## КОМУНИЦИРАЊЕ (ОПШТЕЊЕ)

Под комуницирање се подразбира општење, соопштување, изложување, односно меѓусебно дејствување за да се пренесе некоја информација со помош на знаци.

Комуникацијата, всушност, е меѓусебно дејствување со знаци, како најважни елементи во комуницирањето.

Комуникација, во вистинска смисла на зборот, може да има само меѓу луѓето и само во случаите кога има потреба да се пренесе некаква информација.

Луѓето избираат најразлични начини за комуницирање, односно за пренесување информации: со движење на очите или усните, со движење на рацете или главата, преку изразот на лицето и сл.

Меѓутоа, најлесно, најбрзо и најпотполно луѓето можат да комуницираат со помош на јазикот. Во пренесувањето на информацијата јазикот има предност над сите други средства, бидејќи овозможува пренесување информации и во ситуации кога учесниците во комуникацијата просторно многу се оддалечени едни од други.

## ВИДОВИ КОМУНИКАЦИИ

Има различни видови комуникации: *сигнална* и *симболична, вербална* и *невербална, еднонасочна* и *заемна, посредна* и *непосредна* и др.

Знаците се делат на сигнали и симболи, а според овој критериум се разликуваат два вида комуникација: **сигнална** и **симболична**.

Друг критериум за определување на видот на комуникацијата е говорот. Комуникацијата со учество на говор се вика **вербална,** а комуникацијата без учество на говор што се остварува преку мимики, гестови, интонација и сл. се вика **невербална.**

Според начинот на кој се пренесува информацијата, комуникацијата може да биде **еднонасочна** и **заемна.**

Ако примачот на информацијата има можност да реагира, односно да возврати, да одговори, информацијата е **заемна,** а ако примачот само ја прима информацијата, но нема можност да возврати, таа комуникација е **еднонасочна.**

Комуникацијата во која информацијата се пренесува директно без користење на разни технички средства (телефон, телеграф, компјутер и сл.), односно без средства за масовно комуницирање (печат, радио, телевизија и сл.) е **непосредна**, а комуникацијата во која информацијата се пренесува со користење на технички средства или со средства за масовно комуницирање се вика **посредна комуникација.**

### ❐ *Запомни!*

Комуникацијата е вид меѓусебно дејствување за да се пренесе некоја информација.

Најсовршено средство за комуникација е јазикот.

Има повеќе видови комуникации: сигнална и симболичка, вербална и невербална, непосредна и посредна, еднонасочна и заемна и сл.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Што подразбираш под зборот комуникација?
- Кое е најсовршеното средство за остварување на комуникација меѓу луѓето?
- По што се разликува: симболичната од сигналната; вербалната од невербалната; еднонасочната од заемната и непосредната од посредната комуникација?

### ❐ *Задача*

- Формирајте четири групи и вежбајте во примена на различни видови комуницирање:

I група: сигнална и симболична комуникација;
II група: вербална и невербална комуникација;
III група: еднонасочна и заемна комуникација и
IV група: посредна и непосредна комуникација.

# ЈАЗИКОТ КАКО СИСТЕМ ОД ЗНАЦИ

## ЈАЗИЧНИОТ ЗНАК ВО ВЕРБАЛНИОТ КОД

При претставувањето на предметите и појавите што нè опкружуваат во секојдневието, човекот се служи со низа елементи, односно со **јазични знаци.**

Знаците, всушност, се единство од означувачка форма и означена содржина.

Знаците во меѓусебната условеност сочинуваат **систем од знаци** или **код.**

Со избор на определен број јазични знаци, луѓето имаат можности да создаваат многу комбинации.

Знаците се делат на **симболи** и **сигнали.**

**Симболите,** за разлика од сигналите, се знаци што се употребуваат со однапред поставена цел.

На пример: Звукот на училишното ѕвонче го симболизира почетокот и крајот на часот; црвеното светло на семафорите ги предупредува и возачите и пешаците дека преминот не е дозволен.

**Сигналите** се еднострани и неповратни, бидејќи ниту испраќачот ги користи со цел да бидат упатени некому, ниту пак, примачот сам може да ги примени.

На пример: Висока температура, тешко дишење, појава на црвенило по некои делови на телото и сл.

## ЕЛЕМЕНТИ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ ОДНОС

Во комуникацијата учествуваат следниве фактори:

- **испраќач,**
- **примач,**
- **порака,**
- **контекст (референт, предмет),**
- **контакт (канал, медиум).**

**Испраќачот** и **примачот**, всушност, се учесници во вербалната комуникација: зборувач ➔ слушател; пишувач ➔ читач; адресант ➔ адресат.

**Пораката** е содржина што зборувачот му ја предава на слушачот, односно пишувачот на читачот.

**Шематски приказ на факторите на комуникацијата:**

систем од знаци
код

| испраќач | канал (медиум) | порака | канал (медиум) | примач |
| --- | --- | --- | --- | --- |

предмет на пораката

## ФУНКЦИИТЕ НА ЈАЗИКОТ

Иако секој од шесте фактори определува по една функција на јазикот како систем од знаци на општење меѓу луѓето, не би можело да се издвои некоја вербална, односно говорна порака која би вршела само една функција.

Јазикот како систем од знаци ги разликува следниве функции:

1. **Референцијална функција** – служи за да се предаде или да се прими некоја информација.

На пример: И вечерта е убава во мојот светол дом. (П. Башевски).
Се искачивме по угорнината, а зад нас остануваше Охрид (Борис Бојаџиски).

2. **Емотивна функција** – служи за изразување личен став на испраќачот на пораката спрема она што го соопштува и најчесто се изразува преку извиците.

На пример: Ај – хај – хај,
ова море нема крај! (Јован Стрезовски).

3. **Конативна функција** – служи за изразување на односот меѓу пораката и испраќачот на таа порака и најчесто се изразува преку формите на заповедниот начин.

На пример: О, **трајте, трајте,** тирани недни! (К. Неделковски).
**Исцедете, ограбете,** пот и труд и меса голи
уста пуста **затворете,** да не каже оти боли.
(*Кочо Рацин*)

4. **Фатичка функција** – служи да го изрази односот меѓу пораката и каналот, односно медиумот преку кој таа порака се пренесува.

5. **Метајазична функција** – служи да го изрази односот меѓу кодот, односно системот од знаци и пораката.

6. **Поетска функција** – служи да го изрази односот на пораката кон самата порака. Оваа функција најчесто примена наоѓа во уметничката литература, но не значи дека не може да најде примена и во другите видови општење меѓу луѓето.

### ❒ Запомни!

Јазичните знаци се елементи на јазикот преку кои човекот ги претставува предметите и појавите што го опкружуваат.

Знаците се делат на симптоми и сигнали.

Општењето меѓу луѓето е условено од неколку фактори, а секој од тие фактори определува по една функција на јазикот.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Што подразбираш под изразот јазичен знак?
- По што се разликуваат симболите од сигналите?
- Кои фактори треба да се исполнат при општењето меѓу луѓето?
- Кои се функциите на јазикот?

### ❒ Задача

- Вежбајте во конкретно испраќање и примање на различни видови пораки.



# РАЗЛИКИТЕ ПОМЕЃУ ПРИРОДНИОТ И ВЕШТАЧКИОТ ЈАЗИК И НАЦИОНАЛНИОТ (ОПШТОНАРОДЕН) И СТАНДАРДНИОТ (ЛИТЕРАТУРЕН) ЈАЗИК

## ПРИРОДЕН ЈАЗИК

За да се разберат меѓу себе, односно за да ги изразат своите мисли, желби, потреби, стремежи и сл., луѓето во една заедница имаат потреба од меѓусебно општење. Тоа општење може да се прави различно: со гестови, мимики, преку користење на јазични знаци кои во дадената заедница имаат посебно значење и претставуваат природно организиран систем (код).

Природниот јазик е систем од знаци, развиен по природен пат и претставува основа за општонароден (национален) јазик во определена човекова заедница.

Во светот постојат многу природни јазици меѓу кои и македонскиот јазик, како неотуѓива своина на македонската нација.

## ВЕШТАЧКИ ЈАЗИК

За разлика од природниот јазик, вештачкиот јазик е помошен, експериментален јазик со чија помош општат луѓето од различни заедници. Во основата на вештачкиот јазик се користат одделни елементи од повеќе природни јазици.

Во светот постојат повеќе вештачки јазици од кои најпознат е меѓународниот јазик таканаречен **есперанто** кој се шири најмногу од сите други вештачки јазици, а го создал полскиот лекар и проучувач на јазичните појави Л. Заменхов врз основа на речникот што бил општ за сите европски јазици. Овој јазик бил многу упростен и лесен за совладување.

## НАЦИОНАЛЕН (ОПШТОНАРОДЕН) ЈАЗИК

Национален, односно општонароден јазик е оној на кој говори една нација. Тоа за луѓето од иста нација е мајчин јазик. Национален јазик за припадниците на македонската нација е македонскиот јазик.

Националниот јазик разликува две форми:

**а) нестандардна** и

**б) стандардна форма**.

Заедничка црта на нестандардната форма на националниот јазик е употребата на дијалектните, народните говори, но и говорите на одделни групи луѓе: војници, ученици, студенти и сл. Нестандардната форма, односно примената на националниот јазик е карактеристика на секојдневната комуникација меѓу луѓето од иста нација, а се изразува, главно, во говорна форма.

Стандардната форма, односно примената на националниот јазик ги има одликите на литературниот јазик и може да се јави во две форми: говорна и пишувана.

Говорната форма се карактеризира со примена на правоговорот, односно со правилен изговор на гласовите во состав на зборовите.

Пишуваната форма се карактеризира со примена на правописните правила утврдени со правописот на односниот (стандарден) литературен јазик.

## СТАНДАРДЕН (ЛИТЕРАТУРЕН) ЈАЗИК

Стандарден, односно литературен јазик е јазикот на кој се создава литературата на еден народ и кој се употребува во науката, медиумите, администрацијата, училиштата итн. Тоа е нормиран јазик, образец чии норми се прифаќаат како стандардни, односно како единствено правилни и задолжителни при општењето, независно дали тоа општење е во говорна или во писмена форма.

Говорејќи за самобитноста на македонскиот литературен јазик, Блаже Конески истакнува:

*„Македонскиот литературен јазик треба да биде навистина македонски.*

*Никакви компромиси не треба да има во јазикот, кога тие ќе ја кршат неговата самобитност. Таков компромис во јазикот значи затемнување на самобитноста на целокупната национална култура, бидејќи јазикот е најмоќното орудие на народната култура“.*

### ❒ *Запомни!*

Природниот јазик е систем од знаци, развиен по природен пат во една човекова заедница.

Вештачки јазик е јазикот на кој општат луѓето од различни заедници.

Национален јазик е оној што е заеднички за една цела нација.

Литературен јазик вика јазикот што се користи во литературата, медиумите, науката, администрацијата, во училишта-та итн.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- По што се разликува вештачкиот од природниот јазик?
- Кој јазик се вика национален?
- Кои се основните карактеристики на литературниот јазик?

### ❒ *Задача*

● Споредбено, разгледај ги приведените песни и обиди се да ги откриеш главните карактеристики на јазикот на поетите.

Лето ... Полношт ... Сегде тихо, глухо сегде,
Људи спокојно си спат,
У един несреќен само, далеч негде
Сиви му очи ток бдат,
Во висока к'шта, во широка стаја,
Д΄лга, пред΄лга је сам,
Опкколен с книги от краја до краја,
Шетат и мислит он там.
Сон не го хваштат и в безсоница тешка
Стаја си мерит сос крака,
С срце оскрбно, с душа наљутена, жешка...

*(„Безсоница“)* *Рајко Жинзифов*

## БИСЕРА

Бисеро, моме, Бисеро,
Шчо носиш бисер на грло?
Твоето грло хубаво
И от дробнаго бисера
Хилјада п´ти побело.

Бисеро, моме, Бисеро,
Зашчо со бисер покриваш
Твоето грло хубаво?
Ја нејќу бисер да баца
Тук сака твоето грло.

Бисеро, моме, Бисеро,
За кого низиш бисерот?
За кого готвиш дарои?
Ја дарој, бисер не сака,
Тук сака мома Бисера.

*Константин Миладинов*

## ЗАЛЕЗ

Румено. Румено. Румено.
Како занесена песна
во синото море
тоне
залезот.

Од тревите до кавалот,
од стадото до облакот
сѐ е бујно
запалено.

Од градите до песната,
од чекорот до чешмата,
сѐ е чудно
разгалено.
Стадо в кавал заљубено
ѕвоно в песна изгубено
око в божур залудено.

Румено. Румено. Румено.

*Матеја Матевски*

# ДИЈАЛЕКТНИОТ НАСПРОТИ СТАНДАРДНИОТ ЈАЗИК

***❒ Спореди:***

### *ШУПЕЉКА*

Ушче ко си беф малечек.
От клас си писка напраиф.
Со неа свиреф, подскаквеф,
И по зелени ледини,
Си трчах по пеперуги.
..............................................
Сега се други времиња
Ја сега нејќу да трча,
Не ми е мило да шета,
Ни сака игри другарски.
Сега шчо ми е најмило
Дружба да има шупељка,
Да најда место високо
Под ладна сенка д´боа:
Пред мене поле широко,
Под нозе рече да течит,
Над глава ветар да шумит,
И ја на д´б´т навален,
Да свира со шупељката,
Как ќе ме учит срцево.

*Константин Миладинов*

### *ВЕЧЕР*

Сонцето зајде,
се згасна зрак –
тишини меки
одат по мрак.

Вревата стивна,
замолкна шум –
овци со ѕвонци
врват низ друм.

Трепере звезди
в небесен лад,
месечко кроток
се смее млад.

Весели сништа
со ѕвонлив од
спуштиле крила
над млечен свод.

*Волче Наумчески*

- Какви разлики забележуваш во поглед на јазикот во овие две песни?
- Која од нив е испеана на народен (дијалектен) а која на стандарден (литературен) јазик?
- Врз основа на што дојде до таков заклучок?

Меѓу дијалектниот и стандардниот јазик постојат видни разлики, но и покрај тоа тие се во постојано и нераскинливо единство, зашто дијалектниот говор е основа врз која се темели, се надоградува и се збогатува литературниот јазик.

Дека е тоа така, сведоштво наоѓаме во следниве зборови на Блаже Конески:

*„Во речникот на македонскиот литературен јазик, треба, во прв ред, до максимум да се искористат елементите што се веќе дадени во народниот говор.*

*Во народните говори и во усната литература ќе се најдат не само зборови врзани за конкретни предмети, туку и зборови што можат многу арно да се издигнат до значењето на научни термини.“*

*Блаже Конески*

## ДИЈАЛЕКТЕН ЈАЗИК

Песната „Шупељка“ од Константин Миладинов е испеана на јазик карактеристичен за родниот крај на поетот – Струга. Повеќе зборови во таа песна (ушче, ко, беф, напраиф, свиреф, подскакввеф, трчах, нејќу, hose и др.) се употребени во форми различни од оние во литературниот јазик, односно во форми карактеристични за струшкиот говор или дијалектен говор.

Дијалектниот јазик е својствен на група зборувачи од иста заедница. Во Македонија има повеќе дијалекти кои претставуваат основна карактеристика на говорите за определено подрачје.

Меѓутоа, разликите што постојат во разни краишта на Македонија во изговорот на определени гласови, во акцентирањето на зборовите, во формите на зборовите и сл., не се од таква природа за да не можат луѓето од иста заедница да се разберат едни со други.

## СТАНДАРДЕН (ЛИТЕРАТУРЕН) ЈАЗИК

Стандарден, односно литературен е јазик што е заеднички за припадниците на еден народ, а е нормиран од институциите кои имаат овластување за таква дејност во општеството на кое му припаѓаат.

Стандардниот јазик се употребува во училиштата, администрацијата, медиумите, во уметничката литература итн. и е изграден врз основа на еден или повеќе дијалекти, но со почитување на ред правила.

Стандардниот, односно литературниот јазик е заедничка своина на сите припадници на една нација и претставува нејзина најважна карактеристика.

Македонскиот литературен јазик е изграден врз основа на централните македонски говори и е препознатлива карактеристика за припадниците на македонската нација.

Македонскиот стандарден (литературен) јазик за официјален јазик на македонскиот народ беше прогласен на Првото заседание на АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија), одржано на 2 август 1944 година во манастирот „Св. Прохор Пчински“.



*Манастирот „Св. Прохор Пчински“ каде се одржало Првото заседание на АСНОМ*

### ❒ Запомни!

Дијалектен јазик е јазикот на кој зборуваат група луѓе од иста заедница.

Стандарден (литературен) јазик е јазикот на кој зборуваат припадниците на една нација и е нормиран од надлежните институции.

Дијалектниот и литературниот јазик се во нераскинливо единство.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- По што се разликува литературниот од дијалектниот јазик?
- Каде најчесто се употребува литературниот јазик?
- Врз основа на кои говори е изграден македонскиот литературен јазик?
- Кога македонскиот јазик беше прогласен за официјален јазик на македонскиот народ?

### ❒ Вежба

- Стави се во улога на лектор и поправи ги сите јазични грешки во следнава народна приказна:

## ЛИСИЦАТА, БИШКАТА, МЕЧКАТА И ЗАЕЦОТ

Мечката, бишката и заецот секога ѝ се смејали на лисицата и дека ја стретели, ѝ викали:

– Линдро! Линдро!

А лисицата им велјала:

– Нимо ми се смејте, оти ако го земам мачорокот ќе видите и вие.

Тие па сè така ѝ викали. Напокун лисицата од мека видела, превидела, го зела за меж мачорокот и ќинисала да оде на госте ув них. Ка доближила до кештата на троицата, мачорокот зел да се надуве и да вика:

– Мјау, мјау!

А мечката сос двоицата си другаре избегала од страх и се скрили.

# ЈАЗИКОТ, ГОВОРОТ И ПИСМОТО

## ЈАЗИКОТ И ГОВОРОТ



*Крсте П. Мисирков*

*„Јазикот е средство со кое ние познаваме што мисли, што чувствува и што сака нашиот собеседник“.*

*Крсте П. Мисирков*

Јазикот е апстрактен систем од јазични знаци и служи за општење меѓу луѓето. Во зависност од тоа што сакаат да искажат (желба, заповед, прашање и сл.), луѓето вршат избор на јазични знаци што во конкретната ситуација се најнужни за да се разберат едни со други.

Науката за јазикот опфаќа повеќе дисциплини, меѓу кои и следниве:

– **лексикологија** – дисциплина што го проучува системот на зборовите,

– **фонетика** – дисциплина што го проучува образувањето на гласовите,

– **морфологија** – дисциплина што ги проучува формите на зборовите,

– **синтакса** – дисциплина што ги проучува речениците и нивните делови, поврзувањето на зборовите во реченицата, како и поврзувањето на одделните прости реченици во составот на сложената реченица и др.

Практичната примена на јазичните знаци претставува јазик во дејство, односно тоа е човековиот **говор** преку кој тој ги изразува своите мисли и чувства, а тоа значи дека преку говорот човекот изразува конкретна содржина. Говорот, впрочем, се јавил од потребата на луѓето да си соопштат нешто и останал како најсовршено средство за разбирање меѓу луѓето.

Јазикот е општествена појава и заеднички систем за сите припадници на една заедница, а говорот е јазик во акција, односно конкретно остварување на јазикот.

Но, и покрај ваквите разлики меѓу јазикот и говорот, тие претставуваат јазично единство наречено **јазична дејност.**

## ГОВОРОТ И ПИСМОТО

Говорот се остварува со помош на гласови. Гласовите се најмали и понатаму неделиви делови од зборот и претставуваат најприродно средство за прием и за пренос на јазикот.

Гласовите се образуваат во говорниот апарат на секој човек со посредство на воздушната струја што се исфрла од белите дробови. Гласовите се пренесуваат преку воздухот како звучни бранови.

Говорот е условен од времето, односно од моментот на зборувањето, од природната средина во која се одвива и од лицата кои комуницираат.

Со посредство на технички средства, говорот може да се пренесува на големи далечини.

Писмото е систем од знаци со чие посредство се пренесуваат мислите и чувствата на луѓето. Писмото, всушност, е форма за визуелно претставување на говорот, а се појавило како помошно средство за општење меѓу луѓето.

За најстаро писмо се смета **пиктографското**, односно **сликовното** писмо, а најстар вид сликовно писмо е таканареченото **хиероглифско писмо** – писмо изразено преку слики и цртежи на птици, животни, разни фигури и сл. За творци на ова писмо се сметаат Египќаните, а со тоа писмо се служеле уште и Кинезите, старите Индијанци во Северна Америка и др.

Со ова писмо биле пишувани натписите на надгробните споменици при што со посебно внимание се истакнувале фигурите.

Со сликовното писмо не можело да се претстави формата на зборовите, па затоа ова писмо подоцна било заменето со посовршен вид писмо наречено **идеографско писмо,** односно писмо претставувано со симболи. Ова писмо имало неколку илјади **идеограми,** односно знаци и барало многу време за нивното совладување.



*Хиероглифско писмо на Маите, страница од зачуван стар ракопис*

Особен напредок во писменоста претставувала појавата на **гласовното писмо** кое броело само 22 знаци, односно букви. Тоа писмо го создале Феничаните и имало фонетски карактер – за обележување на секоја буква постоел посебен знак.

### ❒ *Запомни!*

Јазикот е систем од знаци што претставува најсовршено средство за разбирање меѓу луѓето.

Конкретното остварување на јазикот, односно јазикот во акција се вика говор.

Јазикот и говорот се во постојана спротивност, но и во неделиво единство.

Говорот претставува конкретно остварување на јазикот.

Визуелното претставување на говорот се вика писмо.

Постојат повеќе видови писма од кои попознати се: пиктографското (сликовно), идеографското и гласовното писмо.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Што претставува јазикот?
- По што се разликува писмото од јазикот?
- Кое писмо се смета за најстаро? Кои се неговите основни карактеристики?
- За кое писмо симболите биле основна карактеристика ?
- Каков карактер имало гласовното писмо што го создале Феничаните? Колку знаци броело тоа писмо?

### ❒ *Задача*

- Дебатирајте на тема: **Предностите и недостатоците на говорниот текст во споредба со текстот во писмена форма.**

# ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

## МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СЕМЕЈСТВОТО НА СЛОВЕНСКИТЕ И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ ЈАЗИЦИ

❒ ***Спореди:***

| Јазик на кој е забележан зборот |  |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|---|
| македонски јазик | елка | елен | коза | трева | гулаб |
| српски и хрват. јазик | јела | јелен | коза | трава | голуб |
| чешки јазик | jedle | jelen | koza | trava | Holub |
| полски јазик | jodla | jelenj | koza | trawa | Golomb |
| руски јазик | el | olen | koza | trava | golub |

Македонскиот јазик има многу заеднички црти со другите словенски јазици, зашто заедно со нив потекнува од прасловенскиот јазик, односно од јазикот на кој зборувале Словените пред нивното раселување. Сепак, македонскиот јазик е најблизок до јужнословенските јазици не само поради заедничкото потекло, туку и поради заедничките непосредни врски.

Во различни општествени, историски и географски услови од основата на прасловенскиот јазик се оформиле три поголеми словенски јазични групи: **источнословенска, западнословенска** и **јужнословенска** јазична група.

Во секоја од овие три групи според некои заеднички особености влегле по неколку јазици што може да се види од следниов преглед:

***Шематски приказ на словенските јазици***




Македонскиот јазик според потеклото и поврзаноста по повеќе заеднички особини е најблизок со бугарскиот, српскиот, хрватскиот и со словенечкиот јазик и заедно со нив спаѓа во групата на јужнословенските јазици која се дели на две подгрупи:

- **источнословенска група јазици** во која влегуваат: македонскиот и бугарскиот јазик и

- **западнословенска група јазици** во која влегуваат: српскиот, хрватскиот и словенечкиот јазик.

За најстар јазик на Словените се смета **старословенскиот јазик,** односно јазикот со кој се служеле Словените – Македонци од околината на Солун.

Најстарите зачувани старословенски текстови потекнуваат од крајот на X до почетокот на XII век. Меѓу најзначајните текстови од овој временски период се следниве: *Асеманово евангелие, Зографско евангелие, Мариинско евангелие, Синајски псалтир* и др.

## ЗОГРАФСКО ЕВАНГЕЛИЕ
## (МАТЕЈ V, 1 – 17)

1. оуꙁьрѣвъ же народꙑ вьꙁиде на горѫ. і ꙗко сѣде пристѫпишѧ къ нє-
моу оученици его. 2. і отвръꙁъ оуста своꙗ оучаа ше ꙗ гл҃ѧ: 3. Блажени ништии
дҳомь. ꙗко тѣхъ естъ цр҃со нб҃ское: 4. блажени плачѫштеи. ꙗко ти оутѣшѧтъ
сѧ: 5. блажени кротъци. ꙗко ти наслѣдѧтъ ꙁемлѭ. 6. блажени ал҄чѫштии і
жѧждѧштии правъдꙑ ради. ꙗко ти насꙑтѧтъ сѧ: 7. блажени милостивии. ꙗко
ти помиловани бѫдѫтъ: 8. блажени чистии сръдцемь. ꙗко ти б҃а оуꙁьрѧтъ:
9. блажени съмирꙗѭштии. ꙗко ти с҃нове б҃жии нарекѫтъ сѧ: 10. блажени
іꙁгънани правъдꙑ ради. ꙗко тѣхъ естъ цр҃ство нб҃ское: 11. блажени есте
егда поносѧтъ вамъ. і ижденѫтъ вꙑ. і рекѫтъ. вьсѣкъ ꙁълъ гл҃ъ на вꙑ.
лъжѫште мене ради: 12. Радоуите сѧ і веселите сѧ. ꙗко мъꙁда ваша многа
естъ на небесехъ: тако бо іꙁгънашѧ пророкꙑ. іже бѣшѧ прѣжде васъ. 13. вꙑ
есте соль ꙁемли. аште же соль обоуꙗетъ чимь осолитъ сѧ. ни чьсомоу же
бѫдетъ къ томоу. да ісꙑпана бѫдетъ вънъ. і попираема ч҃кꙑ. ꙁач. 14. Вꙑ
есте свѣтъ мироу. не можетъ градъ оукрꙑти сѧ вр . . хоу горꙑ стоѩ. 15. ни
въжагаѭтъ свѣтильника. і поставлꙗѭтъ его подъ спѫдомь. нъ на свѣштьницѣ.
і свѣтитъ вьсѣмъ. іже въ храминѣ сѫтъ. 16. тако да просвѣтитъ сѧ
свѣтъ вашь прѣдъ ч҃кꙑ. да оуꙁьрѧтъ дѣла ваша добраꙗ. і прославѧтъ о҃ца
вашего іжь естъ на нб҃хъ. 17. Не мните ꙗко придъ раꙁоритъ ꙁакона ли про-
рокъ. не придъ раꙁоритъ нъ іспльнитъ.

Ракописот на Зографското евангелие се чувал во Зографскиот манастир на Света Гора, а сега се наоѓа во Петроград.

### ❒ Запомни!

Македонскиот јазик има заеднички особини со другите словенски и јужнословенски јазици и е дел на тоа семејство.

Од основата на прасловенскиот јазик биле оформени три јазични групи: јужнословенска, источнословенска и западнословенска јазична група.

За најстар јазик на Словените се смета старословенскиот јазик.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- По кои особености македонскиот јазик е сроден со другите словенски и јужнословенски јазици?
- Кои јазични групи биле оформени од основата на прасловенскиот јазик?
- Кои јазици спаѓаат во:
  а) јужнословенската група;
  б) источнословенската група;
  в) западнословенската јазична група?
- Кој јазик се смета за најстар јазик на Словените?

# МАКЕДОНИЈА Е ЛУЛКА НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ

*„Пресвртница во културниот, па и во историскиот развиток на сите словенски народи претставува ангажирањето на солунците Константин (Кирил) и Методиј во изнаоѓањето на словенската азбука, во создавањето на првиот книжевен словенски јазик и во преведувањето на потребните богослужбени книги од византиски на словенски јазик, како и во неговото воведување во богослужбата“.*

*Д. Пандев и В. Стојчевска-Антиќ*

Овие двајца солунски браќа се втемелувачи на самостојната словенска просвета и богослужба, на словенската култура. Нивна заслуга е и формирањето на поголема група ученици, нивни продолжувачи и следбеници во ширењето на словенската просвета и богослужба.

Историското дело во ширењето на словенската писменост што го започнале браќата Кирил и Методиј, по нивната смрт го продолжиле нивните ученици меѓу кои најмногу се истакнувале Климент и Наум.

Кон крајот на IX и во почетокот на X век како резултат на нивната напорна и исцрпувачка просветна дејност е создавањето на едно од најстарите и најпознатите културни словенски жаришта – Охридската книжевна школа која развила богата книжевна дејност. Во почетокот оваа дејност на Кирилометодиевите ученици имала препишувачки и преведувачки карактер, а подоцна од нивните пера се појавиле и првите оригинални творби меѓу кои највидно место заземаат пофалните слова и проповедите на Климент Охридски.



*Св. Наум и св. Климент, иконостас на црквата „Св. Наум“(1711)*

Во овој временски период од грчки на старословенски јазик биле преведени повеќе црковни книги од кои најпознати се: **Зографското евангелие, Асемановото евангелие, Мариинското евангелие** и др. Овие ракописи биле предадени со азбуката глаголица што е и една од основните карактеристики на најстарата словенска писменост во Македонија.

Значи, првата азбука што се употребувала во Македонија била глаголицата, односно азбуката што според некои извори ја создал Кирил, сам или потпомогнат од својот брат.

Освен со глаголица, при крајот на X век старословенските ракописи кај нас биле пишувани и на азбуката кирилица. Така, на пример, натписот на надгробната плоча на Самоил што датира од 993 год. бил напишан на **кирилица.** Меѓутоа, во овој период кирилицата малку се користела, а широка примена доживеала дури во XII век.



*Форми на најстари глаголски букви*



*Натписот на надгробната плоча на Самоил*

Јазикот на кој биле препишувани, односно пишувани најстарите текстови бил близок до старословенскиот јазик, односно до јазикот на кој зборувале старите Словени од околината на Солун. На старословенски јазик се вршела богослужбата по црквите на словенските народи, а на тој јазик биле пишувани и црковните книги.

Бидејќи словенската писменост во почетокот била тесно поврзана со учењето на религијата и самата попримила црковен карактер и проповедала верување во Исус Христос, проповедала љубов кон ближниот и кон Господ и слично, а тоа, всушност, е една од поважните особености на словенската писменост.

Меѓу другите поважни особености на словенската писменост, односно на ракописите пишувани со словенско писмо, е нивниот преводен карактер. Првите книги на словенски јазик ги превеле Кирил и Методиј од грчки јазик. Тоа биле книги во кои, главно, се зборувало за животот на светците, но подоцна се појавиле и книги во кои се зборувало за животот и работата на Кирил и Методиј и нивните ученици.

Житијата за животот и дејноста на браќата Кирил и Методиј познати под името *Панонски легенди,* даваат драгоцени податоци за проучувањето на словенската писменост која може да се подели на два периода:

а) *старословенски период и*

б) *црковнословенски период.*

Првиот период трае од средината на IX до крајот на XI век. Во овој период во употреба бил старословенскиот јазик кај сите словенски народи.

Во вториот, односно од црковнословенскиот период кој траел од XII до крајот на XVIII век и понатаму во употреба останал старословенскиот јазик, но во неговата основа биле внесувани елементи карактеристични за одделните словенски земји. Јазикот што се употребувал во овој временски период се нарекува црковнословенски јазик.

### ❐ *Запомни!*

Браќата Кирил и Методиј имаат огромни заслуги за писменоста на словенските народи.

Ракописите што потекнуваат од тој период биле препишувани или пишувани на старословенски јазик – прв и единствен литературен јазик за сите словенски народи.

Од XII век натаму во старословенскиот јазик биле внесувани посебни јазични црти од одделните словенски земји.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Кои се заслугите на браќата Кирил и Методиј за словенската писменост?
- Што е карактеристично за јазикот на кој се ширела писменоста меѓу словенските народи, а особено во Македонија?
- Какви разлики имало во јазикот во старословенскиот и црковнословенскиот период?

# СТАРОСЛОВЕНСКИ АЗБУКИ

*„Светите Кирил и Методиј го разнесоа македонското слово и писмо меѓу сите словенски народи“*

*Крсте П. Мисирков*

## ПОЧЕТОЦИТЕ НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ



*Браќата Кирил и Методиј*

Прашањето за почетоците на словенската писменост е тесно поврзано со дејноста на солунските браќа Кирил и Методиј. Благодарение на нивната исцрпувачка работа бил создаден првиот словенски книжевен јазик, односно **старословенскиот јазик.**

Тој е јазикот на кој зборувале македонските Словени од околината на Солун.

Браќата Кирил и Методиј во втората половина на IX век, а по барање на моравскиот кнез Ростислав, биле испратени во неговата земја (Моравија) со цел да шират просветна дејност на словенски јазик за да може да се заштити словенското население од силното германско политичко и културно влијание.

## КИРИЛ – ТВОРЕЦ НА АЗБУКАТА ГЛАГОЛИЦА

Кирил по углед на грчкото курзивно писмо, го создал првото оригинално словенско писмо, односно ја создал азбуката **глаголица,** која броела 38 букви.



*Глаголица*

При создавањето на глаголицата Кирил ги искористил буквите што постоеле во грчката азбука, а за словенските гласови за кои не постоеле букви во грчката азбука тој измислил нови писмени знаци.

Со помош на глаголицата тој и неговиот постар брат, Методиј, ги превеле од грчки на словенски јазик првите црковни книги и во 863 година тргнале кон Моравија за да го научат народот да пишува на словенското писмо.

Постојат веродостојни докази дека во Моравија биле срдечно примени од кнезот Ростислав, кој им се обратил со следниве зборови:

*„Драги браќа, доаѓате од далечна земја, но уште во првиот миг ве чувствуваме толку блиски, зашто ни го носите најскапиот дар – светлината на сонцето. Нашето сонце го помрачуваат црни гаврани, а ние прости, неучени, неопитни – не можеме да ги изгониме. Вие го носите и ќе ни го дадете најсилното оружје против нив – словенското писмо што ќе ни помогне не само да го зачуваме она што го извојувавме со меч, ами и да го развиеме и укрепнеме!“*

## АЗБУКАТА КИРИЛИЦА

Според некои непотврдени извори св. Климент ја упростил азбуката што претходно ја создал неговиот учител Кирил и во негова чест ја нарекол **кирилица.** За разлика од азбуката глаголица, кирилицата броела 44 букви и станала потполн азбучен систем составен според грчкото уставно писмо. Набргу азбуката кирилица почнала да се користи меѓу сите Словени и да ја истиснува од употреба азбуката глаголица. Во ваквиот процес одлучувачка улога одиграла стекнатата навика да се пишува со грчко писмо.



*Кирилица*

Но, тоа не значи дека азбуката глаголица била наполно исфрлена од употреба. Напротив, паралелно со кирилското писмо, се употребувала и глаголицата сѐ до почетокот на XIII век. Од тој временски период среќаваме букви па и цели редови со глаголица во некои споменици меѓу кои и во преписите на **Охридскиот апостол**.

### ❒ *Запомни!*

Старословенскиот јазик е најстар литературен јазик на Словените.

Во втората половина на IX век Кирил ја создал азбуката глаголица – прва фиксирана словенска азбука.

Кирилицата броела 44 букви и произлегла од грчкото уставно писмо.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Кога била создадена азбуката глаголица? Кои се нејзините основни карактеристики?
- Според чие писмо била создадена азбуката кирилица? Кои се нејзините најважни особености?
- Кого препознаваш во „црните гаврани“ за кои говори кнезот Ростислав?

# СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ ШКОЛИ ВО МАКЕДОНИЈА

Средновековниот период се карактеризира со постоење и дејствување на две книжевни школи во Македонија, како продолжувачи на словенската писменост: **Охридската книжевна школа** и **Кратовската книжевна школа** со своите центри и скрипториуми **Св. Јован Бигорски** и **Лесновскиот книжевен центар.**

## ОХРИДСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА

Со одлука на бугарскиот кнез Борис, во втората половина на IX век Климент бил испратен за учител во областа **Кутмичевица** со цел таму да го зацврсти христијанството и да шири просвета на словенски јазик.

Работењето на св. Климент Охридски во Кутмичевица врз народното просветување, неговата книжевна дејност, како и прифаќањето на таа книжевна дејност од неговите следбеници се нарекува **Охридска книжевна школа,** позната и под името *„прв словенски универзитет“*.

Основач и најистакнат културен деец на Охридската книжевна школа е св. Климент Охридски. Тој и неговиот најблизок соработник, **Наум** се најдоследните продолжувачи на традицијата за ширење на просветата на словенски јазик што ја започнале нивните учители св. Кирил и св. Методиј.



*Манастирот „Св. Наум“*

Макотрпната и исцрпувачка учителска дејност на св. Климент во областа Кутмичевица, неговата ангажираност на преводи и создавањето на оригинални литературни дела се доволни

аргументи тој да се смета за основоположник на словенската писменост и култура на македонските простори.

Ракописите што излегле од Охридската книжевна школа носат јазични особености од западномакедонските говори, а важен нивни белег е користењето на азбуката глаголица како знак за продолжување на традицијата во ширењето на просветата што ја започнале браќата Кирил и Методиј.

Најпознати ракописи што настанале во Охридската книжевна школа се: *Добромировото евангелие, Болонскиот псалтир, Охридскиот апостол, Битолскиот триод, Македонското евангелие на поп Јован* и др.

## ЛЕСНОВСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА

По примерот на Охридската книжевна школа, нешто подоцна, најверојатно од учениците на св. Климент и св. Наум била отворена уште една книжевна школа во Македонија како продолжување на словенската писмена традиција. Центарот на таа книжевна школа се наоѓал во Кратово, но оваа школа имала свои центри и скрипториуми во манастирот „Св. Јован Бигорски“ и во Лесновскиот манастир по кој и школата го добила името **Лесновска книжевна школа.**



*Манастирот „Св. Јован Бигорски“*

Лесновската книжевна школа развила богата литературна активност во Североисточна Македонија.

Од Лесновската книжевна школа потекнуваат ракописите *Радомировото евангелие, Вранешничкиот апостол, Лесновскиот перенезис* и др.

Оваа школа продолжила да ја негува словенската писменост и литература преку создавање на

пригодни црковни текстови: молитви, хагиографии и пофални и поучни слова и др. Меѓутоа, освен текстови од ваков карактер, во средновековниот период биле создавани и текстови со содржина битно различна од текстовите со црковен карактер. Такви текстови биле **апокрифите, романите, расказите** и др.

### ❒ *Запомни!*

Основач на Охридската книжевна школа е св. Климент Охридски.

Од неговите ученици била основана Лесновската книжевна школа.

И едната и другата книжевна школа развиле богата книжевна дејност.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Кои две школи во Македонија се продолжувачи на словенската писменост во средниот век?
- Кои се заслугите на Климент Охридски во ширењето на просветителската дејност во Македонија?
- Кои ракописи настанале во Охридската и Лесновската книжевна школа?

### ❒ *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!*

Во една беседа посветена на св. Климент Охридски големиот македонски поет **Григор Прличев** ги искажал следниве зборови:

*„Ох, колку сум радосен оти ката година со срце го празнуваме св. Климента. Оти и во радост и во жалби во устите ваши звучи името св. Климент и пак св. Климент.*

*Св. Климент – охридски светител.*

*Св. Климент – високоучен и свет писател.*

*Св. Климент – којшто рече: „Во Охрид да стане светло, и стана светло, зашто понапред бевме в страшен мрак и темнина.“*

**❐ Задача**

● Разгледај ги следниве куси извадоци од Добромировото евангелие и Охридскиот апостол, а потоа обиди се да откриеш некои битни црти на јазикот во овие два текста.

## 1. ДОБРОМИРОВО ЕВАНГЕЛИЕ (ЛУКА XXIII, 44-50)

44. (и тьма бѣість по вьсеи земи) до годинъі девѧтъіѧ. 45. сльньцоу
помрькшоу. и катапетазма црквьнаѣ раздра сѧ на двое оть горъі до низоу.
46. и вьзглашь гласомь велиемь ісѹсь рече. отче. вь рѫцѣ твои прѣдаѭ дхь
мои. и се рекь изьдьше. 47. видѣвь же сотьникь бъівьшее. прослави Бга глѭ.
вь истинѫ чловкось праведень бѣ. 48. и вьси пришьдьше народи на позорь.
видѧще бъіваемаѣ. биѭще вь прьси своѧ вьзврашаахѫ сѧ. 49. стоѣхѫ же
вьси знаемии его изь далече и женъі вьшетъшѧ сь нимь оть галилеѧ зрѧщѧ
сихь. 50. и се мѫжь именемь иѡсифъ сьвѣтьникь сы. мѫжь благь и правьдень.
не бѣ сь присталь сьвѣтоу и дѣломь ихь.

## 2. ОХРИДСКИ АПОСТОЛ (ДЕЈАНИЈА XII, 12-17)

12. Е он дни смоштрь Петръ приде въ домъ марининъ, мтре иѡановъі,
иже и нарицаетъ маръкъ. идеже бѣахѫ мнози собран . . . . и молѧщѫсѧ.
13. Тлъкънѫвъшоу же Петроу въ двери вратънъіѭ пристѫпи же рабъіни слъі-
шати именемъ Роудиі. 14. и познавъши гла Петровъ ѿ радости не ѿвръзе
емѹ вратъ, притекъши же сказа Петра стоѭща прѣдъ вратъі. 15. ѡни же къ
неи рѣшѧ: зла ли се дѣвши. ѡна же крѣплѣаше се тако бъіти. ѡни же
глаахѫ аггль его естъ. 16. Я Петръ прилежааше и тлъкъі. ѿвръзъше же видѣ-
шѧ и и оужасѧшѧ. 17. Помаѣвъ же имъ рѫкоѭ млъчати и сказа имъ како
и гъ нс темницѧ изведе. Рече же възвѣстите иѣковоу и брати си. И шедъ
иде вьіно мѣсто.

# МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА НА ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК

## ПОТЕКЛОТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Македонскиот јазик, како и другите современи словенски јазици, се развил од дијалектите на **прасловенскиот јазик**, односно од јазикот на кој зборувале Словените пред нивното раселување.

Најстар литературен јазик, пак, на Словените е **старословенскиот** јазик, односно јазикот на кој зборувале Словените – Македонци од околината на Солун. Врз основа на старословенскиот јазик браќата Кирил и Методиј ги превеле првите црковни книги од грчки на словенски јазик, користејќи ја притоа азбуката глаголица што ја создал Кирил во втората половина на IX век.

## ПОЈАВАТА НА ВАРИЈАНТИ

Со знаците на азбуката глаголица долго време биле препишувани црковните книги при што препишувачите од разна словенска народност (свесно или несвесно) внесувале јазични црти од својот јазик во црковнословенските текстови и на тој начин се развиле разни **варијанти** (редакции, рецензии) на црковнословенскиот јазик меѓу кои и македонската варијанта.

Под македонска варијанта на црковнословенскиот јазик се подразбира варијанта која содржи елементи од македонските говори. Значи, црковнословенскиот јазик кој содржи елементи од македонските говори се нарекува македонска варијанта на црковнословенскиот јазик.

Појавата на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик во XII век го означува почетокот на развитокот на македонскиот писмен јазик.

## ОСОБЕНОСТИ НА МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА НА ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК

Македонската варијанта на црковнословенскиот јазик ја карактеризираат повеќе особености од кои поважни се следниве:

- Зачувување на **традиционалноста** преку примената на писмото. Имено: макар што во тоа време азбуката глаголица била заменета

со поновосоздадената азбука кирилица, сепак, во некои македонски ракописи, како на пример во **Битолскиот триод** од XIII век, цели цитати се предадени со азбуката глаголица.

***❒ Спореди:***

## 3. ЗАПИСИ ОД БИТОЛСКИОТ ТРИОД

. . . . грѣшныї Геѡргие. къ Стлъпень блюдѫ пиша. ѹ стыхъ Крачен. л҃. днь. де: поминнѹите ме(не братиꙗ) моꙗ. що ми мрьзнеть рѫчицама. тѹ пиша: тѹ ꙗдѣ. тѹ лежа без огьн . . апра . .

. . (Ни)колѧ Пиросова сн҃а еже ми донесе ѿ зажца в листькѹ. г҃. днь. ге:

. . . . ите мѧ бра҃е. по много си како патиса нощиѫ пишѫще аще и грѫбо непльнѣ . . .

харьтїе сїе Петрь· Иванъ ковачь. а ꙗзь ꙗгонїсах писатї. догде ми не козьмѫть триѡ҃. простѣте бра҃е. всѣ на҃ и ппа Геѡргиꙗ ѿ Кѫпи·

(Го)ворї дшице моꙗ грѣшнаꙗ. що ми желаеши сѫще. да видишї край книж . . . ꙗко и корабникъ край морю. ꙗко и боленъ здравие ꙗко и ѹбогь пищѫ себѣ и ѡдѣꙗние. Поминаате мѧ а ва҃ бь҃.

Поминаите бра҃е Ивана Ємностина зѧтѣ. ѿтїї мї даваше прѣсоль и мл҃ѣчице.

Покои и рьцї и ꙗдь заедно написахъ простѣте мѧ.

Почитувањето на традиционалноста има одраз и во зачувувањето на бројот на буквите во македонската варијанта на црковнословенскиот јазик што не е случај во другите варијанти кај кои е видлив стремежот за нивно намалување.

Во македонската варијанта на црковнословенскиот јазик забележлива правописна карактеристика е **мешањето на носовките** (жатва > жѫтва; чѧдо > чѫдо; ѩзыкъ > ѫзыкъ) како и **замената на силните ерови**"

(ъ>о ь>е: сънь>сон; дънь>ден)

***❒ Запомни!***

Македонскиот јазик се развил од дијалектите на прасловенскиот јазик.

Најстар јазик на Словените е старословенскиот јазик.

Црковнословенскиот јазик кој содржи елементи од македонските говори се нарекува македонска варијанта на црковнословенскиот јазик.

## ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Кој е најстариот јазик на Словените?
- Како дошло до појава на разни варијанти на црковнословенскиот јазик?
- Кои се главните особености на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик?

## ❐ *Задача*

- Обиди се да ги откриеш разликите меѓу старословенскиот јазик и македонската варијанта на црковнословенскиот јазик преку следниве два текста:

АСЕМАНОВО ЕВАНГЕЛИЕ



МАКЕДОНСКО ЕВАНГЕЛИЕ НА ПОП ЈОВАН, XIII ВЕК



# ШИРЕЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ НА НАРОДНИОТ ЈАЗИК

Во периодот од XII па сè до XVIII век богослужбата во Македонија се вршела на црковнословенски јазик. Меѓутоа, во истиот временски период црковнословенскиот јазик започнал да се употребува и во литературата, при што во неговата писмена форма сè повеќе навлегувале елементи од народниот јазик. Ако се знае, пак, дека во тоа време литературата имала црковен карактер и дека, главно, биле препишувани ракописи со религиозна содржина, повторно ќе се дојде до заклучок дека народниот јазик сè повеќе и сè подлабоко навлегувал и во литературата.

Особен напредок во ширењето на народниот јазик во литературата е забележан во ракописите познати како **„дамаскини“** – по името на грчкиот проповедник и црковен писател **Дамаскин Студит** кој живеел во XVI век. Иако во основата на преводите на ракописите на дамаскините бил ставен црковнословенскиот јазик, сепак, во тие преводи се среќаваат одделни црти од македонскиот народен јазик. Така, на пример, во некои од тие преводи ги среќаваме народните зборови: **рамо, кревање** и др. Со употребата на одделни црти на народниот јазик во литературните дела веќе се јавуваат и никулци во размислувањето дека треба да се пишува на јазик што му е близок на народот.

Меѓу поважните причини за ширењето на народниот јазик е и тоа што традиционалниот црковен јазик бил тешко разбирлив за народот. Токму поради тоа во поновите текстови ракописите познати како „дамаскини“ доминира народниот јазик. Според некои податоци на тлото на Македонија настанале околу 200 дамаскини меѓу кои најпознатиот е **Крнинскиот дамаскин.**

КРНИНСКИ ДАМАСКИН

Аще ли хощеть въставить его, въстанеть и безь баанїа твоего· и когда оулирает чл҃къ ничтоже не можеши помощи емꙋ· что помагаеть колиа връвцы конопные. или свѣтилище· или чрьночрѣныи ножь· или ина нѣкаа дѣанїа иже творите бѣсωвскаа да помагають болещомꙋ. бѣсь хощеⷮ да твореⷮ чл҃цы и да вѣроують вь сїа, и мнωжицею мнит сѧ ꙗко творить врачеванїе болѣщїимь. и хощеши рещи. что зло творꙋ егда врачꙋю и баю· азь именемь хв҃ѣмь и пр҃чтые· и ст҃ыхь врачевѣ. и инѣхь ст҃хь имена принашаю вь басънь. не потрѣбны ли соу'ть ст҃ыи; или имена ихь, егда хы принашаю тамо иже баю. слыши жено· рыбарь егда хощеⷮ пойти на море да ловиⷮ рыбы. не въмѣтаеть оудицꙋ нагꙋ вь море. понеже егда видить рыба железо наго бѣжиⷮ. сего ради не въмѣтають ю нагꙋ· нь вълагаюⷮ стрьвь вь оудицꙋ, ради да оулъстить рыбы. Тако е҆ и баснь. иже принашаеть имена ст҃ыхь. ради да прѣлъстить и оухитить чл҃кы. зане аще не бы принашала имена ст҃хь, не бы хотѣⷧ баснь никой хр҃тїанинь. непотрѣбно бω и бѣсωвско е҆ дѣло бааніе и хощꙋ рещи и мнωжайше сихь ради. нь еѵ҃лїе еще не исталькова̑ съвршеннѣ· и ча̑ прѣидѣ мнωгь· . . .

А еже мѵрѡ оно, бѣше съвъкупленно ѿ многые мирисбы. ѿ смирна. ѿ
цвѣтїе, ѿ кинамонѡ ѿ ирина· ѿ тръстїе благовонное. ѿ масла. ѿ таковое мѵрѡ,
ѡбьмириса въсѫ храмина она·, глаа, оу бѡ некто ѿ оученикь его, иоуда сїмѡ
скарїѡтьскь, иже хотѣше его прѣдати. почто ради сїе мѵрѡ не прода се тре-
мастома пенезма, и дати се нищїимь. ре же сїе, не ꙗко ѡ нищїихь печаашет ть,
нь ꙗко тать бѣ, и ковчежьць имый· и вълагемаа ношааше, сырѣчь прѣдатель
иоуда снь сїмонѡ иже бѣ ѿ село искариѡт· ꙗко видѣ марїа ꙗко пролїа мѵрѡ
на ноѕѣ гне ѡскръби се вънутрь себѣ, и рече· почто ради не прода се мѵрѡ
то ради триста сребрьницех· да пода его нищїимь. нь пролїа его на землы·
подолѣ еуглисть ꙗвлꙗеть вѣщи прѣдателеви иоудѣ, и глеть. нѣ ꙗко иоуда имѣ
попеченїе ради нищїихь, нъ ти ношаше кесе хво, и трудешес да възмѣть и
она, съ инами иже ношааше· ѡ оума поганаа и неблгочьстика. ничтоже тогово
не имѣ, тѫжа дръжааше· колика сребролюбїа ѡ поганць. колика безчлчїа
имѣ къ хѹ. не доклѣ ли емѹ елика имѣ; нь и ѡ марїино мѵрѡ оскрьби се.

Влијанието на народниот говор врз писмениот јазик е силно изразено во правно-административните текстови познати под името **грамоти.** Во грамотите обично се бележела имотната состојба на манастирите, а подоцна и имотната состојба на луѓето.

Меѓу првите грамоти се вбројува **Калимановата грамота** која датира од почетокот на XVI век и се чува во Зографскиот манастир на Света Гора. Според некои извори овој запис, всушност, е фалсификуван текст за да послужи како доказ дека некои имоти му припаѓаат на манастирот.

## КАЛИМАНОВА ГРАМОТА

И ѿ зде дадох и въ гра Сардакїа, ерѣчь глемы Софїа, и дах и мїтро-
полїа хра стгѡ великомнника Геѡргїа и стгѡ Николае, вше горе Маадни пазарь,
и тоу дах и к доуганы, Говѣжди пазарь· Кѵрь Ельчо, кѵрь Стоꙗнь сы да
настоꙗть, що приходит ѿ митрополїа и ѿ дѹганы, а оны що събѣрат, па да
носать оу монастирь.

И селѡ Челопѧчане, дадох, и тоу метох, и що приходить ѿ селѡ и ѿ
метох се оу монастирь да се пратитъ.

Іазь помисли[х] многѡ мѧсто дати моемꙋ мѡнастирꙋ, нь оубоіах се ѿ клıетва, занѡ бѣше прѣжде оуставѣно и запрѣтѧно ѿ сьборь ѿ сщенны патрі-арҳы и ѿ блгочтвіи црı, нь дадѡ[х] ӥ надворь местѡ, елико бгъ изволи. И по-велѣ[х] азь огради[т] местѡ Іѡанова Єелимова рѫка, на краи море на кладенець, воула стмꙋ Геѡргію; и ѿ тоува на лозіе Филипѡ на врь[х] на брьдѡ крть три бѧлегы, воула стмꙋ Геѡргію, и Пиминова, и Филипова; и ѿ тоува горѣ на големи поуть, и на въсточна страна на поуть горѣ камень, и тоу воула стмꙋ Геѡргію и Пиминꙋ; и тоува на поуть чрѣша Мѡусиѡва, та на Іѡань камара, и ѿ Иѡань камара по поуть, та на стари стльпь сырѣ пирѡ[г], и назадь мало на стрьмно мѧсто, и тоу воула оставиха; и ѿ тоува горѣ на врь[х] брьдѡ, и ѿ тоува дѡлѧ низ брьдо, где се дѣли брьдо, и тоува крть; и ѿ здѣ низ долчина на голѧма река, та на водѣница стмꙋ Геѡргіа, и тꙋка та долѣ на море. Повѣла црка, злато пѧчатѧ. Іазь такѡ заповѣдаю, ıако[ж] ѡбрѣтѡ[х].

## ❐ Запомни!

Иако во периодот од XII до XVI век богослужбата се вршела на црковнословенски јазик, во неговата писмена форма навлегувале сè повеќе елементи од народниот јазик.

Ширењето на народниот јазик највпечатливо било во ракописите наречени дамаскини и грамоти.

## ❐ Провери ги своите знаења!

- На кој јазик се вршела богослужбата по црквите во Македонија во временскиот период од XII до XVI век?
- Што било карактеристично за јазикот во ракописите познати под името дамаскини?
- Што претставувале грамотите?

## ❐ Задача

- Организирајте дискусија на тема: **Јазикот жив систем.**

# ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА

**Фонетиката** е дел од науката за јазикот која ги проучува гласовите, нивното образување, изговорот и нивната поделба. Освен тоа, фонетиката го проучува и акцентот на зборовите.

Во зависност од кој аспект се проучува гласовниот систем на јазикот, фонетиката се дели на:

- **историска** (дијахрониска);
- **описна** (дескриптивна);
- **споредбена** (компаративна) и
- **експериментална**.

Во проучувањето на гласовното рамниште на јазикот, во нераскинлива врска со фонетиката е фонологијата.

Фонологијата го проучува гласот како посебен елемент во јазикот, односно ја проучува функцијата на гласот во општењето.

**Фонетиката и фонологијата** се сродни меѓу себе и се надополнуваат една со друга. Фонологијата, всушност, е функционална фонетика.

## ГЛАС И ФОНЕМА

### ГЛАС

*Глас е реален најмал елемент во јазикот, секој со свое особено звучење.*

*Блаже Конески*

Човекот, како најсовршено суштество, може да создаде многу гласови кои, главно, ги користи за да образува зборови. Нашиот стандарден јазичен систем го сочинуваат 31 глас кои при изговорот имаат различни нијанси што зависи од повеќе фактори: од местото на гласот во состав на зборот, од возраста и полот на говорителот, и во конкретниот случај  од неговото расположение и сл.

Секој од гласовите се бележи со посебен знак што се вика **буква**.

Во македонскиот литературен јазик има онолку букви колку што има и гласови, односно има 31 буква кои се подредени по следниов редослед:а, б, в, г, д, ѓ, е, ж, з, ѕ, и, ј, к, л, љ, м, н, њ, о, п, р, с, т, ќ, у, ф, х, ц, ч, џ, ш.

# ФОНЕМА

Нашиот јазичен систем дава можности да се образуваат безброј зборови. Така, на пример, со разместување на гласовите: о, т, к, л, е, можат да се образуваат следниве зборови: Коле, Толе, лек, лето, кол, тело, котел итн.

Не ретко зборовите во македонскиот јазик можат да се разликуваат меѓу себе само по еден глас. Но, токму тој глас на новиот збор му дава ново значење поинакво од значењето во претходниот збор.

***Спореди:***

| | | | |
|---|---|---|---|
| дол | село | брат | река-рака |
| сол | бело | брак | лага-лаѓа |
| зол | цело | бран | слива-слава |
| гол | тело | брав | крава-крива |
| пол | дело | Брач | забрзан-заврзан |

***Запомни!***

Фонетиката е дел од науката за јазикот која ги проучува образувањето и изговорот на гласовите, а фонологијата ја проучува нивната функција во јазикот.

Глас е најмал и понатаму неделив дел од зборот.

Фонема е глас кој со своето влијание овозможува зборовите да имаат различно значење.

Фонемите се најмали јазични елементи без сопствено значење што внесуваат разлики во значењето на зборовите.

***Провери ги своите знаења!***

- Што подразбираш под:
  а) фонетика,
  б) фонологија,
  в) глас и
  г) фонема?

***Задача***

- Образувај што повеќе зборови од следниве низи гласови:

  л, д, е, а, м, н

  о, п, а, с, е, т, л

# ПОДЕЛБА НА ГЛАСОВИТЕ

Во зависност од тоа дали при изговорот на гласовите воздушната струја слободно минува низ усната празнина или на тој пат таа наидува на пречки, сите гласови во македонскиот литературен јазик можат да се распоредат во две основни групи: **самогласки** (вокали) и **согласки** (консонанти).

## САМОГЛАСКИ (ВОКАЛИ)

Самогласки, односно вокали во македонскиот литературен јазик се следниве гласови: **а, е, и, о, у.**

Самогласките, односно вокалите се најзвучни гласови, бидејќи при нивниот изговор воздушната струја слободно минува низ усната празнина. Самогласките се слогообразувачки гласови, односно тие се носители на слоговите во зборот.

Во определени случаи слогообразувачка функција може да врши и гласот **р.**

Како самогласка (вокал) гласот **р** се јавува кога ќе се најде меѓу две согласки во зборот (трн, крт, срна, зрно, крв, брзина); кога ќе се најде во почетокот на зборот пред согласка, но тогаш се употребува, односно се пишува апостроф. (´рти, ´рж, ´ркулец, ´ржаница) и кога ќе се најде гласот **р** зад претставка (префикс). Примери: за´рти, за´ржи, по´ржи, загрме и др.

Во сите овие случаи гласот **р** е носител на слогот, а слог е цел збор или дел од зборот што се изговара со едно отворање на устата. Секој слог мора да има една самогласка, а може да има една до двe-три согласки.

## СОГЛАСКИ (КОНСОНАНТИ)

За разлика од самогласките, при изговорот на другите гласови воздушната струја минувајќи низ усната празнина наидува на пречки, па затоа тие гласови се помалку звучни од самогласките и се викаат **согласки** (консонанти).

И согласките, како и самогласките, се делат на групи и подгрупи.

## ПОДЕЛБА НА ГЛАСОВИТЕ

Врз основа на движењето и положбата на говорните органи при образувањето (артикулацијата), како и врз основа на разликите со треперењето на воздушната струја, гласовите во македонскиот јазик се делат на повеќе групи и подгрупи.

**Самогласки**

(а, е, и, о, у)

**Согласки**

( б, в, г, д, ѓ, ж, з, ѕ, ј, к, л, м, н, њ, п, р, с, т, ќ, ф, х, ц, ч, џ, ш)

**Според движењето на јазикот напред-назад**

- предни: е, и
- средни: а;
- задни: о, у.

**Според местото на образување**

- усни: б, п, м, в, ф;
- забновенечни: д, т,л, н, с, з, ц, ѕ;
- венечни: ж, ш, џ, ч, њ, р;
- тврдонепчени: ѓ, ќ, ј, њ;
- меконепчени: к, г, х.

**Според степенот на издигањето на јазикот**

- високи: и, у,;
- средни: е, о;
- ниски: а.

**Според видот на пречката при изговорот:**

- преградни: п, б, т, н, њ, к, г;
- теснински: с, з, ш, ж, в, ф, л, љ, ј, р, х;

преградно-теснински: ќ, ѓ, ч, џ, ѕ, ц.

**Според положбата на усните:**

- заокружени; о,у;
- незаокружени: е, и, о.

**Според треперењето или мирувањето на гласните жици:**

- звучни: б, в, г, д, ѓ, ж, з, ѕ, џ;
- пом. звучни: п, ф, к, т, ќ, ш, с, ц, ч, х;
- сонанти: р, л, љ, м, н, њ, ј.

### ❒ Запомни!

Гласовите при чие образување воздушната струја слободно минува низ усната празнина се викаат самогласки, а оние при чие образување воздушната струја наидува на пречки се викаат согласки. Самогласките имаат слоготворна функција. Во определени случаи слоготворна функција има и согласката **р**.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Од што зависи звучноста на гласовите во нашиот литературен јазик?
- Кои гласови се самогласки?
- Каква улога вршат самогласките во зборот?
- Во кои случаи согласката **р** има слоготворен карактер?
- Поткрепи го своето тврдење со неколку примери.

### ❒ Задача

- Во три колони класифицирај ги сонантите, звучните и незвучните согласки од оваа песна:

**СЛАВЕЈ**

Славејче мило, слаткопојно,
ти си птица над сите птици.
Ела, ќе ти сплетам кафез
од златни жици!

Мене ми е подобро во кафезот,
што зраците сончеви го плетат.
На крилјава мои простор им треба
слободно да летат!

Славејче мило, слаткопојно,
твојот глас е бисер зора кога руди.
Ела, песнава твоја сакам
наутро да ме буди.

*Глигор ПОПОВСКИ*

# ГЛАСОВНИ ПРОМЕНИ

Секој глас во јазикот претставува посебен елемент кој нема свое конкретно значење. Но, ако се групираат повеќе различни гласови, можат да образуваат поим што ќе има определено значење. Така, на пример, ако гласовите: м, о, с, т, се обединат во еден збор по редоследот што е посочен, го образуваат зборот **мост** кој има свое конкретно значење.

Често во низата гласови што влегуваат во состав на зборовите доаѓа до различни гласовни промени, меѓу кои и следниве: **едначење по звучност на согласките**, **обезвучување на согласките на крајот од зборот**, **редување на гласовите, испуштање на гласовите и сл.**

## ЕДНАЧЕЊЕ ПО ЗВУЧНОСТ НА СОГЛАСКИТЕ

Според звучноста сите согласки во нашиот јазик се делат на три групи:

– звучни;

– незвучни;

– сонанти.

На секоја звучна согласка ѝ одговара по една незвучна и обратно, а тоа значи дека врз основа на акустичките својства тие се групираат во парови. Од сите само согласката **х** нема свој звучен парник што може да се види од следнава табела:

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Звучни** | Б | В | Г | Д | Ѓ | Ж | З | Ѕ | Џ | (-) |
| **Незвучни** | П | Ф | К | Т | Ќ | Ш | С | Ц | Ч | Х |
| **Сонанти** | Р | Л | Љ | М | Н | Њ | Ј | | | |

### *Спореди:*

нож ножче > ношче;
леб лебче > лепче;
гост гостба > гозба.

Во првиот пример звучноста согласка **ж** пред незвучноста **ч** преминува во незвучна согласка **ш,** односно се изедначува по звучност.

Звучната согласка **б** во зборот леб пред незвучната **ч** преминува во незвучна согласка **п** итн.

Во последниот пример безвучната согласка **с** пред звучната согласка **б** преминува во звучна согласка **з**, односно се изедначува по звучност според втората согласка во зборот.

## ОБЕЗВУЧУВАЊЕ НА СОГЛАСКИТЕ НА КРАЈОТ ОД ЗБОРОТ

***Спореди:***

да**п** – да**б**от – да**б**ови;
ле**п** – ле**б**от – ле**б**ови;
бре**к** – бре**г**от – бре**г**ови;
ма**ш** – ма**ж**от – ма**ж**и;
ори**с** – ори**з**от – /;
во**с** – во**з**он – возо**ви**;
пра**к** – пра**г**ов – прагo**ви**;
стра**ф** – стра**в**от – стра**в**отии;
гра**ф** – гра**в**он – /;
уба**ф** - уба**ви** - уба**в**иот;
свирка**ф** - свирка**в**ме;
пр**ф** - пр**в**иот - пр**ви**.

Која согласка треба да стои на крајот на зборот најлесно ќе определиме ако ги членуваме или ако ги употребиме нивните форми за множина со што најлесно ќе дојдеме до јазичната вистина, односно реалноста. Со тоа со сигурност ќе знаеме дали ќе треба да се напише согласката **г** или **к, в** или **ф, б** или **п, з** или **с** итн.

***Запомни!***

На крајот од зборот се пишуваат звучни согласки, независно од тоа што се изговараат и се слушаат како незвучни.

Кај зборовите што завршуваат на **-ст**, **-шт**, **-жд**, и **-зд,** на крајот од зборот се пишуваат согласката **т**, односно **д** (лист, мост, шест, прст, цврст, дожд, грозд, глужд и др.).

## РЕДУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ

*Спореди:*

свидо**к** – сведо**ци**;
јуна**к** – јуна**ци**;
пото**к** – пото**ци**;
бра**т** – бра**ќ**а;
возду**х** – возду**ш**ен;
поло**г** – поло**зи**

Од приведениве примери се гледа дека при зборообразувањето, односно при формирањето на нови зборови се врши замена на еден глас со друг.

Ваква гласовна појава кога еден глас се заменува со друг се вика **редување**.

## ИСПУШТАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ

За македонскиот литературен јазик карактеристична е гласовната промена испуштање на гласови во зборот.

Примери:

лист – лисје;
петел – петли;
старец – старци;
ѕвонец – ѕвонци;
опинок – опинци.

Од примериве се гледа дека во формите за множина од именките што се приведени испуштени се гласовите: т, е, о. Тоа значи дека испуштање на гласови во множинска форма може да се врши и на согласки и на самогласки.

Оваа гласовна промена е карактеристична и за придавките.

*Спореди:*

бесен – бесни – бесна;
добар – добри – добра;
жеден – жедни – жедна;
празен – празни – празна;
гладен – гладни – гладна.

### Запомни!

За македонскиот литературен јазик карактеристични се следниве гласовни промени:

– едначење по звучност на согласките;
– обезвучување на согласките на крајот од зборот;
– редување на гласовите;
– испуштање на гласовите и др.

### Провери ги своите знаења!

- Што ќе се случи ако во зборот се најде звучна согласка пред незвучна и обратно?
- Што подразбираш под обезвучување на согласките на крајот од зборот?
- Која гласовна промена препознаваш во зборовите: јунаци, нозе, зајаци и др.?
- Објасни ја со свои зборови гласовната промена испуштање на гласовите.

### Задача

- Поправи ги грешките во следниве зборови каде што ги има и објасни на која гласовна промена ѝ припаѓа секој од тие зборови.

ѕидче, борци, рит, брек, грат, офца, чафка, леп, ѕит, снек.

# ПРАВОПИС И ПРАВОГОВОР

## ПРАВОПИС

Правописот е систем од јазични форми и интерпункциски знаци, како и законитости коишто треба да се почитуваат при културата на писменото изразување. Правописот на даден јазик мора да ги следи развојот и промените што се појавуваат низ текот на времето.

Првиот македонски правопис е излезен од печат на 7 јуни 1945 г. во издание на Државното книгоиздателство на Македонија. Тој правопис, иако е мал од 20 страници, е од голема важност за нашата национална култура. Поделен е на четири поглавја:

– Основни правописни правила;

– Преглед на формите;

– Употреба на голема буква;

– Интерпункција.

По пет години се појави второто издание под наслов:

Македонски правопис со правописен речник, во издание на Државното книгоиздателство на НР. Македонија – Скопје.

Автори се: Блаже Конески и Крум Тошев. Овој Правопис е со многу поголем број страници. Правописниот речник содржи над 6.000 зборови.

Во 1970 г. излезе од печат нов правопис под наслов:

Правопис на македонскиот литературен јазик во издание на Просветно дело – Скопје. Овој правопис го изработи Редакциски одбор во состав: Божо Видоески, Тодор Димитровски, Кирил Конески, Крум Тошев (претседател) и Рада Угринова-Скаловска. Правописот е поделен на следниве поглавја:

– Пишување на гласовите;
– Употреба на голема буква;
– Слеано и разделено пишување на зборовите;

– Пренесување на дел од зборот во друг ред;
– Скратеници и скратување на зборовите;
– Транскрипција на туѓите имиња;
– Интерпункција;
– Правописни знаци;
– Правописен речник.

Правописниот речник содржи 455 страници.

Истиот правопис од 1998 г. со истиот Редакциски одбор и од истата издавачка куќа го сретнуваме во ново современо руво со над 170 страници, составен од единаесет поглавја. Правописот нуди и убави јазични норми коишто се во духот на нашиот современ литературен јазик и треба да се почитуваат при културата на писменото изразување.

## ПРАВОГОВОР

Поимот правоговор ја опфаќа говорната страна на литературниот јазик, односно правилниот изговор на гласовите. Македонскиот литературен јазик има фонетски карактер. Правоговорот е дел од фонетиката што го проучува правилниот изговор на гласовите и на зборовите во литературниот јазик.

Правописот и правоговорот се во непосредна врска и тие еден со друг се надополнуваат.

## ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА Ј

Во писменото изразување често грешиме при употребата на оваа согласка. За да ги избегнеме правописните грешки при употребата на оваа согласка, треба да ги почитуваме следниве правила:

1. **ј** не се пишува во почетокот на зборот пред самогласката **е**.

*Примери:* еж, есен, елен, Елена, езеро, еден и сл.

Ова правило не важи во случаите кога зборовите се туѓи имиња. Така ќе се напише: Јемен, Јена, јереј и сл.;

2. Согласката ј не се пишува во средината на зборот помеѓу две самогласки, ако втората од нив е самогласката **е** или **и**.

*Примери*: Сараево, Влае, ткае, чмае, пее, сее, шие, тие, оние, мое, твое, поет, блуе, чуе, каиш, снаи, краишта, музеи, славеи, броеви, змии, кајсии, мои, твои, бои, буи, струи итн.;

3. Согласката **ј** редовно се пишува помеѓу самогласките **и** и **а**.

*Примери*: историја, географија, биологија, Македонија, Италија, змија, судија, кајсија, гимназија, Илија, Марија итн.

Исклучок од ова правило е зборот триаголник и сите форми изведени од овој збор, како и зборовите: антиафрикански, иако антиамерикански и сл., но тие се од подруг тип зборови;

**ј** се пишува и во формата за обраќање од овие именки (Македонијо, Маријо, змијо, судијо и сл.);

4. Согласката **ј** се пишува и кај именките што се образуваат од глаголи, а завршуваат на наставката **-јач.**

*Примери*: сејач, пејач, ткајач, бајач и сл.;

5. **ј** не се пишува пред наставките **-ски, -ство и -ствен**.

*Примери*: историски, партиски, околиски, убиство, убиствен и сл.;

6. Кога во зборот ќе се најдат три самогласки една до друга, меѓу последните две се пишува **-ј**.

*Примери:* пееја, жнееја, знаеја, траеја, чмаеја, ткаеја итн.;

7. Согласката **-ј** се пишува на крајот од зборот во формите за еднина кај некои зборови.

*Примери:* порој, повој, сарај, осој, присој, некој, кој, никој, мој, свој, секој итн.

Меѓутоа, во формата за множина од овие зборови се пишува **-и** (порои, повои, сараи, осои, присои, некои, кои, никои, мои, свои, секои итн.);

8. Согласката **ј** се пишува во наставката **-јќи**.

*Примери:* читајќи, одејќи, носејќи, копајќи, јадејќи, гледајќи, свирејќи итн.;

9. Согласката **ј** се пишува и кај глаголите со коишто се искажува заповед, а нивниот општ дел завршува на **и**.

*Примери:* пиј – пијте, триј – тријте, шиј – шијте и сл.;

10. Формата за трето лице еднина од помошниот глагол **сум** се пишува без **ј**.

*На пример:*

Тој е ученик.
Денеска времето е убаво.

**❒ Задача**

● Прочитај ги овие реченици:

1. Кога ќе заврши учебната година, ќе одам на летување на едно од нашите језера.

2. Од сите предмети најмногу ме привлекува историата.

3. Вчера добив писмо од непознато другарче од Сарајево.

4. Некоји ученици неодговорно се однесуваат спрема училишниот инвентар.

5. Тије оштетувајќи го инвентарот си нанесуваат зло и себеси.

6. Татко ми је пеач на забавни мелодии.

7. Марко је одговорен за историјскиот кружок.

8. Жетварите го жнејат зрелото жито.

9. Играќи Трајче си го удри коленото.

10. Не вознемируваj ме, змио, главата ќе ти ја смачкам со каменов.

● Како што забележуваш, во некои зборови од овие реченици недостасува согласката **j**, а во други зборови таа согласка е непотребно употребена. Таму каде што недостасува, додај ја, а каде што е непотребно употребена, прецртај ја.

## ПРАВОПИС НА СОГЛАСКИТЕ Л, Љ

Во нашиот современ јазик согласката **љ** се пишува во следниве случаи:

– Пред самогласките **а, о, у**: љубов, љубомора, љубител, Љупчо, Љубојно, виљушка, Суљо, Кољо, пљачка, пљачкосува, беља и др.

– Согласката **љ** се употребува во средината на зборот пред друга согласка, како и на крајот од зборот: фељтон, бољме, биљбиљ, детаљ, тељ и др.

– Согласката **љ** не се пишува пред самогласките **е** и **и**: лето, млеко, лево, лице, поле, дели, ливада, слика, колиба итн.

– Согласката **љ** не се пишува и пред согласката **j**: билје, крилја, релјеф, илјада, Смилјана, Билјана, Велјан, лилјак, полјак, волја и др.

### ❒ Провери ги своите знаења

- Во кои случаи се пишуваат:
  а) Согласката **j**
  б) Согласките **л** и **љ**?

### ❒ Задача

- Пронајди ги и прочитај ги песните: „Голапче“, „На Велигден“, “Шупељка“ и „Скрсти“ од Константин Миладинов, а потоа донеси заклучоци во врска со правописот на согласките **л** и **љ**.

## ПРАВОПИС НА СОГЛАСКИТЕ: Ќ, Ѓ

Гласовите **ќ** и **ѓ** имаат помек изговор од тврдите гласови **к** и **г** и затоа меѓу нив треба да правиме разлика. Повеќе ученици во изговорот и при пишувањето ги заменуваат гласовите **ќ** и **ѓ** со **к** и **г**, а честопати и со гласовите **ч** и **џ**.

*Примери:*ноќ (нок, ноч), ќос (кос, чос), цвеќе (цвеке, цвече), ѓеврек (геврек – џеврек), ѓезве (гезве – џезве), луѓе (луге – луџе) итн.

Поради ваквите грешки во изговорот и правописот при употребата на согласките **ќ** и **ѓ** треба да внимаваме на следниве моменти:

Согласката **ќ** се изговара и се пишува во следниве случаи:

1. Во почетокот на зборовите: Ќамил, Ќазим, ќебе, ќерка, ќесе, ќерамида, ќос, ќор, ќуп, ќумур и др.

2. Пред самогласката **и** се пишува согласката **к**, а не **ќ**.

Примери: кибрит, килим, Киро, кино и сл.

3. **ќ** се пишува во зборчето **ќе** што служи за образување на идно време: ќе пишувам, ќе читам, ќе пее, ќе оди и сл.

4. **ќ** се пишува во средината кај следниве зборови: вреќа, куќа, домаќин, среќа, свеќа, цвеќе, плеќи, леќа итн.

5. Во наставката **–јќи** се пишува **ќ** (читајќи, трчајќи, работејќи, одејќи, плетејќи, пеејќи итн.)

6. **ќ** се пишува на крајот од овие зборови: спанаќ, мустаќ, бубаќ, ноќ, моќ, полноќ и други.

Согласката ѓ се изговара и се пишува во следниве случаи:

1. Во почетокот на зборовите: ѓавол, ѓеврек, ѓезве, ѓон, Ѓорѓи, Ѓорче, Ѓошо, Ѓуро, ѓуле, ѓувеч, ѓубре и др.

2. Во средината на зборовите: лаѓа, меѓа, веѓа, преѓа, калуѓер, луѓе, туѓина итн., но во зборовите Ангелина, Германија, Гевгелија, генерал и други се пишува г.

3. Во именки што означуваат нешто на збир: ливада – ливаѓе, ограда – ограѓе, грамада – грамаѓе итн.

4. Кај некои глаголи: поаѓа, наоѓа, заоѓа и сл.

5. Во формата за множина од именката човек –луѓе.

6. Во именките што означуваат жители на некое место, чиешто име завршува на **д**.

*На пример:* Охрид – охриѓанец, Белград – белграѓанец, град – граѓанец итн.

***❒ Задача***

● Со согласките **ќ** и **ѓ,** односно **к** и **г**, дополни ги изоставените букви во овие зборови:

ме__а, ве__а, __ев__елија, ___ерманец, Кана__анец, охри__анец, ту__ина, сва__а, сре__а, све__а, немо__ен, муста__и, спана__. но__, __езве, Ан__еле, __енерал, __ибрит, __илим, __уле, __он, Ан__елина, _-ираџија, доа__а, играј__и, бегај__и, носеј__и, калу__ер, ше__ер, __илибар, пре__а, __ерка, вре__а, __еврек, _-ерманија, гра__анец, __авол, цве__е, __ирил.

## ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА Џ

Гласот **џ** во нашиот јазик се јавува во ограничен број зборови. Такви се **џ**ам, **џ**амија, **џ**еб, **џ**унгла, в**џ**ашен, **џ**умка, **џ**амбаз, **џ**игер, **џ**у**џ**е, **џ**ип, **џ**ин и др.

Согласката **џ** се добила од согласката **ж.**

*Примери*: **џ**вака – **ж**вака, в**џ**ашен – в**ж**ашен, **џ**ган – **ж**ган, **џ**врка – **ж**врка и др.

Во некои зборови гласот **џ** се среќава место гласот **ч** (ли**џ**ба, ср**џ**ба, нара**џ**ба и др.)

Буквата **џ** редовно се јавува во наставката (суфиксот) **–џија** која има турско потекло.

Примери: ан**џ**ија, боја**џ**ија, аир**џ**ија, сеир**џ**ија, самар**џ**ија, атер**џ**ија и др.)

## ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА Ѕ

Согласката **ѕ** во македонскиот литературен јазик се пишува во следниве случаи:

1. Во почетокот на зборот пред некоја самогласка или пред согласките **в** и **р**.

*Примери:* Ѕаnа, Ѕока, ѕевгар, ѕенѕер, ѕид, ѕирка, Ѕоѕе, ѕури, ѕвиска, ѕвер, ѕвонец, ѕрцала, ѕрцки и др.

2. Во средината на зборот зад согласката **н**.

*Примери*: ганѕало, јанѕа, се ганѕа, ѕенѕер и сл.

3. Согласката **ѕ** не се пишува на крајот од ниеден збор.

4. Во формата за множина од именките: полог, белег, нога, ковчег, солза и други се пишува согласката **з**, а не **ѕ** (полози, белези, нозе, ковчези, солзи).

5. Исто така **з** се пишува во зборовите: езеро, бензин, бронза и други.

## ПРАВОПИС НА СОГЛАСКИТЕ В, Ф

Кога зборуваме за правописот на согласките **в** и **ф**, треба да истакнеме дека овие две согласки во народните говори често се мешаат: таму каде што треба да ја употребиме согласката **в**, ја изговараме или пишуваме согласката **ф** и обратно. Но, ваквиот правоговор и правопис е во спротивност со барањата на литературниот јазик. Поради тоа треба да внимаваме на следниве моменти:

1. Согласката **в** се пишува меѓу две самогласки во следниве зборови: човек, бивол, ѓавол, ластовица, суровица, татковина, Кичево, Крушево, Тетово итн.

Погрешно е да се пишува согласката **в** во овие зборови: снава, стрева, това, бева, рекова, дојдова, седнава, прашава, отидова и сл.

2. Согласката **в** се пишува кај именките коишто образуваат множина со наставките **–ови** и **–еви**.

*Примери*: брегови, столови, ридови, долови, ножеви, слоеви, броеви, краеви и сл.

3. Кај некои зборови при изговорот се слуша **ф**, но се пишува **в**.

Така на пример, изговараме: офца, чафка, страф, дојдоф, седнаф, итн., но редовно во овие зборови се пишува согласката **в**: овца, чавка, страв, дојдов, седнав итн.

4. Согласката **ф** ја пишуваме на местото од некогашната група **хв** кај некои глаголи: фрла, фали, фрка и др.

5. Оваа согласка ја пишуваме и во туѓи зборови коишто навлегле во нашиот литературен јазик.

*Примери:* филџан, кафе, фустан, кафез, фабрика, фурна и др., како и во лични имиња што не се од наше потекло (Филип, Никифор, Серафим и др.)

***Задача***

- Прочитај ја внимателно народнава приказна

## ОФЧАРОТ И МАГАРЕТО

... Му кажа офчарот на магарето дека офците не биле задоволни од него, па го праша што мисли това за чоекот.

Откога го ислуша магарето офчарот, си ја завртело главата и му рекло:

– Слушај ваму, офчарко, лели, за прао ме прашаш и јас прао ќе ти кажам. Кај вас, луѓето, нема милост. Види ме мене. Стопанот овде ме врза уште од темни зори кај што нема ни едно коренче трева; умреф за јадење. Барем да ме врзеше во трњено, близу до патот, кај што има и праф – да си се потркалаф за да си ја почешаф саднава, што ми се отфори на плеќиве од носење тоари дури ја напраи куќата стопанот. А згора уште, многупати ме тепаше со суроица. Откога ги чу овие зборои од магарето, офчарот се увери оти това прао зборува, го одврза од тука и си отиде кај офците. Од тој ден ниф многу ги сакаше.

*Народна приказна*

Во многу зборови од овој извадок согласките **в** и **ф** се погрешно употребени. Поправи ги грешките со молив во боја.

## ИЗГОВОР И ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА Х

Оваа согласка во литературниот јазик, главно, ја среќаваме во туѓи именки. Примери: хала, хангар, Хавана, хектар, хигиена, Хелсинки, химна, Хималаи, хор, хотел. Но и во повеќе зборови од словенско потекло (храброст, воздух, успех, слух и сл.).

Согласката **х** не се изговара и не се пишува во почетокот кај следниве зборови: леб, ајдук, арно, итно, убаво, убавина и слично).

Исто така погрешно е да ја пишуваме согласката **х** на местото од **в** на крајот во следниве зборови: страв, прав, бев, дојдов, видов, чув итн., а не: страх, прах, бех, дојдох, видох, чух итн.

### ❐ *Задачи:*

- Препиши ја на литературен јазик оваа песна:

### *ГОЛАПЧЕ*

Голапче мало хубаво, голапче златокрилесто,
Кога ти дојде при мене? И кога вчасот побегна?
Ушче ја глас ти не слушнаф: ушче те харно не видоф.
Дан ми се, мило, наљути? Дан´ ми се, добро насрди!
Зашч´ не ти хубост пофалиф, зашч´ не ти крилја помазниф?

Ела ми мило ела ми, ела ми сега при мене,
Ја ќе ти хубос пофалам, ја ќе ти крилја помазнам,
Ја ќе те тебе назобам сѐ со дробнаго бисера,
Ја ќе те чува секога, мое ми  мило, в пазува.

*Константин МИЛАДИНОВ*

- Во следниве реченици се сретнуваат повеќе зборови напишани со јазични недоследности. Поправи ги грешките!

1. Вчера добиф писмо од Сарајево.
2. Некоји ученици дојдоја со задоцнувајне.
3. Марио, харно што те видоф.
4. На нивата имаше неизврзани полоѕи.
5. Ќиро, мојот близок приател, дојде од Ѓерманиа и одмах замина за Ѓевѓелиа.
6. На улица во тој жган, беше и Љиљана целата вжашена во лицето.
7. На сфатбата имаше многу сеичии.
8. От пусти страх, избегах и дојдох тука.
9. На бензиска немаше бензин.
10. Во фторникот и фчера истрчаф прф.

# УДВОЕНИ СОГЛАСКИ

При писменото искажување на нашите мисли, честопати, погрешно ги пишуваме зборовите во кои има удвоени согласки. Таму каде што треба да напишеме две исти согласки во зборот една до друга, ја пишуваме само едната од нив. За да ги избегнеме правописните грешки од ваков карактер, треба да го знаеме следново:

а) Во зборовите што се образуваат со префиксите (претставките) **од**, **над** и **под** согласките **д** и **т** се пишуваат удвоено.

*На пример:* одделение, одделено, оддесно, оддаде, оддолжи, наддаде, наддели, поддаде, поддувна итн.

оттаму, оттогаш, оттука, наттрча, поттикна, потточки итн.

б) Кај именките од женски род што завршуваат на согласката **т** а пред неа имаат **е**, **о** или слоговно **р** во членуваната форма се пишува удвоено **т**.

*На пример:* пролетта, смртта, потта и сл.

Но: честа, маста, радоста и сл.

в) Удвоено **т** се пишува и во членуваната форма на броевите што завршуваат на согласката **т**.

*На пример:* петте, деветте, тринаесетте, дваесетте итн.

Исклучок од ова прави бројот шест.

г) Бројните придавки што завршуваат на согласката **т**, во членуваната форма, исто така, се пишуваат со удвоено **т**.

*На пример:* петтата, деветтиот, десеттото, дванаесеттата, деветнаесеттата итн.

Бројната придавка образувана од бројот шест во членуваната форма се пишува со едно **т**: шестиот, шестата, шестото.

д) Удвоено се пишуваат согласките **з** и **с** во зборовите што се образувани со префиксите: без, из и раз.

*На пример:* беззабен, беззаконитост, беззаштитен и др., но зборовите: безвучен, безначаен и безболен се пишуваат со едно **з**.

бессилен, бессовесен, бессоница и др., но зборовите: бесмртен и бесмислен се пишуваат со едно **с**.

иззавитка, иззакрпи, иззалепи, иззоба итн.

раззелени, раззна, раззема итн.

ѓ) Описните (квалитативни) придавки што започнуваат со согласката **ј** во формата за суперлатив се пишуваат со двојно **ј**.

*На пример:* најјак, најјасен, најјадер, најјужен и сл.

е) Удвоено **л** се пишува само во неколку зборови.

*На пример:* каллив, јамболлија и др.

ж) Удвоено **м** се пишува кај именките изведени од броевите седум и осум: седуммина, осуммина.

❒ ***Задача***

● Поправи ги грешките во овие зборови: беземјен, бесемен, одалеку, отури, петата, најак, бессмртен, натрча, живота, изакачи, разори, осумина.

## СЛЕАНО И РАЗДЕЛЕНО ПИШУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

Често два или повеќе одделни зборови образуваат еден нов збор. Така, на пример, од двете именки стих и творба се образува една, односно именката стихотворба; од именките машина и возач се образува именката машиновозач; од бројот два и именката цевка се образува зборот двоцевка; од придавката долг и именката нога се образува придавката долгоног; од двете заменки се и нешто, се образува една – сенешто итн.

Како што се гледа од примериве, кога два или повеќе одделни зборови сраснуваат во еден, тие најчесто го менуваат своето основно значење и добиваат ново, посебно значење. Затоа се пишуваат како еден збор.

Но, ако таа врска при сраснувањето на повеќето зборови во еден не е така тесна, односно ако тоа сраснување на повеќето зборови во еден не е извршено докрај, тогаш одделните зборови еден со друг се поврзуваат со цртичка. На пример.: сол-пипер, сода-вода и сл.

Ако, пак, во процесот на сраснувањето на повеќето зборови во еден секој збор го задржува своето основно (првобитно) значење, односно ако секој збор стане самостоен, тогаш тие се пишуваат одделно. На пример: Мечкин Камен, Крива Паланка, дваесет и седум, татко ми, мајка ми и сл.

При писменото искажување, кога ги употребуваме, ваквите зборови, многупати грешиме.

Затоа, запомни:

## *I. Слеано се пишуваат:*

1. Две именки што меѓу себе се сврзуваат со самогласките **о** или **е**.

*На пример:* стихотворба, баснописец, машиновозач, дрворед, очевидец и др.;

2. Две именки кои заедно означуваат имиња на празници.

*На пример:* Илинден, Митровден, Петровден и др.;

3. Именките што започнуваат со компонентата пол– или полу–.

*На пример:* полноќ, полкило, полугодие, полувреме, полуостров, полукруг и др.;

4. Именките што започнуваат со компонентите: авио–, авто–, електро–, кино, космо–, радио–, микро–, фото– и др.

*На пример:* авиомеханичар, автопат, електроцентрала, кинопроектор, космодром, радиоемисија, микрофилм, фотоапарат итн.;

5. Именките на кои вториот дел им е компонентата -грам, -литар или -метар.

*На пример:* килограм, милиграм, децилитар, хектолитар, центиметар, километар и др.;

6. Именките на кои првиот дел им е број.

*На пример:* двоцевка, триаголник, четириаголник, едночинка, петденарка, стоногалка, осумкатница и др.

Вака се пишуваат и именките кај кои вториот дел е компонентата -годишнина.

*На пример:* десетгодишнина, дваесетгодишнина, стогодишнина и сл.

Но, овие именки можат да се напишат и вака: 10-годишнина, 20-годишнина, 100-годишнина и сл.;

7. Придавките што меѓу себе се сврзуваат со самогласките **о** или **е**.

*На пример:* босоног, гологлав, малолетен, празноверен, сувомесен, чистокрвен, чистосрдечен, лицемерен, очевиден итн.;

8. Придавките на кои првиот дел им е компонентата пол– или полу–.

*На пример:* полугодишен, полчасовен, полугол, полугладен, полуписмен, полумртов и сл.;

9. Придавките на кои вториот дел од зборот им е компонентата: – годишен, –месечен, –неделен, –дневен, –часовен, –минутен и –вековен.

*На пример:* стогодишен, деветгодишен, шестмесечен, шестнеделен, десетдневен, едноминутен, десетчасовен, петвековен и сл.

Првиот дел од зборот кај овие придавки може да се напише и со број.

*На пример:* 100–годишен, 9–годишен, 6–месечен, 6–неделен и сл.;

10. Придавките кај кои првиот дел е заменска форма.

*На пример:* секојдневен, сеопшт, семожен и сл.;

11. Придавките на кои првиот дел им е прилог.

*На пример*: многустран, разностран, неколкучасовен, долупотпишан;

12. Броевите од единаесет до деветнаесет, потоа десетиците од дваесет до деведесет и стотиците од двесте до деветстотини.

*На пример:* тринаесет, осумдесет, четиристотини и сл.

Вака се пишуваат и бројните придавки што се образуваат од овие броеви.

*На пример:* тринаесетти, осумдесетти, четиристотен и сл.;

13. Прилозите на кои вториот дел им е компонентата пат или пати.

*На пример:* првпат, вторпат, третпат, двапати, трипати, десетпати, стопати и сл. Потоа: неколкупати, честопати, повеќепати итн.; но, ако со нив сакаме да нагласиме нешто посебно, се пишуваат разделено: прв пат, четири пати, неколку пати, често пати, повеќе пати итн.;

14. Сложените прилози се пишуваат слеано.

*На пример:* вчераутро, ланилето, едночудо, полулево, сеедно итн.;

15. Сложените прилози што започнуваат со предлог.

*На пример:* напладне, навечер, дотогаш, набрзо, дополу, бездруго, надалеку, одовде, отсега, подрака, попладне, прекутрупа и др.;

16. Зборот **не** што служи за одрекување кога е составен дел на именките и придавките и заедно со нив образува нов збор со посебно значење се пишува заедно.

*На пример:* невреме, недругар, непријателски, нечовек, нелуѓе, недоволен, невешт, нездрав, незрел, неискрен, невкусен итн.;

Кога овој збор (не) не влегува во состав на именката или придавката, се пишува одделно од нив.

*На пример:* Не пријател, туку брат ми е тој;

17. Зборот **не** во прилозите: некогаш, некаде, некако, некојпат, кај придавките: некаков, некогашен; кај заменките: некој, некоја, нечиј, нечија, некого и др.;

18. Елементите по и нај што служат за степенување на придавките.

*На пример:* повисок, највисок, потежок, најтежок, посмел, најсмел; кај прилозите: помалку, најмалку, попосле, најпосле, најпрво, понаваму, потаму, понатаму и сл.

## II. Со цртичка се поврзуваат:

1. Личните имиња пред или зад кои стои некој општ назив што служи како определба.

*На пример:* Аџи-Трајков, Насрадин-оџа, Арслан-бег и сл.;

2. Од две презимиња што доаѓаат кон личното име, второто се одделува со цртичка.

*На пример:* Кузман Јосифовски – Питу, Вера Циривири – Трена итн.;

3. Две именки што меѓу себе се дополнуваат и означуваат еден поим.

*На пример:* спомен-плоча, заменик-претседател, генерал-мајор, соло-пејач и др.;

4. Зборовите во кои вториот дел е компонента од туѓо или наше потекло.

*На пример:* волт-ампер, гас-маска, пинг-понг, џез-музика; ампер-час, гама-зраци, темпера-бои и сл.;

5. Скратени изрази:

А-час (ампер-час), А-дур, Це-дур, А-витамин и сл.;

6. Некои придавки што го задржале своето основно значење и можат да стојат самостојно поврзани со сврзникот и.

*На пример:* прилепско-битолски (крај), француско-македонски (речник), просветно-културен (живот) и др.;

7. Броевите со кои е означена приближна бројност.

*На пример:* три-четири, седум-осум, седум-осумдесет и сл.;

8. Заменките: кој-годе, која-годе, што-годе, каков-годе и др.;

9. Прилозите: кај-годе, кога-годе, како-годе, негде-годе, криво-лево, нагоре-надолу, горе-долу, згора-згора, брзо-брзо и сл.

## III. Разделено се пишуваат:

1. Географските имиња што се составени од два или повеќе зборови, а секој од нив го задржал своето основно значење.

*На пример:* Шар Планина, Црна Гора, Овче Поле, Мечкин Камен, Крива Паланка, Јужна Америка итн.;

2. Броевите од дваесет нагоре што се поврзуваат меѓу себе со сврзникот **и**.

*На пример:* дваесет и седум, педесет и пет, осумстотини триесет и четири, деветстотини деведесет и девет итн.;

Вака се пишуваат и бројните придавки.

*На пример:* дваесет и седми, педесет и петти, осумстотини триесет и четврти, деветстотини деведесет и деветти итн.;

3. Кратките заменски форми кога стојат зад именки што значат сродство.

*На пример:* татко ми, мајка ти, сестра ѝ, брат му, чичко им итн.;

4. Негацијата не кога се употребува пред глаголи во одречна форма.

*На пример:* не пишува, не вика, не јаде, не зборува и др.

Заедно се пишува само со овие три глаголи: нејќе, нема и немој.

5. Поздравите што содржат два или повеќе зборови.

*На пример:* добро утро, добар ден, добро вечер, добра ноќ, добре дојде, добро те најдов, со здравје итн.

### ❒ Задачи

● Со свои примери пополни ги колоните според поставените барања:

| Зборови што се пишуваат слеано | Зборови што се поврзуваат со цртичка | Зборови што се пишуваат разделено |
|---|---|---|
| | | |

- Во следниов текст поправи ги грешките:

Татко ми, порано, пред да се зафати со фото графија, беше авијо механичар во во аеро клубот во Скопје. Од Божиќ до Велик ден тој се занимава со фото графирање на сите поважни места во нај-големиот град во Македонија, нашето ни Скопје кое што си го сакаме нај многу на светот. Не дека нема други подобри градови, ама тој е мојот роден град и навистина неможам а да неречам дека нај многу го сакам. Сврти се на лево, сврти се на десно, само убавини гледаш – театри, кино сали, мостови, пет, шест навистина важни градби за еден град. Кале, Битпазар, телевизијата... На вистина, нај многу си го сакам градот, а сигурен сум дека има пет мина од моето одделение који мислат како мене. Не сакајќи да ви здодевам со моево воодушевување, ќе кажам само два три збора. Тешко ми паѓа пишувањето. Никогаш не сум на чисто – како треба да напишам некој збор. Ќе треба да си купам правопис!

## ДЕЛЕЊЕ НА ЗБОРОТ ОД КРАЈОТ НА РЕДОТ

Не ретко, кога пишуваме, последниот збор во редот не го собира целиот да го напишеме и во такви случаи еден дел може да се пренесе во следниот ред, при што треба да се почитуваат определени правила.

Делењето се означува со - (мала цртичка), која се пишува зад првиот дел од зборот. Таа цртичка е правописен знак. При такви случаи тоа не смее да се врши механички, туку тоа се врши врз основа на утврдени правописни правила, кои треба да се почитуваат.

– Никогаш не се остава, ниту се пренесува една или две согласки: пла-нина (не е правилно: п-ланина), хеми-ја (не е правилно: хем-ија), Еле-на (не е правилно: Елен-а);

– Еднoсложните зборови никогаш не се делат: нож, дожд, збор, ´рж, кол, дол, вол и др.

Истите зборови кога ќе се членуваат, тогаш може да се пренесе дел од тој збор: но-жот, дож-дот, збо-ров, до-лот, ´рж-та итн.

– Ако во зборот се најдат две самогласки една до друга, тие се одделуваат една од друга: зна-еја ви-улица, ши-еја и сл. Но, ако двете

самогласки се наоѓаат на крајот на зборот, тие не се разделуваат една од друга:

доj-доа, вле-гоа, рип-наа и др.;

– Ако се најдат во зборот две согласки една до друга, тогаш тие се разделуваат една од друга:

чев-лар, мач-ка, страш-но, браш-но, лаж-но и сл.

Во врска со ова правило Правописот дозволува и отстапување, па затоа во практиката се сретнува и вакво пренесување: ма-ска, гу-ска, про-ста итн.

– Зборовите што завршуваат на наставките (суфиксите):- ство, -ски, и -ствен, не се пренесуваат, односно тие суфикси не се разделуваат, туку целосно се пренесуваат во следниот ред: бег-ство, брат-ство, гимнази-ски, един-ствен, суште-ство, Миле-ски и др.

– Сложените зборови можат да се пренесуваат на нивните суштествени делови: вино-жито, југо-запад, полу-мрак, против-услуга и др.

– Кај зборовите што започнуваат со претставка (префикс)тој дел од зборот не се дели, туку претставката останува на едниот ред: прет-пладне, на-пладне, воз-буда, воз-дух и др.

### ❐ Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!

Во Правописот на македонскиот литературен јазик на стр. 63 прошири ги твоите знаења и настојувај да дојдеш до свои заклучоци.

### ❐ Запомни!

При пренесувањето на дел од зборот во друг ред пред сè се раководиме од природното делење на зборовите на слогови.

### ❐ Задача

- Во вашиот клас, организирајте заедничка дискусија за техниката и влијанието на компјутерот во пренесувањето на зборовите од еден ред во друг.

# УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА БУКВА

Во културата на писменото изразување задолжително е познавањето на употребата на голема буква што е посебно регулирано со Правописот на македонскиот литературен јазик. Според тоа голема буква се употребува во следниве случаи:

– Секој текст и првиот збор во новата реченица започнува со голема буква;

– Со почетна голема буква започнува реченица што следува по две точки, ако е тоа директен говор.

*Пример:* Николина кога дојде од училиште на својата мајка ѝ рече: „Мамо, в петок сите ученици ќе одиме на излет во Катлановски Бањи“;

– Посвојните придавки изведени од лични имиња и презимиња: Стојанов, Петров, Митрев, Милкин и др.;

– Независно каде се наоѓаат во реченицата секогаш со почетна голема буква се пишуваат: имиња на лица, презимиња, псевдоними, прекари, фамилијарни имиња, имиња на животни и сл.;

Насте, Весна, Крстевци, Левката, Пипин, Кусиот, Шарко, Брешко, Мурџо и сл;

– Кај географските и топографските имиња што се составени од два или три збора секој збор се пишува со почетна голема буква: Охридско Езеро, Скопска Црна Гора, Црна Река, Македонски Брод и сл.;

– Жителите на континенти, земји, држави, покраини, области, како и припадниците на племиња, народи и етнички племиња се пишуваат со почетна голема буква: Европеец, Македонец, Тиквешанец, Поречанец, Албанец, Бугарин, Србин, Влав, Мијак, Ромка, Египетец и сл.;

– Имињата на списанија, весници, наслови на книги, написи, закони, историски настани, војни, востанија и сл. се пишуваат со почетна голема буква: Дневник, Утрински весник, Мостот на Дрина, Нечиста крв, Закон за средно образование, Прва светска војна, Илинденско востание;

– Со почетна голема буква се пишуваат имињата на разни објекти, установи, манифестации, празници и улици: Камени мост, Судска палата, Филозофски факултет, Струшки вечери на поезијата, Велигден, Божиќ, Петровден, ул. „Дане Крапчев“ итн.;

– Скратеници на земји, организации и сл. се пишуваат со голема почетна буква: РМ (Република Македонија), МПЦ (Македонска православна црква), ООН (Организација на обединетите нации) и др.

# СКРАТЕНИЦИ И СКРАТУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

Скратеници и скратување на одделни зборови се прави на повеќе начини меѓу кои и следниве:

– Претставување на зборот само преку неговата почетна буква:

с. – село
г. – град, година, господин
л. – лице
м.р. – машки род
ж.р. – женски род
с.р. – своерачно
о.м. – овој месец итн.;

Некои скратеници од овој вид треба да се пишуваат со големи букви:

М.П. – место за печат
В.П. – воена пошта и сл.;

– Скратување на зборовите до првиот слог, односно до согласката со која започнува вториот слог:

гим. – гимназија
ден. – денар
год. – година
едн. – еднина
ул. – улица
физ. – физика
хем. – хемија итн.;

– Скратување на зборовите до вториот слог, односно до согласката со која започнува третиот слог на зборот:

литер. – литература
гимназ. – гимназија
грамат. – граматика;

– За обележување на мерките на метричкиот систем, како и на другите мерки и големини, се користат следниве скратеници:

м. – метар
г. – грам

кг. – килограм
л. – литар и сл.

Но, мерките на метричкиот систем и на другите мерки и големини можат да се означат и со скратениците што имаат меѓународен карактер:

l – литар
m – метар
g – грам
kg – килограм

– Скратување на зборовите е можно и преку поврзување на првата и последната буква од зборот или првата буква и последниот слог од зборот:

г-н – господин
д-р – доктор
м-р – магистер
г-ца – госпоѓица
г-ѓа – госпоѓа итн.

Со обележување на почетните букви на зборовите што влегуваат во состав на сложени називи се добиваат посебен тип скратеници:

АРМ – Армија на Република Македонија
МНТ – Македонски народен театар
МАНУ – Македонска академија на науките и уметностите.
ДПМ – Друштво на писателите на Македонија и др.

– Скратениците од туѓите јазици ги прифаќаме како такви, односно во иста форма, но ги предаваме со нашето писмо:

ФИФА
УНЕСКО
УНИЦЕФ и сл.

***❒ Запомни!***

Скратување на зборовите се прави на разни начини: само со првата буква на зборот, до вториот слог на зборот, со поврзување на првата и последната буква, односно последниот слог на зборот и сл.

Скратениците од туѓите јазици ги предаваме со нашето писмо.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Како сè можат да се скратуваат зборовите?
- Како се обележуваат мерките на метричкиот систем и на другите мерки и големини?
- Како се врши скратување на зборовите во состав на сложените називи?
- Како ги предаваме скратениците од туѓите јазици?

### ❒ Задачи

- Објасни што значат следниве скратеници:

бр., г., г-ѓа, сл., едн., ж.р., САД, НУБ, ПТТ, АСНОМ, ул., итн.

- Направи скратеници од следниве зборови, односно називи:

Сојуз на синдикатите на Македонија ______________________

Организација на обединетите нации ______________________

Скопје ______________________

место за печат ______________________

доктор ______________________

милиграм ______________________

десилитар ______________________

# ТРАНСКРИПЦИЈА НА ТУЃИТЕ ИМИЊА

Терминот транскрипција (transsriptio) води потекло од латинскиот јазик и значи препишување, односно предавање на туѓите имиња.

Во македонскиот јазик, како впрочем и во многу други јазици, има потреба од предавање на многу туѓи имиња. Во Правописот на македонскиот литературен јазик строго се прецизирани правилата за транскрипција на туѓите имиња.

Транскрипцијата се врши со користење на нашето писмо, односно со знаците од нашата азбука.

## ТРАНСКРИПЦИЈА НА ИМИЊАТА ОД КЛАСИЧНИТЕ ЈАЗИЦИ

***❒ Спореди и извлечи заклучок!***

Cicero – Цицерон
Caesar – Цезар
Claudius – Клаудиј
Аурора – Аврора
Urania – Уранија
Italia – Италија
Sisyphus – Сизиф
Dionysis – Дионис.

## ТРАНСКРИПЦИЈА НА ИМИЊА ОД СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ

**Транскрипција на имиња од српскиот, односно хрватскиот јазик**

***❒ Спореди!***

Ђорђе – Ѓорѓе
Ђаково – Ѓаково
Ћосић – Ќосиќ
Ћопић – Ќопиќ

Јелена – Јелена
Јевта – Јевта
Јевтић – Јевтиќ
Јелица – Јелица
Јерко – Јерко

Но и:

Елена, Евто и сл.

Грујић – Грујиќ
Цвијић – Цвииќ
Радојица – Радоица

Цвијетин – Цвиетин
Крајина – Краина

Радоје – Радое
Видоје – Видое
Станоје – Станое

Милоје – Милое
Миливоје – Миливое
Радивоје – Радивое

Љерка – Лерка
Краљево – Кралево
Косово Поље – Косово Поле

Мљет – Млет
Ваљево – Валево
Васиљевиќ – Василевиќ

Биље – Билје
Хомоље – Хомолје
Шкриље – Шкрилје

Ковиље – Ковилје
Беље – Белје
Љиљана – Лилјана.

## Транскрипција на словенечки имиња

***Спореди:***

Jedlovnik – Једловник
Jenko – Јенко
Jesenice – Јесенице
Ljutomer – Љутомер
Crnomelj – Црномељ
Celje – Целје
Kranj – Крањ
*Župančič* – Жупанчич.

## Транскрипција на имиња од бугарскиот јазик

***Спореди и извлечи заклучок!***

Ви́лко – В΄лко
Кънчев – К΄нчев
Йордан – Јордан
Яанко – Јанко
Ясенов – Јасенов
Югов – Југов

Димитър – Димитар
Александър – Александар
Коралийчев – Коралијчев
Копривщица – Копривштица
Свищов – Свиштов
Любомир – Љубомир.

## Транскрипција на руски имиња

**Спореди и извлечи заклучок!**

Крилов – Крилов
Семен – Семјон
Ермитаж – Ермитаж
Гогол – Гогољ
Людмила – Људмила
Ван – Вања
Василии – Василиј

Рощин – Рошчин
Левин – Љовин
Еренбург – Еренбург
Колка – Кољка
Тан – Тања
Достоевскии – Достоевски

**Задача**

- Препиши (транскрибирај) ги со нашето писмо следниве туѓи имиња:

а) Имиња на градови и држави

Grenoble ____________________
Roma ____________________
Welington ____________________
Genova ____________________
Buckingham ____________________
Australia ____________________
Venezuela ____________________
Wales ____________________

б) Имиња на пејачи, пејачки, актери и спортисти

Steven Segall ____________________
Brad Pitt ____________________
Jennifer Lopez ____________________
Kylie Minogue ____________________
Robbie Williams ____________________
David Trezeguet ____________________

Britney Spears ____________________

Michael Jordan ____________________

Eddie Murphy ____________________

Venus Williams ____________________

Allen Iverson ____________________

в) Со помош на Правописот на македонскиот литературен јазик изврши транскрипција на следниве латински и грчки имиња:

Grenoble ____________________

Caesar ____________________

Medea ____________________

Horatius ____________________

Cicero ____________________

Aeneas ____________________

Xenophon ____________________

Euripides ____________________

Orpheus ____________________

Plutarchos ____________________

Claudius ____________________

Dionysus ____________________

# ИНТЕРПУНКЦИСКИ И ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ

Интерпункциските и правописните знаци се дел од нашето писмо што служат за да се означат речениците или нивните делови.

## ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ

### *ТОЧКА* ( . )

Интерпункцискиот знак точка се пишува во следниве случаи:

– На крајот од расказните реченици, независно од тоа дали тие се во потврдна или одречна форма: Со Томе брзо се спријателивме.

Тој денес не дојде кај мене.

– На крајот од речениците со кои се искажува блага заповед:

Позајми ми го пенкалото, те молам.

*Забелешка:* Зад наслови, зададени теми и сл. не се пишува знакот точка.

### *ЗАПИРКА* ( , )

Знакот запирка се пишува во следниве случаи:

– Кога нешто набројуваме: Во својата овошна градина дедо ми одгледува: **круши**, **јаболкници**, **сливи**, **кајсии**, **праски** и други овошни дрвја.

– За одделување на две или повеќе придавки што се однесуваат на иста именка: Во мигот кога ја здогледав, на **нејзиното мазно**, **бледо**, **загрижено** лице забележав две **мали**, **бистри** солзички.

– За одделување на апозицијата од другите делови на реченицата: Најдобриот песнопоец, **славејот**, одлета пред да ја слушнам неговата прекрасна песна.

– За одделување на називите, односно звањата, должностите и сл. кога стојат зад имињата на лица на кои се однесуваат: Никола Мартиновски, **сликар**; Славко Јаневски, **писател**; Мето Јовановски, **актер** итн.

– За одделување на извиците од другите делови на реченицата:

**Ах**, што нѐ снајде! **Оф**, колку ме боли главата!

Реченици една од друга се одделуваат со запирка во следниве случаи:

а) Кога се во независен однос и меѓу себе не се сврзани со сврзници: Тој стана рано, се изми, се облече, појадуваше и тргна на пазар.

б) За одделување на речениците со кои се искажуваат спротивни односи, односно дејства: Баба ми купи очила, но не ги употребува.

в) За одделување на речениците со кои се исклучува нешто од она што е искажано со претходната реченица: Изложбата ја посетивме сите, **само Милан не дојде.**

г) За одделување на речениците со кои се извлекува некаков заклучок од она што е кажано со претходната реченица: На небото се натрупале темни облаци, **веројатно скоро ќе има дожд.**

д) За одделување на речениците кои во составот на сложената реченица се во инверзија: **Пред да изгрее сонцето**, тргнав на пат.

ѓ) За одделување на некои видови зависни реченици (причинските, последичните, условните, допусните и др.) кога нивната врска со главната реченица е полабава: Беше толку гладен, што јадеше само леб. Очилава не ги користам, **бидејќи не ми одговараат**.

## ***ПРАШАЛНИК*** **( ? )**

Знакот **прашалник** се пишува во следниве случаи:

– Зад независни прашални реченици: **Кога дојде? Што носиш во торбата?**

– Зад прашални изрази или зборови: **Кога? Каде? Колку години?**

## ***ИЗВИЧНИК*** **( ! )**

**Извичник** се пишува во следниве случаи:

– Зад извични реченици: **Те сакам, татковино моја!**

– Зад реченици со кои се искажува построга заповед: **Веднаш напушти ја куќава моја!**

– Зад реченици со кои се искажува силна возбуда: **Што стори, несреќнику!**

– Зад извици со кои се искажуваат разни чувства или служат за подражавање на звуци, односно животински гласови: **Леле! Трас! Плас! Мјау! Кикиригу!**

## ***ДВЕ ТОЧКИ*** **( : )**

Знакот **две точки** се пишува:

– Пред зборови и изрази со кои нешто се набројува;

*На пример:* Македонија ја красат следниве реки: **Вардар**, **Црна Река**, **Брегалница, Пчиња, Радика** и др.

– Зад реченици по кои се наведуваат туѓи зборови;

Марко рече: **„Од ова брашно ќе направам многу вкусен бурек“.**

## ***НАВОДНИЦИ*** **( „ “ )**

Знакот **наводници** се пишува:

– На почетокот и на крајот од нечии зборови кога тие се наведуваат точно како што се кажани или напишани:

**„Убава книга прочитав“**, се пофали Јован пред своите другари во класот.

– Во наводници се ставаат зборови или изрази со што им се дава спротивно значење од она што го имаат: Зајакот е **„храбро“** животно.

– Меѓу наводници се ставаат насловите на книги, весници, списанија, филмови, улици, претпријатија и сл. кога ќе се најдат во состав на реченицата:

Со задоволство ја прочитав книгата **„Белото Циганче“** од Видое Подгорец.

Татко ми работи во градежното претпријатие **„Бетон“.**

Тој редовно го чита весникот **„Нова Македонија“.**

## ***ЗАГРАДИ*** **( )**

– Во загради се поместуваат зборови што служат како дополнителни појаснувања на она што претходно е кажано:

Марко Цепенков собирал народни **приказни (најдолгата и најубавата приказна за Силјан Штркот, ја запишал тој)**, песни, гатанки и др. народни умотворби.

– Во заграда се пишуваат ремарките во драмските текстови:

МАЈКАТА: (**Влегува**) Добродојдовте соседи! Седнете, ве молам!

## ***ЦРТА (ТИРЕ)*** **( - )**

Интерпункциски знак црта, односно тире, се пишува во следниве случаи:

– При предавањето на директниот говор:

– Зарем на Месечината има луѓе?
– Има. Сакаш ли да дојдеш и ти?
– Таму не може да се живее. Тоа е научно утврдено.
– Тоа било грешка.
– Сигурен ли си?
– Секако.

*Сунчана Шкрињариќ*

❒ ***Задача***

● Постави ги потребните интерпункциски знаци во следнава народна приказна:

## ***МРЗЛИВИОТ ОВЧАР***

Еден овчар цел ден остригол само три овци. Штотуку се смрачило свикал по жена си

– Жено мори брзо запали една борина и ела светни ми да острижам пет шеснаесет оти денеска само три остригов. Ајде брзо светни ми да острижам пет шестнаесет за еден час

– Дејди мажу дејди душко цел ден три острижа па сега пет шестнаесет Фали ме усто оти ќе ти раскинам

*Македонска народна приказна*



# ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ

## *ТОЧКА*

Точката како правописен знак се употребува во следниве случаи:

– При скратување на зборовите: с. (село), г. (град), сл. (слично) ул. (улица) итн. (и така натаму)

– Зад редните броеви кога се означени со арапски цифри:

*Собранието на Република Македонија одржа Седница со следниов Дневен ред*

1. Предлог-закон за основно образование;
2. Предлог-закон за средно образование;
3. Предлог-закон за Бирото за развој на образованието итн.

– Зад датуми означени само со арапски цифри: Собранието на Република Македонија на 21. 2. 2006 година одржа вонредна седница.

Но, ако месецот е означен со римска цифра, зад неа не се пишува точка: 21.II 2006 година.

## *ДВЕ ТОЧКИ*

Правописниот знак две точки се пишува меѓу броеви за да се означи односот меѓу нив: Фудбалскиот натпревар меѓу „Вардар“ и „Победа“ заврши нерешено 1 : 1.

## *ЦРТА*

Правописен знак црта се пишува во следниве случаи:

– На местото од предлогот **до** меѓу два броја: Блаже Конески (1921 – 1993) е роден во с. Небрегово, Прилепско.

– Меѓу имиња на две места за да се означи растојанието меѓу нив, односно за да се означи правецот на движењето од едното до другото место: На патните правци Скопје – Битола, Битола – Охрид и Скопје – Гевгелија сообраќајот се одвива без проблеми.

– Меѓу две имиња тесно поврзани во еден поим: Дуетот Илиева – Сариевски исполни сплет од народни песни.

## *ЦРТИЧКА*

Овој правописен знак се употребува во следниве случаи:

– За поврзување на одделни делови што образуваат сложен збор:

– При делењето на зборовите на слогови: те-ле-ви-зи-ја, е-ми-си-ја, у-че-ни-ци, кни-ги, зна-ци итн.

– Помеѓу двојни презимиња: Вера Циривири - Трена, Кузман Јосифовски - Питу и др.

## *АПОСТРОФ*

Апострофот како правописен знак се пишува во следниве случаи:

– На местото од изоставен глас во зборот: м´гла, с´нце, држ´го, м´отепа, ќ´ одам и др.

– Пред слоготворното **р** во почетокот на зборот: ´ркулец, ´рж, ´рти, ´рѓа, ´ржи и сл.

## *НАДРЕДЕН ЗНАК*

Надреден знак се пишува:

– Над самогласката **е** во кратката заменска форма **нè** за да се разликува од негацијата **не**: Професорот нас **нè** праша, а **не** вас.

– Над самогласката **е** во прилогот **сè** за да се разликува од елементот **се** карактеристичен за повратните глаголи: Ние **сè** уште размислуваме по тоа прашање. Таа **се** чешла.

– Над самогласката **и** во кратка заменска форма за да се разликува од сврзникот **и**: Нејзе **ѝ** реков. Купив сливи **и** јаболка.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

● Во кои случаи се употребуваат следниве правописни знаци: точка, две точки, црта, цртичка, апостроф и надреден знак.

● Своите тврдења поткрепувај ги со по неколку примери.

### ❐ *Задача*

● Состави реченици во кои практично ќе ги примениш правилата за употреба на секој од правописните знаци поодделно.

# АКЦЕНТ

## ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АКЦЕНТОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Акцентот е една од битните карактеристики на секој национален јазик, па и јазикот на нашата држава, односно македонскиот литературен јазик.

При нашето општење во секојдневниот живот, секогаш кога ги изговараме двосложните и повеќесложните зборови, забележуваме дека еден слог во зборот, а понекогаш и збор во реченица, го изговараме со нагласена воздушна струја. Тоа нагласување на определен слог во зборот се вика **акцентирање**, а знакот со којшто се бележи тоа акцентирање се вика **акцентен знак** и се бележи вака ( / ) : Акцентот секогаш паѓа на самогласките, зашто тие се носители на слоговите во зборот, па затоа секој слог е гласовен дел од зборот и се изговара како една гласовна целина.

Слогот што се нагласува во зборот се вика **акцентиран слог.**

Во македонскиот литературен јазик според тоа што сака говорителот да истакне, акцентот може да биде **зборовен** и **реченичен.**

Зборовен акцент е кога во зборот се изделува еден слог. Пример: Ни́кола пи́шува до́машна ра́бота. Се забележува дека во реченицава секој збор има свој акцент, па затоа тие зборови се викаат **акцентирани зборови**, односно **акцентогени**, но постојат зборови кои немаат, односно кои не се акцентирани (**неакцентогени**) зборови и се викаат клитики. Клитиките можат да заземаат енклитичка и проклитичка позиција.

Реченичен акцент е оној со кој се истакнува еден збор во реченицата. Со тој збор во реченицата се потенцира определено значење. На пример: Марија ја викнаа на телефон. Ова реченица може да се искаже на два-три начина, во зависност што сакаме да истакнеме. Оттука, реченицата може да се искаже:

**Ма́рија** ја ви́кнаа на телефо́н. (**Ма́рија**, а не тебе или мене).
Ма́рија **ја ви́кнаа** на те́лефон. (**Ја ви́кнаа**, а не ја помилуваа).
Ма́рија ја ви́кнаа **на те́лефон**. (**На те́лефон**, а не на ручек...).

Не ретко говорителот својот исказ го менува, односно ја менува височината на тонот, а тоа зависи од неговото емоционално расположение, па затоа овој акцент се вика емоционален акцент.

Нашиот јазик има динамичен и определен акцент. Динамичен значи дека акцентот е подвижен, а тоа е кај трисложните и повеќесложните зборови кога се зголемуваат со наставка. Во тој случај акцентот се поместува за онолку слогови колку што се зголемил зборот. *Примери:* учи́лница – училница+та=училни́цата.

Кај зборовите составени од два слога, акцентот е на вториот слог, броејќи од десно на лево на зборот (во́да, кни́га и др.)
Кај зборовите составени од еден слог, акцентот е на самиот слог (со́л, до́л во́л, ко́л и др.).

# АКЦЕНТОТ ВО СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ И ОТСТАПУВАЊЕ ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ

## АКЦЕНТОТ ВО СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ

Во македонскиот литературен јазик зборовите според составот се делат на прости и сложени. Зборовите во чиј состав нема друг збор се викаат прости зборови. **Сложени зборови** се сите оние што се составени од два дела кои се цврсто сраснати, се надополнуваат еден со друг и образуваат еден збор со ново значење.

**Примери:**

дрво + ред = др́оворед;

сено + кос = се́нокос;

вино + жито = вино́жито;

машина + градба = машиногра́дба;

кој + што = ко́јшто;

десет + мина = десе́тмина.

## ОТСТАПУВАЊЕ ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ

Во нашиот литературен јазик отстапување од третосложното акцентирање има само во следниве случаи:

1. Кај глаголскиот прилог (зборови што се прават од глаголи со наставката **–јќи**) акцентот паѓа на вториот слог од крајот на зборот.

*На пример:*

Петре **одéјќи** по калливиот пат, јадеше од сувиот леб.
**Читáјќи** заспа.

2. На последниот слог од зборот акцентот паѓа кај зборот **одвáј**.

*На пример:*

Во селото стигнав **одвáј** пред мракот.

3. Отстапување од третосложното акцентирање има и кај некои туѓи зборови што не го примиле нашиот акцент.

*На пример:*

**терáса, досиé, реномé, литератýра** и сл.

Инаку речиси сите зборови го примиле нашиот третосложен акцент и се однесуваат како и македонските зборови (гимнастика, политика и сл.). Тоа се зборови коишто се подолго време во употреба во нашиот јазик.

❒ ***Запомни!***

Акцентот во македонскиот стандарден јазик е третосложен, односно паѓа на третиот слог, броејќи од десно на лево.

❒ ***Провери ги своите знаења!***

- Што подразбираш под акцент и акцентирање?
- Кои се основните карактеристики на акцентот во македонскиот литературен јазик?
- Зошто нашиот акцент е динамичен?
- Како се акцентираат сложените зборови?
- Во кои случаи има отстапување од третосложното акцентирање?

# АКЦЕНТОТ НА ТУЃИТЕ ЗБОРОВИ

*Примери:*

Првиот патник низ **всéлената** беше кучето Лајка. Тоа го загуби животот во **кабúната** од **сателúтот** откако успешно ја изврши својата **мúсија.**

**Астронаутúката** продолжи да се развива. Низ космосот почнаа да крстосуваат **сателúти** со **рáдари** и други **апарáти**. **Всéленските** летови придонесоа за **просперитéтот** на науките: **геогрáфија, хидрогрáфија, геолóгија, астронóмија** и др.

Подоцна кон **всéлената** се вивнаа и луѓе. Храбрите **космонáути,** облечени во **скафáндри** и окружени со безброј **електрóнски ýреди**, ја напуштаа сината **планéта** – Земјата и храбро се упатуваа кон нејзиниот **сателúт** – Месечината.

Тие им дадоа можност на **геолóзите** првпат да видат **фрагмéнти** од месечинското тло и над нив да извршат **хéмиска**, **фúзичка** и **геолóшка** анализа.

*К.Г.*

Ако обрнеме внимание на истакнатите зборови во овој текст, ќе забележиме дека тие се туѓи зборови што се во употреба во нашиот јазик.

**I.** Голем број туѓи зборови во поглед на акцентот наполно се вклопиле во третосложното акцентирање, што е карактеристично за македонскиот литературен јазик:

а) **Именките**: всéлена, мúсија, астронаýтика, телевúзија, рáдар, хéмија, фúзика, стýдио, инвéнција, пéнзија, грамáтика, математика, статúстика и др. Од примериве се забележува дека именките од туѓо потекло што го примиле нашиот акцент најчесто завршуваат на наставките: **–ија, –ка, –на.**

При членувањето на овие именки акцентот го менува своето место со стремеж да застане на третиот слог од крајот на зборот.

*На пример:* илустрáција – илустрацúјата

поéзија – поезúјата и сл.

б) **Придавките**: лúричен, сатúричен, кóмичен, автéнтичен, драмáтичен, тáктичен итн.

**II.** Голем број туѓи (интернационални) зборови во поглед на акцентот не претрпеле влијание од македонскиот литературен јазик, туку си го задржале акцентот на јазикот на којшто му припаѓаат:

а) **Именките**: каби́на, сатели́т, просперите́т, скафа́ндри, плане́та, атмосфе́ра, хемисфе́ра, фрагме́нт, реквизи́т, депози́т, реноме́, експозе́, клише́, тепасо́н, лексико́н итн.

б) **Придавките**: што завршуваат на наставките **–ален, –иран, –ивен**.

*На пример:*

гени́јален, национо́, соција́лен;

марки́ран, регистри́ран, таленти́ран;

деструкти́вен, комуникати́вен, инвенти́вен и др.

в) **Глаголите** од туѓо потекло што завршуваат на наставката **–ира.**

*На пример:*

телефони́ра, регистри́ра, компони́ра, режи́ра, депони́ра и др.

### ❒ Задача

● Составете реченици во кои ќе ги употребите следниве туѓи зборови: екскурзија, колекција, ракета, биро, решо, тераса, социјален, генијален, манифестира и сателит. Потоа акцентирај ги туѓите зборови во нив.

# АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ

### ❐ Согледај:

Вчера бев кај мојот братучед во **Ново Село.**
На масата во неговата соба имаше **суво грозје** и **кисело млеко**.
**Братучед ми** се израдува на мојата посета.
Тој **не ме видел** неколку дена. И јас **не сум го видел** него.
– Како се сети да дојдеш? – ме праша тој. **Што сум ти сторил** та не доаѓаш?

### ❐ *Размисли и одговори!*

● Што е карактеристично, според тебе, во врска со акцентирањето на истакнатите зборови во приведениве реченици? Каде му е местото на акцентот при спој на два, три или повеќе зборови?

● Честопати во говорот два или повеќе зборови ги подведуваме под ист акцент.

*На пример:*

| кисело́‿млеко | не‿ме́‿видел | што‿сум‿ти́‿сторил |
|---|---|---|
| ↓ | ↓ | ↓ |
| два збора со заеднички акцент | три збора со заеднички акцент | четири збора со заеднички акцент |

↓

**акцентски целости**

### ❐ *Запомни!*

Два или повеќе зборови со заеднички акцент се викаат акцентски целости.

Акцентски целости најчесто се образуваат од:

**именка и именка**: поп Арсо, доктор Петко, аџи Трајко;

**придавка и именка**: црн пипер, суво грозје, кисело млеко;

**заменка и именка**: оној пат, овој ден;

**број и именка**: три леба, девет дена, пет пари;

**прилог и именка**: колку дена, многу време, малку пари;

**предлог и именка**: за рака, под клупа, на маса;

**предлог и долга форма од личните заменки**: со мене, пред него;

**негација и глагол**: не дојде, не гледа, не спие;

**именки што означуваат сродство и кратки форми од личните заменки**: мајка ми, чичко ти, вујко му и др.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Што подразбираш под изразот акцентска целост?
- Од кои видови зборови најчесто се образуваат акцентски целости?

### ❒ *Задача*

- Откриј ги и поправи ги грешките во акцентирањето на зборовите и акцентските целости во следниве зборови и реченици:

училни́ца, литера́тура, би́дејќи, ва́кцина, учи́лиштето, вода́, слоно́т, ра́кета, манифе́стација, рома́н, друга́р.

Што́‿су́м‿ти сторил што́‿не доаѓа́ш‿кај ме́не.

Не дава́ј му ја‿книгата.

Го́‿видов во́‿дворот‿на наше́то‿учили́ште.

Зами́на‿на ни́ва.

# ВИДОВИ АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ

Во зависност од тоа во која позиција се наоѓаат клитиките, има акцентски целости:

**со енклитики и со проклитики.**

## ❒ *Согледај и спореди:*

а) Евé ти ја (тетратката),
камó ти го (блокот),
тéтка му (на Миле),
вúди се (каков си),
óди си (сам).

б) Не мý рече (да дојде),
не гú зел (парите),
нé кажал (така),
кáј дојде (кај вас),
ме вúде (мене).

Од примериве се гледа дека во двата случаи местото на акцентот е определено според општото правило – на третиот слог од крајот на групата зборови што влегуваат во акцентската целост.

### ❒ *Запомни!*

**Енклитики** се зборови што немаат акцент и доаѓаат по полнозначните зборови (именки, придавки, заменки, броеви, глаголи) со кои образуваат акцентска целост во кои спаѓаат кратките заменски форми.

**Проклитики** се зборови што немаат акцент, како и енклитиките, но за разлика од нив, тие доаѓаат пред полнозначните зборови со кои се образува акцентска целост. Тука спаѓаат: кратки заменски форми пред глагол, повратните заменки – се/си, честици – ќе/би; прашалните зборови, предлозите и помошниот глагол сум.

### ❒ *Задача*

● Состави пет реченици со употреба на акцентски целости со енклитики и пет реченици со употреба на акцентски целости со проклитики.

# ПРАКТИЧНО-ПРОФЕСИОНАЛНА КОМУНИКАЦИЈА

Зборот комуникација е од латинско потекло и означува меѓусебно дејствување со цел да се пренесе накоја информација, односно означува меѓусебно општење (комуницирање) на луѓето во секојдневниот живот. За поимот комуникација постојат повеќе дефиниции. На пример: Комуникацијата е акција на пренесување на информации, односно процес на испраќање, примање и разбирање на некоја порака која може да има контролна функција.

За успешно одвивање на секоја комуникација потребно е најпрво да има два актера: испраќач и примател на пораката. Оттука не случајно, понекогаш комуникацијата се третира како мала драма.

При секоја комуникација треба да се внимава пораките секогаш да бидат јасни, разбирливи, конкретни и да имаат определена цел.

Комуникацијата може да се врши низ неколку форми:

*деловен разговор, записник, соопштение, извештај, понуда, молба, жалба, барање, приговор, писмо и др.*

**Деловен разговор** е форма на непосредно комуницирање со која треба да се постигне извесен договор од областа на општествениот живот.

Пример: двајца или тројца директори деловно разговараат за своите фирми и заеднички постигнуваат договор за меѓусебна соработка, компензација на производите и сл.

**Записник** е писмен документ што се води во самиот процес на одвивањето на некој состанок, седница или настан. Бидејќи целиот процес на одвивање се запишува, па оттука произлегува и неговото име записник.

Записникот мора да ги содржи следниве елементи: *воведен дел, време, место, кординатор, цел, дневен ред, дискусија, донесени заклучоци, записничар, и верификатори (заверувачи).* Секој записник задолжително треба да биде јасен, конкретен и точен. Треба да се знае и тоа дека постојат различни видови записници. Во едни се бара да се регистрира сѐ точно како што се одвивало дејствието на состанокот или седницата, во некои се регистрираат само донесените заклучоци и сл. при што сѐ зависи од тоа која е намената на записникот.

Пример:

ЗАПИСНИК

од состанокот / седницата (име на организацијата или...), одржан / одржана (ден, месец, година и час), како и број на присутни и отсутни членови на состанокот, односно седницата.

На состанокот / седницата се работеше по следниов

Дневен ред

1. ____________________

2. ____________________

3. ____________________

Сотанокот / седницата го / ја отвори и со него / неа претседаваше ______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

Дискусии, заклучоци;

Време на завршување на состанокот;

Потпис на записничарот (од левата страна) и потпис на претседавачот (од десната страна) и, ако треба, заверувачи од левата страна.

* * *

**Соопштение**, е исто така форма на комуницирање со која нешто се соопштува, односно се дава на знаење за некаква информација. Соопштението секогаш мора да биде кусо, конкретно, јасно и со определена цел.

**Извештај** е писмен состав на комуницирање со расчленето и прокоментирано образложение. На пример, извештај може да се поднесе: за работата на Класната заедница; за работата на училиштето; за финансиското работење на организацијата итн.

**Понуда** е форма на комуницирање со која испраќачот ги нуди своите производи за пласман.

**Молба** е писмен состав на комуницирање со кој подносителот бара да му се оствари некоја потреба . Молбата како форма со практична намена, мора да ги има следниве елементи: до кого се упатува, од кого и за што се упатува (определена цел). Практично тоа изгледа вака:

**До**

______________________

______________________

**Скопје**

**Предмет:**

– Полагање поправен испит

**Молба**

Од ________________________ ученик во __________ клас __________

со стан на ул. „________________________“ бр __________, Скопје

Го молам Училиштето да ми одобри да полагам поправен испит по предметот македонски јазик во јунската испитна сесија на оваа учебна година.

**Прилог: Ученичка книшка**

Јуни __________ година **Со почит**

________________________

(потпис)

Секогаш треба да се внимава податоците на примачот да стојат на левата страна од листот.

* * *

**Жалба** е писмен документ со кој се изразува некое незадоволство на претходно донесено решение, одлука и сл.

**Барање** е, исто така, форма на писмено или усно комуницирање која има цел да оствари некоја потреба. Барањето има некои сличности со молбата.

**Приговор** е писмен состав на комуницирање којшто има сличности со жалбата, со која се бара да се спречи претходно донесено решение или одлука по некој определен проблем. Приговорот мора да има образложение.

**Писмо** е форма на комуницирање преку која испраќачот му соопштува нешто на примачот.Писмото мора да содржи точни податоци до кого е упатено, како и содржина. Според карактерот писмата можат да бидат: приватни (индивидуални) и службени (деловни). Службените писма се секогаш куси, јасни и конкретни. Треба да се внимава податоците (адресата) на примачот да бидат напишани на левата страна од пликот.

Практично тоа изгледа вака:




Треба да се внимава и тоа дека кај индивидуалните писма секогаш се пишува „За“, а кај деловните „До“.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Што подразбираш под:

  деловен разговор;
  записник;
  соопштение;
  извештај;
  понуда;
  молба;
  жалба;
  приговор;
  писмо.



# II. ЛИТЕРАТУРА

- **ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА;**
- **ЛИРИКА;**
- **ЕПИКА;**
- **ЛИРСКО-ЕПСКИ ВИДОВИ;**
- **ДРАМА;**
- **ИСТОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА.**

# ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА

## ЛИТЕРАТУРАТА КАКО УМЕТНОСТ

Поимот **уметност** ја подразбира човековата творечка активност со која се создаваат дела од духовната област. При уметничкото творење човекот ги применува своите знаења стекнати со искуството, но и своите емоции, односно чувства.

Постојат **седум видови уметности** кои се создаваат со различни изразни средства: **сликарство** (боја); **музика** (звук); **вајарство** (маса); **архитектура** (градежен материјал); **игра** (ритам); **филм** (подвижни слики); **литература** (збор). Секое уметничко дело во својата суштина пренесува одредена значајна порака до примачот (оној што гледа, слуша, чита).

## ЛИТЕРАТУРАТА КАКО УМЕТНОСТ НА ЗБОРОТ

Поимот **литература** потекнува од латинскиот збор littera што значи збор (слово). Оттука, литературата најчесто се дефинира како уметност на зборот. Тоа значи дека основното средство со кое со создава литературата е јазикот. Литературата со помош на јазични средства создава еден свој посебен свет кој се темели на нашиот секојдневен и реален свет. Во таа смисла, литературата се дефинира и како имитирање (подражавање) на стварноста, а во тоа имитирање авторите внесуваат свои идеи, замисли и ставови. Како истозначен поим за литературата се употребува и поимот книжевност.

Авторите кои создаваат литература ги користат своите знаења од животното искуство, но истовремено ја употребуваат и својата имагинација. Литературата, значи, се состои од постоечкото (реалното) и од замисленото (имагинарното). Како и другите уметности, литературата зборува за човекот, за човековото сфаќање на животот, за

неговото место во светот и така ја задоволува човечката потреба за доживување и осознавање на светот.

Литературата во основа се дели на **народна литература и уметничка литература**. Самото име укажува на тоа дека народната литература е творештво создадено од народот, од колективот, како усно творештво. Уметничката литература, пак, ја подразбира литературата која е создадена од поединци и која има карактеристични естетски вредности. Покрај тоа, според формата на изразот, литературата може да се подели на **поезија** и **проза**. Според припадноста на родот, пак, литературата се дели на **лирика**, **епика** и **драма**.

Преку литературата се овозможува комуникација меѓу писателот и читателот. Писателот ги изразува своите идеи, ставови, чувства, а читателот ги обработува со помош на своите емоции и сфаќања за предметот што се обработува во конкретното дело. Секој читател на свој начин го чита, го разбира и го сфаќа делото. Читателот навлегува во творечката лабораторија на писателот и така со својот разум и со своите емоции ја пресоздава (препрочитува) неговата творба. Писателот и читателот, значи, имаат свое креативно учество во создавањето на литературните дела.

## ОДНОСОТ МЕЃУ ЈАЗИКОТ И ЛИТЕРАТУРАТА

Материјалот од којшто е создадена литературата е јазикот. Според ова својство литературата најмногу се разликува од другите уметности.

Основната функција на јазикот е да служи како средство за комуникација, за разбирање меѓу луѓето. Литературата го користи истиот тој јазик што ние секојдневно го употребуваме. Меѓутоа, јазикот во литературата добива сосема поинаква суштина. Тука значењата на зборовите се проширувaат и се менуваат. Зборовите во литературата често добиваат таканаречени фигуративни, преносни значења. Ова е особено забележливо во поезијата. Тоа се постигнува преку контекстот, со помош на невообичаените споеви на зборовите од обичниот говор.

Јазикот од нашиот секојдневен говор во својата основа ја има комуникативната функција. Јазикот во литературата, пак, во својата основа ја има естетската функција. Во литературата јазикот има мошне широки значења и кај нас како читатели предизвикува бројни асоцијации, но и ги поттикнува нашите чувства. Естетската особеност на јазикот, значи, е највоочлива во литературата.

### ❒ Запомни!

Поимот литература потекнува од латинското littera што значи збор. Литературата најчесто се дефинира како уметност на зборот.

Литературата се состои од постоечкото (реалното) и од замисленото (имагинарното).

Јазикот е материјал од којшто е создадена литературата.

Јазикот во секојдневниот говор има комуникативна функција. Јазикот во литературата има естетска функција.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Што се подразбира под поимот уметност?
- Колку видови уметности има? Кои се нивните изразни средства?
- Од каде потекнува поимот литература? Како најчесто се дефинира литературата?
- Кое е основното средство со чија помош се создава литературата?
- Која е врската, односно каков е односот меѓу писателот и читателот?
- Каква функција врши јазикот во литературата?

### ❒ Задача

- Прочитај кратка вест од дневен весник и песна од познат поет. Согледај ја разликата меѓу комуникативната функција на јазикот во кратката вест и естетската функција на јазикот во песната.

### ❒ Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!

„При допирот со човекот, зборот станува дело. Со таа делотворност, која е најакцентирана во поетскиот говор, поезијата стои во посебен однос спрема човечката природа, во однос каков што не го среќаваме во другите уметности. Затоа и човекот, како читател на поезијата, знае за враќања - кон исти поетски текстови, а и кога неговите враќања кон нив се бројни, тие не зборуваат за некаква романтичарска неизлечивост. Збор е за една вонредно интензивна комуникативност - помеѓу давањето и примањето се збиднува реактуализацијата и на човекот што пишува и на човекот што го доживува напишаното“.

*Димитар Митрев*

# ЛИТЕРАТУРАТА И НАУКАТА ЗА ЛИТЕРАТУРА

Литературата е уметност на зборот. Науката која ја проучува уметноста воопшто се нарекува **естетика.** Главен предмет на проучувањето на науката за литературата е литературното дело.

Науката за литературата ја сочинуваат три основни научни дисциплини со чија помош од различни аспекти се проучуваат карактеристиките на литературата, односно на литературните дела:

а) Теорија на литературата;

б) Литературна критика;

в) Историја на литературата.

**Теоријата на литературата** е научна дисциплина која ја проучува природата на литературните дела како духовни човекови творби со јазичен карактер. Таа ги опишува принципите и законитостите со чија помош се создава литературата како уметност. Теоријата на литературата, исто така, го проучува и јазикот како средство со чија помош се создаваат литературните дела.

Оваа дисциплина ја проучува структурата на литературните дела од повеќе аспекти: содржина и форма; теми и идеи; композиција на литературното дело; литературни правци, родови и видови; општествените околности во кои авторот го создал делото и социјалната улога на литературното дело; различното читање, односно различното сфаќање на едно литературно дело во различни временски периоди и слично. Тоа значи дека теоријата на литературата ги проучува особеностите на трите составни елементи на литературната комуникација: автор - литературно дело - читател.

Теоријата на литературата уште се нарекува и поетика. Како посебна гранка во рамките на теоријата на литературата се јавува наратологијата. **Наратологијата** е научна дисциплина која ги проучува законитостите во раскажувачките литературни дела.

**Литературната критика** користејќи ги сознанијата од теоријата на литературата ги проучува и ги оценува литературните дела. Таа

најчесто се занимава со проучување и оценување на новите, современите литературни творби, но се навраќа и на дела од минатото кога треба тие да се преоценуваат, односно да се превреднуваат.

Литературната критика се јавува како врска, спој или мост меѓу литературното дело и читателот. Таа му помага на читателот полесно да ја разбира и да ја восприема литературата како уметност. Таа како научна дисциплина ги открива новите тенденции во литературата и ги нуди основните насоки за тоа како натаму треба да се развива литературата.

Најчесто изразно средство на литературната критика е рецензијата. **Рецензијата** претставува краток критички текст во кој се врши приказ и оценување на едно литературно дело. Покрај рецензијата, литературната критика се појавува и со полемика, есеј и друго.

**Историјата на литературата** како научна дисциплина која е составен дел од науката за литературата го проучува развојот на литературата во минатото. Таа ги опишува политичките, економските и културните околности во кои се појавила и во кои се развивала литературата на еден народ или на една епоха.

Историјата на литературата особено води сметка за времето и за околностите во кои се појавува едно дело, еден автор или, пак, една цела национална литература и од тој аспект дава вредносен суд за литературата. Како научна дисциплина таа го следи и го проучува континуитетот, но и дисконтинуитетот во историскиот развој на една национална литература. Историјата на литературата ги проучува и ги опишува периодите и правците во развојот на литературата.

Во зависност од обемот на своите проучувања историјата на литературата може да биде национална или светска. Кога историјата на литературата го проучува меѓусебниот однос на две или повеќе национални литератури, тогаш таа се нарекува компаративна историја на литературата.

Науката за литература често ги користи и сознанијата од другите научни дисциплини како што се: историјата, социологијата, психологијата, филозофијата, логиката, лингвистиката и други. Најчесто се употребуваат сознанијата од лингвистиката, затоа што лингвистиката е наука за јазикот, а литературата е создадена од јазик. Како мошне значајна дисциплина во рамките на лингвистиката, а која се употребува и во литературологијата, е стилистиката.

**Стилистиката** е лингвистичка научна дисциплина која ги проучува особеностите на јазичниот израз (зборови, фрази, реченични

конструкции и слично). Преку определувањето на специфичниот јазичен израз во литературните дела се определува специфичниот стил на авторот на тие дела. Стилистиката е мошне значајна научна дисциплина во проучувањето на литературата.

### ❒ *Запомни!*

Науката која се занимава со проучување на литературата се состои од три научни дисциплини: теорија на литературата, литературна критика и историја на литературата.

Теоријата на литературата ги проучува трите составни елементи на литературната комуникација: автор - литературно дело - читател.

Литературната критика ги оценува литературните дела.

Историјата на литературата го проучува развојот на литературата во минатото.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Кои се основните научни дисциплини кои ја сочинуваат науката за литературата?
- Што проучува теоријата на литературата?
- Со што се занимава литературната критика?
- Што претставува рецензијата?
- Што е стилистика?

### ❒ *Пожелно е да го знаеш и ова:*

„Распуштеноста носи најсрамно ропство, а напорната работа најголемо кралство“.

*Александар Македонски*

# МИТОТ И ФОЛКЛОРОТ КАКО ИЗВОРИ ЗА ЛИТЕРАТУРАТА

Корените на уметноста ги наоѓаме во прастарите обреди, односно ритуали со кои човекот ги имитирал појавите од природата и од неговиот секојдневен живот во првобитната заедница. Во тие обреди има елементи од мимика, музика, игра, песна, драмска сцена и слично така што во обредот бил извршен еден спој, една симбиоза на повеќето видови уметности кои ние денес ги знаеме. Таа симбиоза на музиката, играта, песната и драмата во древните ритуали се нарекува **синкретизам**, односно првобитен синкретизам.

Древните синкретички обреди имале сакрален, односно свет карактер. Тие вршеле магиска функција. Целта на тие обреди била да се поттикне природата за да му обезбеди поповолни услови за живот на човекот. Во тие прастари времиња природата била персонифицирана во разни божества. Тие божества биле почитувани преку обредите и преку создавање измислени приказни.

## МИТОТ КАКО СВЕТА ПРИКАЗНА

**Митот** е света приказна исполнета со фантастични елементи. Тој се јавува како резултат на недоволно развиената свест на човекот за природните појави во првобитната заедница. Не можејќи да ги објасни рационално повеќето природни појави, човекот ним им давал и им припишувал натприродни особености при што измислувал разни фантастични приказни. Тие приказни усно се пренесувале од генерација на генерација и така добивале сакрален карактер во племенската заедница.

Митот го знаеле само членииците од племенската заедница и тој се чувал во строга тајност. Според тогашното верување на човекот, само така митот можел да ја изврши својата магиска функција и да ја заштити заедницата од разни неволји и природни несреќи.

Митот е исполнет со бројни фантастични елементи. Негова најпрепознатлива особеност е честата преобразба, односно метаморфоза на разноразните ликови кои се јавуваат во митот.

Кај разни народи со текот на времето се создавале бројни митски приказни така што се оформувал еден збир од митови кој се нарекува **митологија.** Покрај ова, поимот **митологија** значи и наука која ги проучува особеностите на митовите.

Кога митот ќе престанел да ја врши функцијата на света приказна тој станувал волшебна народна приказна, односно бајка.

## ФОЛКЛОР

Поимот фолклор доаѓа од англиското *folk-lore* што значи *народно знаење*. Под поимот **фолклор** ние треба да го подразбереме збирот од народно творештво кој ги опфаќа традиционалните сфаќања и суеверија, обичаите, народната музика, народната песна, везот, народните приказни, преданијата, пословиците, гатанките и слично.

Науката којашто ги проучува и ги систематизира особеностите на фолклорните материјали се нарекува **фолклористика.**

**Народната литература** е составен дел на фолклорот. Во неа спаѓаат народните песни, народните приказни, преданијата, пословиците и поговорките, гатанките, брзозборките и слични литературни творби. Овие народни творби биле создавани од еден човек во усна форма, а потоа биле прифаќани од колективот и усно се пренесувале од генерација на генерација, односно од колено на колено. Тоа значи дека импровизирањето игра многу важна улога во народната литература.

Делата од народната литература имаат свои препознатливи белези. Јазикот на кој се создаваат најчесто е дијалектен и архаичен. Во народната поезија се среќаваат типични стилски фигури: постојан епитет (*руси коси, гајтан веѓи* и слично), хиперболизација, персонификација и други. Приказните обично почнуваат со шема*: Си бил еднаш еден цар; Еднаш во една далечна земја* и слично.

Народната литература одиграла огромна улога, бидејќи врз нејзината основа подоцна се појавува писмената, односно уметничката литература.

***Запомни!***

Корените на уметноста ги наоѓаме во прастарите обреди од првобитната заедница.

Синкретизам е спој на музиката, играта, песната и драмата во древните ритуали.

Митот е света приказна исполнета со фантастични настани. Се јавува поради недоволно развиената свест на човекот за природата. Има магиска функција.

Народната литература е составен дел на фолклорот. Во неа спаѓаат народните песни, народните приказни, преданијата, пословиците и поговорките, гатанките, брзозборките и слични литературни творби.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Што претставува првобитниот синкретизам?
- Како го дефинираме митот?
- Кои се основните особености на митот?
- Колку значења има поимот митологија? Дефинирај ги тие значења!
- Што подразбираме под поимот фолклор?

### ❒ Задача

- Прочитај неколку песни по твој избор од Зборникот на браќата Миладиновци. Обиди се во тие песни да ги пронајдеш постојаните епитети (пр. *руси коси*) и двојните епитети (пр. *лице бело румено*).

### ❒ Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!

„Народните песни се показаљка на степенот од умственото развитие од народот и огледало на неговиот живот. Народот в песни изливат чувствата си, в них находвит душевна храна и развлечение; затова в жаљба и в радост, на свадба и хоро, на жетва и грозјебрање, на везење и предење, по поле и по гори, шчедро изливат песните како од богат извор; затова можит да се речит че народот је секогашен и велик певец. У народите со кои тој живеал по соседство или смешан се стретват еднакви песни“.

*Константин Миладинов*

# ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА

Поделбата, односно класификацијата на литературните творби се врши со цел да се олесни нивното проучување. Во науката за литературата врз основа на различни критериуми се извршени неколку поделби на литературата. Според тоа, постојат три основни поделби на литературата, односно на литературните творби.

Прво, извршена е поделба на литературата според критериумот *авторство на творбата* и според начинот на кој литературната творба се пренесува до реципиентите. Врз основа на овие два критериума литературата се дели на **народна литература** и **уметничка литература.**

Народната литература уште се нарекува и усна литература затоа што се создава и се пренесува по устен пат. Уметничката литература уште се нарекува и писмена (пишувана) литература затоа што се твори и се пренесува до примачите (реципиентите, односно читателите) по писмен пат. Авторот на творбите од народната литература е непознат, односно анонимен. Додека авторот на творбите од уметничката литература е познат.

Творбите од народната литература имаат корени во заедницата, односно во колективот. Творбите од уметничката литература произлегуваат од единката, односно од индивидуата.

Второ, врз основа на формата со која се создаваат литературните дела литературата се дели на **поезија** и **проза.** Поезијата е литература во стихови. Прозата е литература која се создава со таканаречен „врзан текст“, односно дискурс. Самото име кажува дека таа е раскажувачка, односно прозна литература.

Сепак, во современата наука за литературата, најприфатена е третата поделба на литературата која се врши врз основа на особеностите на содржината и формата на литературните дела. Врз основа на ваквиот критериум литературата е поделена на **лирика, епика** и **драма.**

Лириката, епиката и драмата се **литературни родови**. Секој литературен род има свои специфични особености според кои се разликува од другите родови. Така, во лириката преку стихови авторот го искажува субјективното, своите чувства кон некого или кон нешто.

Во епиката авторот се труди да воспостави еден објективен однос кон настаните и ликовите за кои раскажува. Епиката се изразува во стих и во проза. За драмата, пак, најкарактеристичен елемент е

акцијата, односно дејството. И драмата, како и епиката, се изразува во стих и во проза.

Во рамките на литературните родови се разликуваат **литературни видови**. Во лириката спаѓаат разни литературни видови како што се: елегија, ода, химна, сатира, епитаф и друго. Во епиката се вбројуваат: еп, расказ, роман и слично. Во родот драма како основни видови се разликуваат трагедија и комедија.

Чисти литературни родови и видови не постојат. Во лириката може да се најдат епски елементи како што и во епиката може да се најдат лирски елементи. Поделбата секогаш се врши врз основа на доминантните елементи кои ги среќаваме во литературните дела.

Покрај трите основни поделби, постојат уште неколку поделби на литературата.

Според припадноста на литературните правци, односно на стилските формации, литературата може се подели на класична, романтичарска, реалистична, модернистичка, постмодернистичка и слично.

Според читателите на коишто им е наменета литературата се дели на литература за возрасни, литература за деца и слично.

Според јазикот на којшто е пишувана и според националната припадност на народот од кој произлегува литературата, може да се подели на: македонска литература, француска литература, англиска литература, германска литература и слично.

Според функцијата што ја врши литературата се дели на: поучна литература, забавна литература, пропагандна литература итн.

❒ ***Запомни!***

Поделбата на литературата се врши за нејзино полесно проучување.

Постојат три основни поделби на литературата: народна литература и уметничка литература; поезија и проза; лирика, епика и драма.

Во современата наука за литература најприфатена е третата поделба на литературата на: лирика, епика и драма.

Лириката, епиката и драмата се литературни родови. Секој литературен род има свои специфични особености според кои се разликува од другите родови.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Зошто се врши поделба на литературата?
- Кои се трите основни поделби на литературата?
- Колку литературни родови постојат? Кои се тие?
- По што се разликуваат лириката, епиката и драмата меѓу себе?
- Кои литературни видови се јавуваат во лириката, епиката и драмата?
- Како е поделена литературата според јазикот и националноста?

### ❒ Истражувај!

а) Прочитај еден расказ по твој избор. Обиди се во него да ги издвоиш основните лирски, епски и драмски елементи.

б) Дали е македонска литературата што ја создавале Македонците помеѓу двете светски војни на српски и на бугарски јазик?

### ❒ Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!

„Поделбата на литературата на родови и видови е мошне сложена работа поради сложените заемни врски и процеси при создавањето на литературните творби кои имаат своја, посебна структура. Со зборот род се означува широк поим со кој се опфаќаат појави и поими со општи белези и норми, а со зборот вид нешто во потесна смисла што има сопствени белези и норми кои можат да бидат својствени само на еден род или вид“.

*Љубен Андреев*

| ***ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА*** | | |
|---|---|---|
| **СПОРЕД АВТОРОТ** | **СПОРЕД ФОРМАТА** | **СПОРЕД РОДОТ** |
| Народна литература<br>Уметничка литература | Поезија<br>Проза | Лирика<br>Епика<br>Драма |

# НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА

Народната литература води потекло од митологијата и од првобитниот синкретизам. Во текот на обредите човекот ги имитирал природните појави и преку песна ги искажувал своите чувства и своите мисли за тие појави. Од тие обредни песни и од митолошките приказни кои биле прифатени од пошироката заедница понатаму се развивале нови литературни творби познати како народна литература.

Главна особеност на народната литература е тоа што таа се создава и се пренесува усно од постарите на помладите генерации.

Неа ја создавал некој надарен творец во заедницата при разни пригоди, а колективот ја прифаќал творбата како своја и ја видоизменувал со разни импровизации. Затоа се вели дека творецот на народните литературни творби е анонимен, односно непознат, и дека секоја народна умотворба има свои варијанти. Преку народната литература се негувала и се чувала традицијата, односно јазикот, обичаите и целокупната култура на еден народ.

## ПОЈАВА НА НАРОДНАТА ЛИТЕРАТУРА

Најстарите примери од народната литература кои ни се познати потекнуваат од 3 и 2 милениум п.н.е. Зачувани се десетина староегипетски трудови и љубовни песни како и неколку сумеро-вавилонски трудови песни и пословици. И кај многу други древни народи зачувани се подоцнежни народни умотворби.

Во историските извори среќаваме податоци кои потврдуваат дека и кај античките Македонци во IV век п.н.е. се негувале народните умотворби. Харолд Ламб вели: „Македонците пееле сточарски песни“. Плутарх во неговиот опис на животот на Александар Македонски пишува дека за време на воените походи многу често „свиреле многу шупелки и флејти, а низ целиот крај се разнесувало пеење и удирање во жичени инструменти“. Исто така, историските извори потврдуваат дека и во VI век од н.е. во Македонија се пееле народни песни кои се зачувале до XIX и XX век кога биле запишани од нашите преродбеници во XIX и од проучувачите на народната литература во XX век.

## КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАРОДНАТА ЛИТЕРАТУРА

Во текот на повеќемилениумскиот развој на народната литература анонимните творци создавале и поетски и прозни дела, но и кратки народни умотворби.

Во рамките на народната поезија се создавале и лирски и епски творби. Во лирската народна поезија спаѓаат: **обредни, митолошки, трудови, љубовни, семејни, детски** и **хумористични песни.** Народната епика се дели на: **неисториски, историски, јуначки, ајдутски, револуционерно-комитски** и **партизански песни.**

Прозните народни литературни творби, односно народните приказни се делат на: **приказни за животни и басни, сказни, новели, анегдоти, легенди** и **преданија.**

Покрај овие, во народната литература се создавале и кратки народни умотворби како што се: **пословици, поговорки, гатанки, брзозборки, благослови, клетви.**

Драми во вистинска смисла на зборот не се создавале во рамките на народната литература. Меѓутоа, во народните умотворби често среќаваме драмски елементи. Тоа е најчесто во обредните песни каде среќаваме типичен драмски дијалог, а сите учесници во обредот имаат своја улога што подразбира акција, односно дејство што е главна особеност на драмските литературни творби.

## СТИЛСКИ ОСОБЕНОСТИ НА НАРОДНАТА ЛИТЕРАТУРА

Јазикот со кој е создадена народната литература е дијалектен и архаичен. Анонимниот народен творец го користел јазикот што најдобро го познавал, а тоа бил неговиот роден дијалект, односно говор. Од денешен аспект бројни јазични форми од народната литература се застарени, односно денес не се употребуваат во нашиот секојдневен говор, па затоа нив ги определуваме како архаични.

Генијалноста на анонимниот народен творец се согледува најмногу преку употребата на едноставните стилски изразни средства кои имаат естетска функција. Со нивна помош се постигнува сликовитост и емоционалност на изразот.

**Епитетот** е најчестата стилска фигура која се користи во народната поезија. Се употребуваат **постојани епитети:** гора *зелена, тешка*

боздогана, *остра* сабја, *брза* коња и слично. Карактеристичен за народната поезија е и **двојниот епитет:** *бело* лице *румено*, дружина *верна зговорна*, *шаренаго* коња *дебелаго* итн.

**Компарацијата**, односно споредбата е, исто така, во честа употреба во народната поезија:

Да благословат момите,
Да ми растат, порастат:
*Как ˊржје по нивјето,*
*Како трска во блатото,*
*Как топола по поле.*

**Хиперболата** е, исто така, типична за народната поезија:

Изникнало едно дрво,
Едно дрво дафиново,
Колку вишно, толку лично:
*Коренот му по са земја,*
*Гранките му слано море,*
*Вршенот му в сино небе.*

Како стилски украсен елемент во народната поезија ја среќаваме и **метафората**: невестата е *трендафил в градина*; момчето е *јасно сонце* итн.

Покрај овие, во народната литература се употребуваат и други стилски средства како што се: **персонификацијата, симболот, словенската антитеза, алегоријата** и други.

***❒ Запомни!***

Главна особеност на народната литература е тоа што таа се создава и се пренесува усно од постарите на помладите генерации.

Творецот на народните литературни творби е анонимен.

Во историските извори среќаваме податоци кои потврдуваат дека и кај античките Македонци во IV век п.н.е. се негувале народните умотворби.

Анонимните творци создавале поетски и прозни дела, но и кратки народни умотворби.

Јазикот со кој е создадена народната литература е дијалектен и архаичен.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Од каде води потекло народната литература?
- Кои се главните особености на народната литература?
- Кои се најстарите примери од народната литература кои нам ни се познати?
- Како е поделена лирската народна поезија?
- Како се дели народната епика?
- За кои творби велиме дека се кратки народни умотворби?
- Кои се најкарактеристичните стилски изразни средства во народната поезија?

### ❒ Пожелно е да го знаеш и ова:

Којшто вели оти сѐ знаи, тој ништо не знаит.

Малите приказни голем ум даваат.

*(Запишал: Марко Цепенков)*



# ЛИРИКА

Во античкиот период под лирика се подразбирала песна придружувана со музика, односно со музичкиот инструмент лира. Оттука потекнува и поимот **лирика** кој во текот на историскиот развој на литературата прераснал во литературен род со свои особености.

Најзначајни карактеристики на лириката се **субјективноста** и **емоционалноста**. Преку лирските песни авторот, односно лирскиот субјект ги искажува своите чувства и мисли, своите субјективни доживувања предизвикани од случувањата во надворешниот свет - радост, среќа, надеж, тага, мака, болка и слично.

## ОСОБЕНОСТИ НА ЛИРИКАТА

Лирските литературни творби се кратки поетски дела (со исклучок на лирската поетска проза). За поезијата е карактеристично тоа што таа е пишувана во **стихови** и во **строфи**. Нивни основни придружни елементи се **ритамот** и **римата**.

**Стихот** претставува организирана поетска целина во еден ред. Стихот е составен од зборови, а зборовите од слогови. Слоговите можат да бидат нагласени (акцентирани) и ненагласени (неакцентирани). Во зависност од бројот на слоговите постојат различни видови стихови. Стих од четири слога се нарекува **четверец**. Стих со пет слога е **петерец**. Оној стих што има шест слога се нарекува **шестерец** итн. Најдолг стих е **шеснаесетерецот** што е составен од шеснаесет слогови. Во зависност, пак, од ритмичките особености разликуваме **силабичен стих, тонски стих, силаботонски стих, скалест стих** и **слободен стих**.

**Строфата** е поетска целина составена од два или повеќе стихови. Строфата составена од два стиха се нарекува **дистих**. Онаа строфа што е составена од три стиха се нарекува **терцина**. Строфата од четири стиха е **катрена**:

*Само во сонот младоста е жива,* (стих 1) (а)
*со јасни знаци таа на сон иде,* (стих 2) (б)
*да сетам в душа како ми се впива* (стих 3) (а)
*што не било а можело да биде.* (стих 4) (б)

(Фрагмент од песната „Сништа“ од Блаже Конески)

Строфа од пет стиха е **пентина**. Строфата од шест стиха се нарекува **секстина**. Кога строфата има седум стиха се нарекува **септима**. Строфа со осум стиха е **октава**, а со девет стиха **нона**. Во современата поезија има строфи и со повеќе од девет стиха.

**Ритамот** претставува рамномерно повторување на определен број елементи од кои се составени стиховите и строфите. Главни особини на стихот се ритмичките стапки и цезурата. **Ритмичка стапка** претставува збир, односно комбинација од нагласени и ненагласени слогови во еден стих. Во зависност од бројот на нагласените и ненагласените слогови постојат повеќе видови ритмички стапки: **јамб, трохеј, дактил, амфибрах, анапест** и други. **Цезурата** е интонациска пауза во средината на стихот. Ритамот на една лирска песна може да биде организиран и преку повторување на еден стих, па дури и на цела строфа.

**Римата** е повторување и звучно совпаѓање на слоговите на крајот од два или повеќе стихови во една или во повеќе строфи: *жива - впива; иде - биде; други - слуги; таги - лаги; бреме - време* и слично. Стиховите во една строфа може да се римуваат различно: првиот и третиот стих - вториот и четвртиот стих (абаб); првиот и вториот стих - третиот и четвртиот стих (аабб); првиот и четвртиот стих - вториот и третиот стих (абба) итн. Во современата поезија често се избегнуваат ваквите правила на римување. Се римуваат, на пример, првиот и седмиот стих; вториот и петтиот стих; првиот и деветтиот стих; вториот и шестиот стих итн.

## СТИЛСКИ ФИГУРИ

За поезијата е својствен невообичаениот начин на употреба на јазикот. Зборовите што ги употребуваме во секојдневниот говор во поезијата добиваат друго значење. Во секојдневниот говор зборовите го имаат основното значење: „Човекот *одеше брзо* кон својот дом“. Во поезијата се употребуваат зборовите во нивното преносно значење: „Човекот *леташе* кон својот дом“.

Секојдневниот говор и поетскиот јазик се разликуваат по начинот на изразување. Тој начин на изразување на мислите се вика **стил**.

Науката која го проучува начинот на изразување се вика **стилистика**. Јазичните средства кои имаат преносно значење и со кои се гради поетскиот стил се викаат **стилски фигури**, односно **тропи**.

Основни карактеристики на стилските изразни средства се **сликовитоста** и **звучноста**. Оттаму разликуваме сликовити и звучни стилски фигури. Во сликовити стилски фигури спаѓаат: **метафора, споредба, хипербола, симбол, алегорија, алузија, апострофа, епитет, иронија, градација, тавтологија, перифраза** и други. Звучни стилски фигури се: **ономатопеја, алитерација, асиндетон, полисиндетон, епифора, анафора, асонанца, симплоха** и други.

### ❒ *Запомни!*

Најзначајни карактеристики на лириката се субјективноста и емоционалноста.

Основни препознатливи елементи на поезијата се: стих, строфа, ритам и рима.

Стихот е организирана поетска целина во еден ред.

Строфата е поетска целина составена од два или повеќе стихови.

Ритамот е рамномерно повторување на одреден број елементи од кои се составени стиховите и строфите.

Римата е повторување и звучно совпаѓање на слоговите на крајот од два или повеќе стихови.

Јазичните средства со кои се гради поетскиот стил се викаат стилски фигури, односно тропи.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Кои се најзначајните особини на лириката? Што искажува поетот преку лирската песна?
- Дефинирај ги основните елементи на поезијата: стих, строфа, ритам, рима!
- Какво е значењето на зборовите во секојдневниот говор? Со какво значење се употребуваат зборовите во поетскиот јазик?
- Што е стил? Што е стилистика?
- Што се стилските фигури? Кои се нивните основни карактеристики?

**❒ Задача**

- Откриј ги стилските фигури во следниве стихови:

„Ноќта ја крена црната завеса“ (Генадин Болиновски)

„Трчавме в гора, во борба, о мамо,
да огрее сонце над целиот свет“ (Лазо Каровски)

„Место јагне-темен волк тој згоди“ (Иван Мажураниќ)

„Птиците пеат-ти плачеш,
сонцето грее-ти темнееш“ (Кочо Рацин)

„Да ми купиш робинчица,
да ми чува машко дете,
да ми мете рамни двори“ (Народна песна)

„Бунтовна лута пушка пак молчи
пред студен камен“ (Славко Јаневски)

„И како град почнаа куршумите да врнат“ (Волче Наумчевски)

„Кротко темницата дише во сокачето“ (Блаже Конески)

„Пам, пам, пам-запукаа пушки
фиу, фиу, фиу-свиреа куршумите крај Велета“ (Ѓорги Абаџиев)

## КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЛИРИКАТА

Поделбата на лириката на неколку групи се врши според тематско-мотивските особености и според начинот на кој тие теми и мотиви се обработуваат во песните. Врз основа на овие два критериума лириката се дели на следните групи: **љубовна, социјална, патриотска, религиозна, рефлексивна, пејзажна** и **сатирична лирика**.

Ваквата поделба на лириката се врши врз основа на темите, мотивите и начините кои доминираат во една лирска песна.

**Љубовната лирика** ги опфаќа лирските песни во кои лирскиот субјект ги изразува своите чувства кон саканата личност:

*.........................................*
*Бисеро моме, Бисеро,*
*Зашчо со бисер покриваш,*
*Твоето грло хубаво?*
*Ја нејќу бисер да баца,*
*Тук сака твоето грло.*

(Фрагмент од песната „Бисера“ од Константин Миладинов)

Во **социјалната лирика** се искажуваат мисли и чувства за неправдата која им се нанесува на угнетените и експлоатираните слоеви и за социјалната нееднаквост во општеството:

*........................................*
*ај пуст да е, пуст да би*
*останал животот кучешки!*

*Роди се човек - роб биди,*
*роди се човек - скот умри,*
*скотски цел живот работи*
*за други, туѓи имоти.*

*За туѓи бели дворови*
*копај си црни гробови!*
*........................................*

(Фрагмент од песната „Денови“ од Кочо Рацин)

Лирскиот субјект во **патриотската лирика** ги изразува чувствата на љубов, почит и приврзаност кон татковината. Самиот збор *патриотизам* значи љубов кон татковината:

*..........................................*
*Да ни е да сме доволно*
*колку за да се довардиме*
*покрај Вардарине и Струмине*
*................*
*Малцичка сме ли ете па што*
*малцичка божем а веќе со векови*
*по стопати по севезден нѐ пребројуваат*

*Но ние сме како што сте како што се*
*и покрај сѐ и покрај сѐ*
*колку сме толку сме токму сме!*

(Фрагмент од песната „Нашинска“ од Гане Тодоровски)

Лирските песни во кои доминантните теми и мотиви се од областа на религијата се нарекуваат **религиозни песни**. Во нив лирскиот субјект преку своите чувства ги воспева божествата коишто ги почитува:

*.............................................*

*Боже, Мил Ти благодарам*
*низ бремињата што ме дари*
*тајно со Љубовта Твоја*
*и благодатното откровение.*

(Фрагмент од песната „Откровение“ од Борче Орашански)

**Рефлексивната лирика** уште се нарекува и мисловна лирика или филозофска лирика. Во лирските рефлексивни песни лирскиот субјект преку своите чувства искажува мисли и ставови за определени вистини за светот и за животот на човекот:

*Глужд на глужд.*
*Камен врз камен,*
*од камен и ние обата.*
*Чади нoќта.*
*Зборот се двои од темнината.*
*Модар јаглен му гори во утробата.*
*О, ти што постоиш зашто не постоиш*
*небото го лулаш,*
*земјата ја вртиш.*
*О, ти што постоиш зашто не постоиш*
*земјата јачи под камени плочници.*
*Иде замелушен од своите смрти*
*зборот што ги крши сите слепоочници.*
*.......................................*

(Фрагмент од песната „Раѓање на зборот“ од Ацо Шопов)

**Пејзажната лирика** е описна лирика. Овде спаѓаат лирските песни во кои поетот ги искажува своите чувства предизвикани од природата и појавите во неа:

*Пак сум на Плетвар.*
*Ене го Златоврв!*
*Во синевината се извишил*
*пругоре в небо*
*и за секогаш.*

(Блаже Конески: „Златоврв“)

Во **сатиричната лирика** може да има разни теми и мотиви, но лирските сатирични песни се препознаваат по сатирично-хумористичниот начин на кој поетот ги изразува своите чувства, мисли и ставови.

Преку сатиричните лирски песни се исмеваат негативните карактеристики на поединецот и негативните појави во општеството:

*Леле - леле што ќе беше,*
*што ќе беше да не беше*
*да не беше, да не беше*
*тоа што нема да биде.*

(Петар Т. Бошковски: „Песна за идеалот“)

### ❒ Запомни!

Врз основа на темите, мотивите и начинот на изразување лириката се дели на: љубовна, социјална, патриотска, религиозна, рефлексивна, пејзажна и сатирична.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Врз основа на кои критериуми се дели лириката на лирски групи?
- Во колку групи се класифицирани лирските песни? Кои се тие?
- Дефинирај ги посебните лирски групи! Што искажува лирскиот субјект преку нив?

## ЛИРСКИ ВИДОВИ

Од антиката до денес се издвојуваат неколку лирски видови кои изврршиле значајно влијание во развојот на лириката: **ода, химна, дитирамб, елегија, епиграм, епитаф, поетска проза.** Постојат и лирски видови со утврдена поетска форма како што се **сонет** и **сонетен венец.**

**Одата** е лирска песна во која се искажуваат возвишени чувства на лирскиот субјект или, пак, на заедницата кон одредени личности и појави кои се заслужни и кои имаат големо значење за доброто на целата заедница.

**Химната** е свечена пофалбена песна со која се воздигнува и се слави некое божество, херој, народ или држава. Тонот на химната е свечен и возвишен. Во зависност од мотивот се разликуваат религиозна и национална химна. Химна на македонскиот народ и на македонската држава е „Денес над Македонија се раѓа“ од Владо Малески.

**Дитирамбот** претставува лирска песна во чест на богот Дионис. Во античко време дитирамбот имал обреден карактер. Со оваа песна се слави и се воспева страста, животната радост, среќата, занесот и восхитот:

.............................................
*Ме воодушевува огнот*
*што ги зовре оковите*
*да ме задојат*
*Ааај*
*Ме корне лудото рикање на страста*
*и согорувам таму*
*каде што ги назрев пијаните богатства*
*Мисло*
*ако си искра запали ме*
*ако сум камен фрли ме*
..............................................

(Фрагмент од песната „Свадба“ од Радован Павловски)

**Елегијата** е лирска песна со силно изразена тага. Во неа поетот тагува и жали за нешто што е неповратно загубено - изминатата младост, загубата на блиска личност, изгубената љубов и слично:

*Не е исто,*
*сè е поинаку без тебе.*
..............................................
*Ете, пак чекам на големиот балкон,*
*чинам ќе се појавиш на порта*

*доаѓајќи од ливадите*
*со кроток поглед во мене.*

*Пусти соништа, пусти.*
*Трај срце, јоргованот пак цути,*
*нашиот јоргован*
*најгоре од лозјето, најгоре.*

*Не, не е исто,*
*сè е поинаку без тебе.*

(Фрагменти од песната „Сè е поинаку без тебе“
од Радован П. Цветковски)

**Епиграмот** претставува куса лирска песна со неочекувано заједлив крај во која на саркастичен и хумористичен начин се жигосуваат моралните недостатоци на определени индивидуи, на цели слоеви или, пак, на општеството во целост:

*Со пријателот што ме продаде*
*Стоиме лице в лице. Го прашувам:*
*Колку чинев? - Не прашувај!*
*И сега: Кој сум? Јас? Ограбен!*
*А говорот? А воздивот? А здивот?*
*Моја мала победо - поразу!*

(Славе Ѓ. Димоски: „А јас?“)

**Епитафот** е лирска песна во функција на надгробен натпис. Во него на сериозен или на хумористичен начин се изнесуваат податоци за покојниот. Во македонската литература најпознат е епитафот на Кирил Пејчиновиќ што пред смртта самиот го издлабил на камена плоча:

*Теарце му негово рождение,*
*Пречиста и Хиландар посрижение*
*Лешок му е негоо воспитание,*
*Под плочава негоо почивание*
*От негово свое отшествие*
*До Христово второ пришествие*
*Молит вас браќа негои љубимија*
*Хотјаштија прочитати сија*
*Да речете Бог да би го простил*
*Зере у гроб црвите ги гостил*
*Овде лежи Кирилово тело*
*У манастир и у Лешок село*
*Да Бог за доброе дело.*

**Поетската проза** е лирска поетска творба во прозна форма. Освен формата, сите други елементи на поетската проза имаат лирски карактер - субјективност, емоционалност, непосредност, поттик од надворешниот свет:

*Ноќеска е надвор голем студ, цибрина. Небото сосем јасно, мрзне снегот на улиците. Се враќам доцна дома. Студот ме боцка со танки иглички по писките. Еве ме сега веќе во топла соба. Земам книга да прочитам некоја страница пред спиење. Уште не сум сосем затоплен и студенилото искри од мене. И одеднаш мисла - нагла, јасна и студена - дека е толку природно што сум осамен, дека ништо пологично нема од тоа, дека сè морало да биде како што било. Мрзне крвта во мене оваа ноќ, зашто мрзне сè наоколу.*

(Блаже Конески: „Студ“)

**Лирски видови со утврдена поетска форма** кои и денес сè уште опстојуваат во литературата се **сонетот** и **сонетниот венец**.

**Сонетот** е лирска песна составена од 14 стиха распоредени во четири строфи. Првите две строфи се катрени, а другите две се терцини, односно распоредот на стиховите е 4 + 4 + 3 + 3. За сонетот е карактеристична римата којашто е менлива (абаб, аабб, абба итн.).

**Сонетниот венец** е сложена лирска композиција составена од 14 сонети и еден магистрал. Последниот стих од секој сонет е прв стих во следниот сонет. Сонетниот венец е посветен на некоја личност или на некоја идеја. Магистралот е составен од првите стихови од четиринаесетте сонети и пишуван е во **акростих** - првите букви од секој стих го даваат името на оној кому му е посветен сонетниот венец.

***❒ Запомни!***

Лирски видови се: ода, химна, дитирамб, елегија, епиграм, епитаф, поетска проза.

Одата е лирска песна во која се искажуваат возвишени чувства; Химната е свечена пофалбена песна; Дитирамбот е лирска песна во чест на Дионис; Елегијата е лирска песна со силно изразена тага; Епиграмот е кратка лирска песна со неочекувано затадлив крај; Епитафот е надгробен натпис; Поетската проза е лирска поетска творба во прозна форма.

Лирски видови со утврдена поетска форма се сонет и сонетен венец.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Наброј ги лирските видови!
- Што е химна? Кој е насловот на македонската химна?
- Што е елегија?
- Кој е најпознатиот епитаф во македонската литература?
- Колку строфи има сонетот? Како се распоредени стиховите во тие строфи?

### ❒ Задача

- Во поетската проза „Студ“ од Блаже Конески, пронајди ги и посочи ги конкретните лирски елементи.

### ❒ Пожелно е да го знаеш и ова:

Не ет срамота да прашаш за тоа што не знаиш.
Поеќе милуј а работата одошто празнотата.

*(Запишал: Марко Цепенков)*



# ЕПИКА

Епиката како литературен род ги опфаќа литературните дела во кои се раскажува за некого или за нешто. Во епските литературни дела најчесто се раскажува за настани кои се случиле во минатото и кои се значајни за некоја личност или, пак, за целото општество. Авторот во епските дела се стреми кон објективно прикажување на настаните за кои раскажува. На тој начин преку епиката се создава една слика за минатите времиња.

Епските дела се пишувани и во стих и во проза.

Епските литературни творби се состојат од неколку основни елементи. Основни елементи на секоја епска творба се: **композиција, тема, идеја, фабула, дејство, опис, време, простор, лик, наратор.**

Самиот поим **композиција** ги подразбира последователните делови од кои е изградена една епска литературна творба.

Композицијата, всушност, е начин на кој различните елементи од литературните дела (настани, ликови, ситуации, теми, мотиви) се поврзуваат во единствена уметничка целина.

**Темата** е предметот за кој се раскажува и кој се обработува во епското дело. Темата ги опфаќа настаните, ликовите и проблемите кои се појавуваат и се разработуваат во епиката. Темите во епските литературни дела се разнородни и разновидни.

**Идејата** ја претставува основната замисла на авторот при создавањето на епското дело. Идејата ја покажува и целта на авторот - која е и каква е основната порака што тој ја пренесува до читателот.

Темата и идејата се тесно поврзани меѓу себе. Тие се неделиви и се врзани во едно цврсто единство.

**Фабулата** е низа од настани од кои е изградено епското дело. Тоа се најглавните настани кои меѓу себе имаат причинско-последични врски. Преку нив се отсликуваат особините на ликовите.

**Дејството** е случка, настан. Дејството ја претставува акцијата на ликовите, тоа што ликовите го прават. Нема раскажување без дејство, односно нема епско литературно дело без дејство.

**Описот** е елемент на раскажувањето преку кој се претставуваат просторите, предметите и ликовите во епската творба.

**Времето** и **просторот** се, исто така, задолжителни составни елементи на раскажувањето. Секое раскажување, односно секој настан од раскажувањето, се одвива во определено време и во определен простор.

**Ликот** е еден од основните раскажувачки елементи. Во текот на раскажувањето тој се гради со својства, односно со атрибути (слаб, дебел, висок, низок, лош, добар и слично). Ликот се јавува во раскажувањето во најразлични форми и со најразлични улоги. Поимот *лик* не смее да се поистоветува само со поимот *личност*. Ликот е и личност, но не е само личност. Во басните, на пример, како ликови се јавуваат разни животни кои не се „личности“. Но, ликот не мора да биде и само живо суштество. Во улога на лик може да се јави и некој предмет: *јажето* со кое јунакот прескокнува некоја бездна е лик-помошник; *затворениот прозорец со решетки* е, исто така, лик-противник зашто му попречува на јунакот да го изврши дејството што му е доделено во раскажувањето итн. Тоа се таканаречени „неживи“ или неантропоморфни ликови.

Поимот **наратор** значи раскажувач. Нараторот раскажува за дејствата, настаните, случките; ги опишува местата и ликовите кои се дел од литературното дело. Често како наратори се јавуваат и самите ликови во делото. Постојат два вида наратори: сезнаечки наратор и колеблив наратор. Сезнаечки наратор, кој уште се нарекува сеприсутен, е оној раскажувач што има увид во сите настани коишто се дел од раскажувањето. Тој гледа сè и раскажува за сè. Колебливиот раскажувач покажува извесна несигурност во однос на она што го раскажува или, пак, нема увид во сите делови од раскажувачката структура.

❒ ***Запомни!***

Во епиката се раскажува за настани кои се случиле во минатото и кои се значајни за некоја личност или, пак, за целото општество.

Основни елементи на секоја епска творба се: композиција, тема, идеја, фабула, дејство, опис, време, простор, лик, наратор.

Поимот лик не смее да се поистоветува само со поимот личност.

## ❒ Провери ги своите знаења!

- Во каква форма се пишувани епските дела?
- Кои се основните елементи на секоја епска творба?
- Што е тема? Што е дејство? Што е опис?
- Што е лик? Во какви форми може да се јави ликот?

## ❒ Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!

„Веќе од поодамна наратолозите прават разлика меѓу процесуални и стазисни наративни искази, односно меѓу елементи на дејството и елементи на описот... Теоријата на реализмот покажа дека во реалистичното раскажување постојат цели „ахронски“ пасажи во кои дејството мирува, односно се продуцираат стазисни наративни искази. Тие места, кои обично во реалистичната теорија се викаат описи, кога се сврзани со ликот се именуваат како портрети. Вообичаено е веќе да се говори за мајсторските портрети на Балзак, Стендал, Толстој или Гогољ“.

*Венко Андоновски*



# ЕПСКИ ВИДОВИ

Класификацијата, односно поделбата на епиката најчесто се врши според два критериума - според формата и според обемот на епското дело. Така, според формата се разликуваат **епски дела во стих** и **епски дела во проза**. Според обемот се разликуваат: **мали епски дела** и **големи епски дела**.

Во епски дела во стих спаѓаат епска песна и епопеја. Во епски дела во проза спаѓаат расказ, новела, повест и роман.

Во мали епски дела спаѓаат: епска песна, расказ и новела. Во големи епски дела спаѓаат: **епопеја, повест и роман.**

Независно од тоа која класификација ќе ја земеме предвид, во основни епски литературни видови се вбројуваат: **епска песна, епопеја, расказ, новела, повест и роман**.

**Епската песна** е повеќе карактеристична за народната литература, но се јавува и во уметничката литература. Епската песна е мала епска литературна творба во стихови. Во неа се пее за една случка, односно еден настан што е значаен за животот на една личност или, пак, за целата заедница. Епските песни се составен дел на епопеите. Една епопеја е составена од повеќе епски песни.

**Епопејата** е обемно епско литературно дело во стихови. Во епопејата се опеваат настани и личности кои заземаат значајно место во историјата на еден народ или, пак, воопшто во историјата на целото човештво. Темата во епопејата е возвишена и херојска. Во неа се среќаваат бројни ликови, а носител на основното дејство е главниот лик, односно јунакот. Се разликуваат два вида епопеја: национална и уметничка. Националната епопеја е дело на целата заедница, но со конечна заслуга на некој поединец. Уметничката епопеја е дело на еден автор. Епопејата уште се нарекува и **еп**. Најпознати светски епови се „Илијада“ и „Одисеја“ од Хомер, индиските епови „Махабхарата“ и „Рамајана“, „Божествена комедија“ од Данте Алигиери, „Изгубениот рај“ од Џон Милтон и други.

Според темата епските дела во стих се делат на историско-јуначки, романтични, религиозни и други.

**Расказот** е кратка епска творба во проза. Во него се опишува еден настан, односно една случка од животот на еден човек или, пак, еден просторно-временски фрагмент од животот на заедницата. Бројот на ликовите е мал. Се раскажува за еден сосема краток временски

период од нивниот живот или за мал број карактеристики на ликовите. Најпознати светски автори на раскази се Николај Гогољ, Лав Толстој, Оноре де Балзак и други, а во македонската литература Рајко Жинзифов, Живко Чинго, Славко Јаневски, Димитар Солев, Драги Михајловски, Венко Андоновски и други.

**Новелата** е епско дело во проза со неочекуван и ненадеен крај. Според обемот, новелата е меѓу расказот и повеста. Новелата опишува еден настан или авантура на мал број ликови. Настанот се случува во краток временски период. Дејството е динамично и интересно, а брзо настануваат неочекувани пресврти кои кај читателот предизвикуваат чудење и задоволство. Во светски рамки најпознати се новелите на Џовани Бокачо со наслов „Декамерон“, но и на Алфонс Доде, Ги де Мопасан, Антон Чехов и други. Меѓу македонските автори познати новелисти се Блаже Конески, Живко Чинго, Петре М. Андреевски и други.

**Повеста** е средно епско дело во проза. Структурата на повеста е посложена отколку во расказот и новелата. Во него се опишуваат повеќе настани и ликови. Дејството се одвива во повеќе вкрстени и паралелни линии кои потоа се усогласуваат во една целина. По својот обем, повеста се наоѓа меѓу расказот и романот. Најпознати македонски автори на повести се Стале Попов и Славко Јаневски.

**Романот** е обемна епска творба во проза. Постојат и романи во стихови, но тие се многу ретка појава во литературата. Во романот се опишуваат голем број настани и ликови од разни историски епохи во минатото или, пак, настани и ликови со фантастичен карактер. Главните ликови се носители на главното дејство и на главната идеја во романот. Најчесто во романот има главен лик, односно јунак, околу кого се врти сето раскажување. Ликовите често претставуваат цела една група или класа во општеството, па затоа за нив се вели дека се типични ликови или ликови-типови. Според тематско-мотивските особености романите се делат на **општествени, семејни, психолошки, историски, авантуристички, љубовни, витешки, криминалистички романи** и други. Најпознати македонски автори на романи се Стале Попов, Славко Јаневски, Владо Малески, Јордан Леов, Ѓорѓи Абаџиев, Живко Чинго, Петре М. Андреевски, Ташко Георгиевски, Димитар Солев, Петре Бакевски, Драги Михајловски, Венко Андоновски и други.

Покрај веќе спомнатите основни епски видови постојат и други: **пародија, патопис, есеј, биографија, фељтон, репортажа** и слично.

### ❐ *Запомни!*

Според формата се разликуваат епски дела во стих и епски дела во проза, а според обемот мали епски дела и големи епски дела.

Основни епски видови се: епска песна, епопеја, расказ, новела, повест и роман.

Епопејата е обемно епско дело во стихови во кое се пее за настани и личности со значајно место во историјата на еден народ или на целото човештво.

Романот е обемна епска творба во проза. Во него се опишуваат голем број настани и ликови од разни епохи во минатото или измислени настани и ликови.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Кои се основните епски видови?
- Кои епски дела се пишувани во стихови, а кои во проза?
- Што е епска песна? Што е епопеја?
- Што е расказ? Што е новела? Што е повест?
- Што е роман? Какви видови романи има според тематско-мотивските особености?

### ❐ *Задача*

- Прочитај една епска песна и еден расказ по твој избор. Пронајди ги во нив најосновните наративни елементи (тема, фабула, дејство, опис, ликови, наратори).

# ЛИРСКО-ЕПСКИ ВИДОВИ

Во литературата се познати и вакви преодни видови меѓу лириката и епиката. Станува збор за литературни творби кои во својата структура содржат елементи од двата вида - и од лириката и од епиката. Проткајувањето на ваквите елементи во едно литературно дело не е механичко. Тоа проткајување се врши во еден организиран систем кој резултира со функционално единство меѓу лирските и епските особености.

Меѓу основните својства на лириката ги спомнавме субјективноста и емоционалноста. Лирскиот субјект ги искажува чувствата и мислите, своите доживувања предизвикани од случувањата во надворешниот свет.

Препознатливи белези на епиката се нарацијата (раскажувањето) и стремежот на авторот за објективно прикажување на настаните за кои раскажува. Меѓу основните елементи на епиката ги спомнавме темата, идејата, фабулата, дејството, описите, ликовите и нараторите.

Како најчести лирски елементи во лирско-епските видови се јавуваат **субјективноста** и **емоционалноста.** Епскиот карактер на лирско-епските видови произлегува од раскажувачките сегменти, односно од развиената **фабула** и **дејството** кое го вршат **ликовите** во нив.

Лирско-епските видови се пишувани во стихови. Тоа значи дека станува збор за поетски литературни творби.

Во лирско-епски литературни видови спаѓаат: **баладата, романсата и поемата**.

**Баладата** е лирско-епска песна во која се опева и се раскажува некој настан, подвиг или трагична судбина на еден или повеќе ликови. Настаните и ликовите во баладата се од подалечната и од поблиската историја. Опевањето и раскажувањето во баладата е потресно и драматично. Проследено е со многу чувственост. Често во баладата се среќаваат таинствени и фантастични елементи. Ритамот на баладата е бавен, а интонацијата тажна. Крајот е најчесто трагичен, односно завршува со смрт на јунакот. Според тематско-мотивските карактеристики баладите се делат на историски, социјални, хумористични и слично.

Најпознати автори на балади во македонската литература се Кочо Рацин, Блаже Конески, Ацо Шопов, Славко Јаневски и други.

Натаму – в поле битолско
чемрее врба проклета
под врбата незнаен гроб,
в гроб лежи војник непознат.

Лежи од војна световна
лежи – и веќе земјосал –
силно го тага изела
за дека тука загинал.
. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

(Фрагмент од „Балада за непознатиот“
од *Кочо Рацин*)

**Романсата** е лирско-епска песна во која се опева и се раскажува некој ведар и весел настан од секојдневниот живот. Во романсите најчесто се опеваат и се раскажуваат љубовни приказни, односно љубовни истории. Стилот во романсите е мирен и одмерен, секогаш со ведар и весел тон. За разлика од баладите, во романсите епилогот не е трагичен. Романсите завршуваат со среќен крај. Тие се ведри, раскошни и често хумористични. Поради таквиот карактер романсите кај читателот побудуваат најчесто ведрина, радост и смеа.

Во македонската уметничка литература романсите ги има помалку од баладите. Најпозната е романсата со наслов „Празнична романса“ од Матеја Матевски.

## *СТОЈАН И ЛИЛЈАНА*

– Учи ме, мајко, карај ме,
како да земам Лилјана,
Лилјана мома убава:
Лилјана ситен босилок,
Лилјана розов трендафил
– Учам те, синко, карам те,
како да земеш Лилјана,
Лилјана мома убава,
Слегни си долу в чаршија,
купи си ѕевгар волови,
изорај рамни дворови,
посеј си бела пченица,
повикај моми на жетва,
Лилјана мома ќе дојде.
. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

(Извадок од истоимената народна песна)

**Поемата** е подолга лирско-епска песна во која се опева и се раскажува некој настан од историјата на еден народ или, пак, некоја случка од животот на една личност. Поемата има епска основа, но во тој епски поетски материјал авторите ги внесуваат своите чувства и лирски расположенија со драматични заплети и расплети. За поемата е карактеристично тоа што таа има развиена фабула низ која се јавуваат бројни ликови. Еден од тие ликови е носител на главното дејство, односно тој е јунак во поемата. Јунак во поемата може да биде и лирскиот субјект кој го опева и го раскажува настанот преку своите лични, субјективни доживувања. Во поемата, значи, ги среќаваме и драмските композициски елементи (експозиција, заплет, кулминација, перипетија, расплет), но и лирската субјективност и емоционалност.

Поемата се појавила во литературата во почетокот на XIX век, односно во времето на романтизмот. Прв автор кој пишувал поеми е англискиот поет Џорџ Гордон Бајрон. Познати се неговите поеми „Дон Жуан“, „Манфред“, „Ѓаур“ и други. По него поеми пишувале и Александар Пушкин, Михаил Лермонтов, Адам Мицкиевич и други. Во македонската литература поемата се појавила во втората половина на XIX век. Најпознати автори на поеми се Григор Прличев, Коле Неделковски, Блаже Конески, Анте Поповски, Михаил Ренџов, Ефтим Клетников и други.

Пискотници се слушаат од Галичник во Река,
што тешка несреќа ги збра
и мажите, и жените, та гласи тажна ека
и навева сал коб и зла.

Дал´ град полињата житородни ги беше фатил?
ил´ рој од скакулци се вдал?
Дал´ султанот арачлии час предвреме им пратил?
да збира арач лут без жал?

(Фрагмент од поемата „Сердарот“
од Григор Прличев)

### ❒ Запомни!

Лирско-епските видови се литературни творби кои во својата структура содржат елементи и од лириката и од епиката.

Лирско-епските видови се пишувани во стихови.

Лирско-епски литературни видови се баладата, романсата и поемата.

Баладата е лирско-епска песна во која се опева и се раскажува некој настан, подвиг или трагична судбина на еден или повеќе ликови.

Романсата е лирско-епска песна во која се опева и се раскажува некој ведар и весел настан од секојдневниот живот.

Поемата има епска основа, но во неа авторите ги внесуваат и своите чувства и лирски расположенија.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Кои се основните лирски и епски елементи во лирско-епските видови?
- Кои литературни творби спаѓаат во лирско-епски видови?
- Што е балада?
- Што е романса?
- Која е основната разлика меѓу баладата и романсата?
- Што е поема? Кога се појавила таа во литературата?

### ❒ Пожелно е да го знаеш и ова:

Мрзата си ја носит сиромаштијата по себе.

(Запишал: Марко Цепенков)

# ДРАМА

Покрај лириката и епиката, драмата е третиот основен литературен род. Под поимот **драма** подразбираме литературна творба пишувана во дијалошка форма во која настаните, темите и идеите се прикажуваат и се опишуваат исклучиво преку говорот и дејството на ликовите. Во драмите се прикажуваат настани од минатото, но и настани од современоста; настани кои се значајни за историјата на еден народ, но и настани кои се значајни за една личност, односно индивидуа.

Драмите можат да бидат напишани во стихови или во проза, но и комбинирани - со стихови и проза.

Со драмите е тесно поврзан театарот. **Театарот** е гледалиште, односно зграда во која има сцена на која се изведува драмата пред публика. Сценската изведба на драмата се нарекува театарска претстава. Драмите понекогаш се изведуваат и на таканаречени отворени сцени - плоштад, улица, кале и слично. Театарскиот режисер ја организира изведбата на драмата на сцена врз основа на драмскиот текст. Актерите се индивидуи кои ги интерпретираат, односно ги глумат на сцена улогите на ликовите во драмата. Покрај тоа, значајни елементи на театарската претстава се сценографијата (поставеноста на објектите и предметите на сцената), костимографијата (облеката на ликовите) и друго.

Основни структурни елементи, односно белези на драмата се: **композиција**, **драмско дејство**, **ликови**, **простор и време**, **дијалог**, **монолог**, **пролог**, **епилог**, **чин, слика, сцена**, **дидаскалии**.

**Композицијата** на драмата е сложена структура. Дејството на драмата се одвива низ пет основни композициски етапи: **експозиција, заплет, кулминација, перипетија, расплет.**

**Експозицијата** претставува вовед во раскажувањето. Авторот ги дава основните податоци за настаните и за ликовите за кое ќе се раскажува. **Заплетот** е еден вид недоразбирање, судир, конфликт меѓу

ликовите во епското дело. Дејството на ликовите е насочено кон разрешување на тој конфликт. **Кулминацијата** е највисоката точка што ќе ја постигне конфликтот во драмското дејство. Оттука започнува разрешувањето на конфликтната ситуација, односно расплетувањето на заплетот. **Перипетија** е пресврт во дејството. Тоа е неочекувана случка, односно непредвидена препрека пред која ќе се најдат ликовите во драмската литературна творба. **Расплетот** го најавува крајот на драмското дело. Расплетот е, всушност, разрешување на конфликтот, односно елиминирање на заплетот.

**Драмското дејство** е клучен елемент на драмата. Самиот поим драма значи дејство. Под драмско дејство се подразбираат постапките што ги преземаат ликовите во драмата.

**Ликовите** се носители на дејството во драмата. Преку нивниот говор и преку нивните постапки авторите ги пренесуваат своите теми, идеи и ставови до публиката. Она што го заклучивме за ликовите во епските творби важи и за ликовите во драмските творби.

**Просторот** и **времето** се неопходни елементи за одвивање на драмското дејство. Дејството во драмата се одвива на определен простор во определено време. Во таа смисла треба да се разликува просторот и времето кои се прикажани со драмското дејство од една страна и просторот и времето на театарската претстава од друга страна.



*„Бегалка“*

**Дијалогот** е разговор меѓу два или повеќе ликови во текот на драмското дејство. Преку дијалозите се изразуваат темите, идеите, ставовите на авторот на драмата. Дијалозите често се користат за искажување на расположенијата на ликовите во драмата.

**Монологот** ги претставува размислувањата и ставовите на еден лик во драмата. Ликот може да води монолог со себеси, односно гласно да размислува или, пак, да ѝ се обраќа на публиката.

**Прологот** и **епилогот** се два структурни елементи кои ги заокружуваат почетокот и крајот на драмата. Прологот се јавува на почетокот на драмата и ја информира публиката (гледачите, читателите или слушателите) за времето и просторот каде што ќе се одвива драмското дејство. Епилогот е на крајот од драмата и во него се кажува што се случува натаму со ликовите по расплетот во драмата или се искажува пораката на авторот.

**Чинот, сликата** и **сцената** се составни делови на драмата. **Чинот** е една заокружена целина во драмата. Чинот се дели на слики и сцени. **Слика** претставува краток временски дел од драмата кој заокружува едно дејство на ликовите. **Сцената** е заокружена целина на сликата која завршува со влегување на нови ликови во драмското дејство.

**Дидаскалиите** се упатства кои авторот на драмата ги пренесува до читателите, актерите и до режисерот. Дидаскалиите се даваат во заграда и со курзивни букви. Во нив авторот наведува податоци за времето и просторот (местото) на дејството, за изгледот на сцената, за костимите на актерите, за нивните постапки и слично.

❒ ***Запомни!***

Драмата е литературна творба во дијалошка форма во која настаните, темите и идеите се прикажуваат и се опишуваат преку говорот и дејството на ликовите.

Драмите можат да бидат напишани во стихови или во проза, но и комбинирани - со стихови и проза.

Театарот е гледалиште, односно сцена на која се изведува драмата пред публика.

Основни структурни елементи на драмата се: композиција; драмско дејство; ликови; простор, време; дијалог; монолог; пролог, епилог; чин, слика, сцена; дидаскалии.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Што подразбираме под поимот драма?
- Во каква форма се пишуваат драмите?
- Што е театар? Што е театарска претстава?
- Кои се основните структурни елементи на драмата?
- Што е драмско дејство?
- Што е дијалог? Што е монолог?

### ❒ Задача

- Прочитај една драма по твој избор. Пронајди ги и посочи ги дијалозите, монолозите и дидаскалиите во драмата.

### ❒ Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!

„Ако ја погледнеме структурата на секоја драмска сцена, или пак на кој било виц, ќе забележиме дека има еден момент каде што насоката на движењето се менува, каде што правата линија формира агол, прави нагол пресврт, фаќа кривина, неочекувано се крши, формира лак. Овој агол ја содржи драмската тензија на сцената, тука се крие драмскиот пресврт, нејзината драмска енергија, нејзината драмска калорична вредност".

*Горан Стефановски*

**КОМПОЗИЦИЈА НА ДРАМСКО ДЕЛО**

3. Кулминација

↗ ↘

2. Заплет 4. Перипетија

↗ ↘

1. Експозиција 5. Расплет

## ДРАМСКИ ВИДОВИ

Појавата на драмата е забележана уште во античкиот период кога од таканаречените дионизиски обредни игри се развила трагедијата. Паралелно со неа се појавувала и комедијата. Во текот на историскиот развој на литературата се јавувале разни видови и подвидови на драмата.

Во современата наука за литературата како основни драмски видови се издвојуваат: **трагедија, комедија, трагикомедија и драма во потесна смисла на зборот.**

**Трагедијата** е драмска творба во која се прикажува несреќната судбина на јунакот кој трага по некоја возвишена, но недостижна цел. Трагедијата најчесто завршува со смрт на главниот лик, односно на јунакот. При потрагата по целта која си ја поставува пред себе, јунакот влегува во судир, односно во конфликт со други ликови или, пак, со средината, односно со општеството. Стилот во трагедијата е возвишен и достоинствен, а дејството е динамично. Несреќата на јунакот кај публиката предизвикува чувство на страв и сожалување поради немоќта на човекот да ја победи и да ја промени својата зла судбина. Најпознати автори на трагедии се Софокле, Есхил, Вилијам Шекспир и други.

**Комедијата** претставува драмска творба во која се подложуваат на потсмев негативните особини на луѓето или негативните појави во општеството. Во комедијата, значи, се обработува смешната страна на животот. Во неа доминираат луѓе и настани од секојдневниот живот. Смешното, односно **комичното** се постигнува со потенцирање на неусогласеноста меѓу способностите и можностите на ликовите од

една страна и нивните желби, копнежи и стремежи од друга страна. Комичен ефект, на пример, се постигнува кога еден лик, за кого сите знаат дека е плашлив, се прави многу храбар. Тоа значи дека јунаците во комедијата најчесто се вообразени, скржавци, страшливци, глупави, ограничени, кариеристи и слично. Комедијата предизвикува смеа кај публиката. Таа ги критикува негативните особини и појави.

Врз основа на темите и начинот на кој се обработува комичното разликуваме неколку подвидови на комедијата: психолошка комедија, општествена комедија, комедија на интриги, комедија дел арте, фарса, гротеска, мелодрама и слично. Психолошката комедија ги исмева негативните особини на луѓето. Општествената комедија ги исмева негативните појави во општеството. Во комедијата на интриги доминираат збрките, недоразбирањата, сплетките и перипетиите. Во фарсата комичното се постигнува со двосмисленоста на зборовите и глумата на актерите итн. Најпознати автори на комедии се Аристофан, Вилијам Шекспир, Бранислав Нушиќ и други.

**Трагикомедијата** е драмска творба во која на разни начини и со разни постапки комичните елементи се проткајуваат со трагичните. Драмските дејства и заплетот во трагикомедијата се сериозни и со возвишен стил како во трагедијата, но крајот, односно расплетот е комичен. Затоа за трагикомедијата се употребуваат уште и термините **трагична комедија** или **комична трагедија**. Типична трагикомедија е пасторалата, а во современата литература како посебен тип трагикомедија се јавува драмата на апсурдот. Најпознати автори на трагикомедии се Плаут, Антон Чехов, Семјуел Бекет и други.

**Драма во потесна смисла на зборот** е драмска творба во која доминираат теми и мотиви од секојдневниот современ живот. Во неа не се почитуваат стриктно правилата на класичната трагедија и комедија. Тоа значи дека авторите во овој вид драма внесуваат нови теми, но и нови постапки и драмски техники при создавањето на драмското дело. Во драмата во потесна смисла на зборот доминира внатрешниот свет на ликовите, нивните дилеми, маки и страдања во цивилизациските стеги на современите општества. Според тематските и стилските особености драмата во потесна смисла на зборот може да се подели на ренесансна, романтичарска, реалистичка, натуралистичка, социјална, психолошка, симболична и слично.

Покрај овие, развојот на технологијата овозможи да се појават и нови драмски видови како што се **радио-драмата** и **телевизиската драма**. Радио-драмата е специфичен драмски вид затоа што во неа

звукот ја има главната улога при претставувањето на драмското дејство. Преку гласовите на актерите и разни звуци и шумови кај слушателите се создава сликата за настаните што се случуваат во радиодрамата.

Најзначајни македонски драмски автори се Војдан Чернодрински, Димитар Г. Молеров, Никола Киров - Мајски, Ристо Крле, Васил Иљоски, Антон Панов, Коле Чашуле, Томе Арсовски, Горан Стефановски, Русомир Богдановски, Јордан Плевнеш, Венко Андоновски, Дејан Дуковски и други.

### ❐ *Запомни!*

Основни драмски видови се трагедија, комедија, трагикомедија и драмата во потесна смисла на зборот.

Трагедијата е драмска творба во која се прикажува несреќната судбина на јунакот кој трага по некоја возвишена, но недостижна цел. Трагедијата најчесто завршува со смрт на јунакот.

Комедијата е драмска творба во која се подложуваат на потсмев негативните особини на луѓето или негативните појави во општеството.

Трагикомедијата е драмска творба во која на разни начини и со разни постапки комичните елементи се проткајуваат со трагичните.

Во драмата во потесна смисла на зборот не се почитуваат стриктно правилата на класичната трагедија и комедија.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Кои се основните драмски видови?
- Што е трагедија? Како најчесто завршува трагедијата?
- Што е комедија? Како се постигнува комичен ефект?
- Што е трагикомедија?
- Кои се најзначајните македонски драмски автори?

***Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!***

„Комедијата е, како што рековме, подражавање на попрости луѓе, само сепак не на сосема лоши, ами на она што е кај нив грдо, од коешто смешното е само еден дел; зашто смешното е некаков недостаток и безболна грдост што не донесува голема штета, како што, наедно, и смешното лице е нешто грдо и искривено, но без болка... Трагедијата е подражавање на сериозно, цело и завршено дејство со определена должина во дотеран говор, и тоа одделно за секој вид во неговиот дел, преку лица што дејствуваат, а не со прераскажување, а што со жал и страв го исполнува составот на такви (т.е. жални и страшни) собитија".

*Аристотел*

<table>
<tr><th colspan="4">ЛИТЕРАТУРНИ РОДОВИ</th></tr>
<tr><td>ЛИРИКА</td><td>ЕПИКА</td><td colspan="2">ДРАМА</td></tr>
<tr><th colspan="4">ЛИТЕРАТУРНИ ВИДОВИ</th></tr>
<tr><td>Лирски видови</td><td>Епски видови</td><td>Лирско-епски видови</td><td>Драмски видови</td></tr>
<tr><td>ода</td><td>епска песна</td><td>балада</td><td>трагедија</td></tr>
<tr><td>химна</td><td>епопеја</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>дитирамб</td><td>расказ</td><td>романса</td><td>комедија</td></tr>
<tr><td>елегија</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>епиграм</td><td>новела</td><td>поема</td><td>трагикомедија</td></tr>
<tr><td>епитаф</td><td>повест</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>сонет</td><td>роман</td><td></td><td>драма во потесна смисла на зборот</td></tr>
<tr><td>поетска проза</td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>



# ИСТОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА

## НАЈСТАРИТЕ ЛИТЕРАТУРИ НА СВЕТОТ

Во историјата на литературата посебно место и значење имаат најстарите литератури во светот кои потоа и во идните векови ќе бидат примери и уметничко-естетски резултати кои ќе влијаат во развитокот на книжевноста. Во тоа семејство спаѓаат: асирско-вавилонската, египетската, персиската, индиската, кинеската, хеленската, римската и средновековната литература.

Асирско-вавилонската води потекло од сумерската литература која потекнува од пред три илјади години пред нашата ера. Биле создадени сите книжевни жанрови, освен драмата. Најпознати дела се епот за создавањето на светот, митот за Ири, легендите за патувањата на божицата Иштар во пеколот и полубогот Гилгамеш до бесмртноста. Покрај митолошко-религиозните творби познати се филолошки (сумерски) и граматички текстови. Во првата фаза од развитокот на јазикот било користено пиктографското сликовито писмо, а подоцна клинестото писмо испишувано на глинени плочки.

Најстарите дела од египетската литература датираат од три илјади години пред н. е. и тоа се песни на робовите, песни издлабени на круните на египетските фараони, натписи на гробниците во кои се опишувал животот на умрениот и текстовите на пирамидите. Најпознато дело е „Поуките на Птахотеп“ кое претставува морално-политички совети од еден старец до неговиот син. Развитокот на литературата се дели според нејзината припадност од времето на Старото, Средното и Новото царство. Биле создадени дела од сите книжевни родови. Старата египетска литература завршила во првиот век од новата ера со појавата на христијанството во Египет.

Старата хебрејска литература карактеристична е по тоа што била создавана на повеќе територии и била испишувана на иврит и јидиш, стари хебрејски јазици. Од дванаесеттиот до седмиот век пред н. е. литературата била распространета во Палестина и тоа е првиот

период. Кога во четвртиот век Вавилон ја покорил Палестина го најавува вториот период од развитокот на оваа литература кога била канонизирана и „Библијата“. Оваа збирка на запишани споменици на културата, разнородни по форма и по содржина биле создавани со векови; од XII век пред н. е. до II век пред н. е. Составена е од два дела: „Стар завет“ и „Нов завет“. Останала таа книга над книгите која и денеска е инспирација за нови дела во светската литература.

Персиската литература во семејството на најстарите литератури во светот, е позната од првиот милениум пред н. е. до крајот на првиот милениум на н. е. Познати се две фази во нејзиниот развиток. Во првата фаза, седмиот век пред н. е., се појавуваат првите писмени споменици и посебно значајни се филозофско-религиозните учења на Заратустра. Периодот од третиот до деветтиот век го означува вториот период со Сасанидското царство во Иран и неговото паѓање под арапскиот калифат.

Старата индиска литература почнува со познатите книги именувани веди, пишувани на санскритски јазик кои потекнуваат од X век пред н. е. Тоа се четири книги: „Ригведа“, „Самаведа“, „Јаџурведа“ и „Атхарваведа“. За најстара се смета првата веда и се претполага оти настанала пред Хомеровите епови. Средниот период го исполнуваат еповите. Најпознати дела се „Махабхарата“ и „Рамајана“, како и „Валмики“. Златното време на старата индиска литература е поврзано за династијата Гупта од Канауџа, кога посебно омилени и популарни биле драмите.

Религиозните песни и списи од пред две илјади години пред н. е. го означуваат почетокот на старата кинеска литература. Но, вистинската книжевност почнала дури во VI век пред н. е. Книгата со песни „Шицзин“ не е само најстарата, туку тоа е книга која го одредила развитокот на кинеската уметничка литература. Меѓу сите овие литератури најмлада е јапонската литература. Се појавила три илјади години по писменоста во Асирија и Вавилонија. Од примитивен народ без писмо прераснува во народ со висока култура и во таквиот развиток посебно место имаат два фактори. Контактот и влијанијата со старата кинеска литература и воведувањето на кинеското писмо, и будизмот кој се распространувал во VI век и извршил историско влијание на нивните примитивни институции.

## „ГИЛГАМЕШ“

Околу вториот милениум пред новата ера бил создаден најстариот книжевен споменик во светската литература – епот за Гилгамеш. Неговите општочовечки и универзални пораки, естетските вредности,

создале книжевно дело со трајна вредност. Творбата била испишана на дванаесет глинени плочки. Нејзината композиција ја сочинуваат два дела. Првите седум плочки од првиот дел ги проследуваат другарството, љубовта и верноста, како и јуначките подвизи на Гилгамеш и Енкиду. Вториот дел е составен од пет плочки. Останат сам, по смртта на пријателот, Гилгамеш е во потрага по „тревката на вечноста" и се обидува да допатува до бесмртноста.

Човекот е главниот лик во епот за „Гилгамеш". Со него се рушат ненапишаните правила во вавилонските епови во кои како ликови се јавуваат боговите. Тој е човек кој знае да сака и да мрази, ги посакува сите благодети и задоволства во животот и во светот. Едноставно Гилгамеш го живее проклетството на боговите, но негова единствена судбина е онаа на смртниците. Божицата Аруру, на молба од граѓаните на Урук и по наредба на богот на сонцето Ану, ќе го создаде суштеството Енкиду. Негова задача е да ја уништи силата на Гилгамеш.

Се среќаваат, се борат и меѓу нив се врзува трајно пријателство. Наместо меѓусебното уништување, Гилгамеш и Енкиду заедно војуваат. Ги убиваат чуварот на Кедровата Гора, Хумбаба, небесниот бик и пред нив нема несовладлива пречка. Изморен и осуден од боговите на смрт Енкиду умира. Неговата загуба за Гилгамеш останува непрежалена болка. Сам и тажен на долгиот и неизвесен пат, стигнува и од прататкото Утнапиштим ја бара „тревката на вечноста". Тој, како прототип на библискиот Ное, ја открива сликата на потопот на светот (единаесеттата плоча). Гилгамеш ја има магичната тревка. Сакал да им ја подели на луѓето од својот град. Но, змијата му ја зела и таа, всушност јасно ја покажала бесмислата на Гилгамеш во потрага по бесмртноста. Тој кој бил две третини бог, а една третина човек, неминовно е осуден на смрт.

***❐ Запомни!***

Најстарите литератури на светот извршиле пресудно влијание и во развитокот на другите уметности. Посебно влијаеле и во јазикот, во филозофијата и во науката. Нивните трајни пораки, естетските вредности и денеска се инспирација за создавање на нови дела во светската литература.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Кога настанал епот за Гилгамеш, најстариот пишан споменик во светската литература?
- Во што е разликата меѓу „Гилгамеш“ и вавилонските епови?
- Што се проследува во плочките од првиот и во плочките од вториот дел на епот?
- Која е смислата во другарувањето меѓу Гилгамеш и Енкиду?
- Задржи се на најдраматичните сцени, со тоа и стожерни сцени во епот, на осмата и на единаесеттата плоча.
- Зошто епот за Гилгамеш е револт и побуна против смртта?

## ХЕЛЕНСКА ЛИТЕРАТУРА

Хелените во најстарите епохи од своето постоење, како и другите народи имале своја митологија. Во неа се многуте приказни за хеленските богови, за херои и други натприродни суштества кои по пораките и уметничко-естетската вредност највисоко се издигнуваат над митологиите на сите други народи. Тие се дел од нивното катадневие и од сфаќањата и толкувањата на човекот, светот и животот. Непресушните изворишта на хеленската митологија, религија и филозофија до денешни дни претставува инспирација за нови дела и вредности во светската литература и уметност.

Хеленската литература науката децидно ја одредила како најсовршена, најоригинална и највредносна што на човештвото му ја дала античката литература. Во временскиот период од X до VII век пред н. е. биле создадени еповите „Илијада“ и „Одисеја“ кои му се припишуваат на Хомер и двете песни „Теогонија“ и „Работи и денови“ од Хесиод. Во VI век пред н. е. доминира лирската поезија со нагласени религиозни, политички и елегични тонови. Нејзини најзначајни претставници биле: Солон, Тиртеј, Терпандар, Архилох, Симонид, Алхеј, Езоп, Сафо, Анакреонт, Стезихор, Алкман, Бакхилид, Арион и Пиндар.

Во V век пред н. е., време кое е познато и како епоха на Перикле, развитокот на литературата го достигнува сопствениот врв. Во сите

жанри ги остварува најчистите и совршени форми. Трагедијата со Есхил и неговата трилогија „Агамемнон“, „Надгробно жртвување“ и „Евмениди“, Софокле кој напишал 123 дела, а познати се седум: „Цар Едип“, „Антигона“, „Електра“, „Тројанки“, „Едип во Колон“, „Ајакс“ и „Филоктет“. И третиот голем трагичар Еврипид кој напишал 92 творби, од кои се сочувани 17 трагедии и една сатирична драма. Најпознати му се: „Медеја“, „Електра“, „Јон“, „Алкестида“, „Иполит“, „Елена“, „Ифигенија во Авлида“ и „Ифигенија во Таврида“.

Комедијата е под знакот на Аристофан. Од неговите напишани 44 биле сочувани 11 комедии. Голема слава и углед му донеле: „Жаби“, „Птици“, „Жени во собранието“ и „Витези“. Се остваруваат непроценливи вредности и во областа на филозофијата. Платон е родоначалник на хеленскиот објективен идеализам. Бил ученик на Сократ и учител на Аристотел. Неговите дела биле сочувани целосно и опфаќаат 35 дијалошки расправи и 13 писма. Енциклопедистот Аристотел оставил врвни дела од областа на филозофијата, естетиката, етиката, реториката, политиката, аналитиката, метафизиката, физиката и зоологијата. Проучувањата и согледбите за античката литература ги тестаментирал во своите дела: „Поетика“, „Реторика“ и „Метафизика“.

Својот просперитет го бележела и историјата. Најзначајни претставници се Херодот, Тукидид и Ксенофонт и посебно беседништвото со Исократ, Демостен, Есхин, Лисија, Хиперид и Ликург. Александриското и грчко-латинското време доаѓаат по IV век пред н. е. Сочувани се убавината на стилот и чистотата на формите, но литературата ја изгубила сопствената моќ и оригиналност. Најзначајни писатели се Теокрит (идила), Квинет (еп), а во областа на филозофијата најголеми имиња се Зенон на стоицизмот, Епикур на епикурејството, Пирон на скептицизмот и неоплатонизмот со тројцата најголеми филозофи Плотин, Орфирије и Ијамблих.

Просперитетот на историската мисла бележи нови вредности со Плутарх, Диодор, Страбон и Паусиниј. Во сатирата како популарна забава посебно место имал Лукијан. Бројни биле критичарите и граматичарите и нивни најзначајни претставници се Зенодот и Зоил. Во вториот век од н. е. со појавата на христијанството се создале нови книжевни видови и резултати. Меѓу нив најпознати се апологијата, религиозната полемика и беседништвото. Новото време ја донело доминацијата на византиската литература во која хеленската литература сочувала одделни класични форми и дел од античката традиција. Но, врз сето тоа свој сопствен знак и значење втиснало христијанството.

## МИТОТ ЗА ЗЛАТНОТО ЈАБОЛКО

Митот за златното јаболко е поврзан со најстрашниот и последен подвиг на Херкул, синот на врховниот бог Зевс и на Алкмен, ќерка на микенскиот крал Електрион. Тоа е тема во завршната дванаесетта приказна/ подвиг на Херкул во освојувањето и пресоздавањето на неможното. Требало да дојде до големиот титан Атлас, кој на своите плеќи го држел небесниот свод. Од неговата градина требало да ги донесе трите златни јаболка. Тие растеле на златното дрво кое Геа, божицата на земјата, на денот на свадбата на Зевс го извадила од своите пазуви како подарок за Хера. Градината била чувана од ќерките на Атлас, Хесперидите, и од стоглавата ламја Ладон. Чудовиштето никогаш не заспивало и од стоте негови грла постојано излегувало страшно ревање.

Како да се стигне до градината на Хесперидите и Атлас? Никој не го знаел патот кој водел до неа. Долго било патувањето на Херкул по Европа и Азија. Стигнал до најдалечниот север, до реката Еридон и прекрасните нимфи го посоветувале како да дојде до неговата цел. Го послушал нивниот совет. Кога излегол од брегот на морската бездна, ненадејно го нападнал морскиот пророк Нереј. Борбата со него била долга и тешка. Од железните прегратки на Херкул, пророкот вешто се ослободувал секогаш престорувајќи се во најразлични ликови. Откако се изморил, Херкул го врзал и го принудил да му ја одгатне тајната за патот до градината. Потоа морскиот старец го пуштил на слобода.

Херкул требало да го мине патот и низ Либија. А тука била и новата пречка. Бестрашниот исполин Антеј, синот на Посејдон и Геа, божицата на земјата, ги принудувал сите кои минувале оттука да се борат со него и потоа ги убивал. Антеј бил непобедлив. Тајната на неговата сила била во допирот со земјата. Чувствувајќи дека ја губи силата, се допирал до својата мајка и едноставно станувал неуништлив. Борбата како да немала крај. Само што ќе го кутнел наземи, силата на Антеј се зголемувала. Одеднаш, моќниот Херкул го кренал високо во воздухот, Антеј ја изгубил силата и бил задушен.

Стигнал во Египет и крај брегот на реката Нил, Херкул заспал. Бузирис, синот на Посејдон и на Лизијанаса и крал на Египет, го заробил и го врзал заспаниот јунак. Во земјата девет години владеело неплодородие. Кипарскиот пророк Тразиј претскажал дека злото ќе престане ако кралот секоја година му принесува како жртва по еден странец на

Зевс. Херкул ги раскинал јажињата, ги убил Бузирис, неговиот син Амфидамант и сите египетски свештеници присутни на чинот на жртвувањето.

Стигнал и до титанот Атлас. „Ќе ти ги дадам златните јаболка под еден услов. Додека јас одам по нив, ти ќе треба да застанеш на моево место и да го држиш на своите плеќи небесниот свод". Неверојатна тежина се стоварила на плеќите на Херкул. Атлас ги донел трите златни јаболка и предложил да ги носи во Микена, а Херкул, додека тој се врати, да го држи небесниот свод. Разбирајќи ја итроста на Атлас, тој ја искористил сопствената итрост. Го замолил за миг, додека си направи перница, Атлас да ја преземе врз себе тежината на небото. Се збогувал и му порачал оти не би сакал вечно на своите плеќи да ја носи тежината на небото.

Херкул се вратил кај Евристеј и му ги дал трите златни јаболка. Тој ги положил на олтарот од Атина Палада, а таа ги вратила во градините на Хесперидите, зашто свето било нивното чување само таму. По својот дванаесетти подвиг, Херкул бил ослободен од службата кај Евристеј.

### ❒ *Запомни!*

Хеленската литература како и другите народи, имала своја митологија. Нејзините приказни за боговите, големите херои и другите натприродни суштества по пораките и естетските вредности, највисоко се вреднувани над митологиите на сите други народи.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Херкул во неговите подвизи ги користел и силата и умот. Која била силата во неговиот најстрашен подвиг во борбите со Еридон, Антеј и Бузирис?
- Каква итрост меѓусебно користеле Херкул и Атлас?
- Зошто трите златни јаболка одново биле вратени во градините на Хесперидите и Херкул бил ослободен од службата кај Евристеј?

# ХОМЕР

Сликовитите споредби и богатите споредбени венци, особено во *Илијадата*, ги прават описите на толку честите борби и двобои интересни и го задржуваат нашето внимание, а постојаните и сложените епитети ѝ даваат на оваа поезија посебна привлечност.

*Михаил Петрушевски*



*Хомер*

Хомер е најзагадочниот автор од хеленската литература. Препознатлив е како автор на двете мошне значајни епопеи - „Илијада“ и „Одисеја“.

Не е познато во кој период точно живеел и творел Хомер. Некои историчари тврдат дека живеел во XII век п.н.е. Други, пак, велат дека живеел во VIII век п.н.е. Трети сметаат дека Хомер живеел во XI, во X или во IX век. Сепак, кај сите историчари постои општа согласност дека Хомер живеел по Тројанската војна која е опишана во „Илијада“ и која се одвивала од 1193 до 1183 година п.н.е.

Многу дилеми има и во врска со прашањето за неговото место на раѓање. Во науката се спомнуваат дури единаесет локации како можни места каде што се родил Хомер. Меѓу нив се Хиј, Итака, Пил, Ким, Смирна, Хиос, Родос, Аргос и други. Како најверојатни се сметаат Смирна и Хиос.

Хомер е автор на „Илијада“ и „Одисеја“. Покрај нив, нему му се припишува авторството и на комичните епови „Маргит“ и „Керкопи“, еден Зборник од химни, неколку епиграми и хумористични песни и друго.

## ИЛИЈАДА

„Илијада“ е епопеја за Тројанската војна која траела десет години. Во неа Хомер ги опишува настаните од последната година на Тројанската војна. Причината за оваа војна е грабнувањето на Елена. Парис,

син на тројанскиот крал Пријам, ја грабнал Елена, жена на спартанскиот крал Менелај, и ја одвел во градот Троја (Илиј) во северозападна Мала Азија. Поради тоа Ахајците под заповедништво на Агамемнон тргнале во војна против Троја. Ахајците поставиле опсада околу ѕидините на Троја и ја почнале војната со Тројанците.

Најголемиот воин меѓу Ахајците бил Ахил. Тој храбро се борел против Тројанците. Но, Агамемнон му ја одзел робинката Брисеида поради што Ахил се разгневил и веќе не учествувал во борбите. Така, всушност, и почнува „Илијада“: „Гневот, божице, пеј го на Ахила, синот Пелеев“. Тој гнев на Ахил е причината за неговото неучествување во натамошните борби и за поразите на Ахајците во војната против Тројанците. Патрокле, најблискиот другар на Ахил, го молел да го заборави гневот и да учествува во борбите или, пак, ако не сака да се бори, да му го даде неговото оружје и неговата облека за да се плашат од него Тројанците. Ахил се согласил. Патрокле го зел оружјето на Ахил и неговата облека и така облечен тргнал во борба против Тројанците. Но, во двобојот со Хектор, син на тројанскиот крал Пријам, Патрокле бил убиен. Поради тоа Ахил се разжестил и гневот и омразата ги насочил кон Тројанците, односно кон Хектор. Се решил да продолжи да војува за да го одмазди својот најдобар другар. Во борбата Ахил се покажал како силен и немилосрден воин, па Тројанците се уплашиле и се повлекле во градот Троја. Надвор од ѕидините останал само Хектор за да се бори против Ахил. Во двобојот Хектор бил убиен, а неговото тело Ахил го одвлекол во логорот на Ахајците. Пријам отишол во шаторот на Ахил за да моли да му го даде телото на неговиот син за да го погребаат како што му доликува на еден воин. Ахил бил потресен од солзите на стариот Пријам и се согласил да му го даде телото од Хектор. Хектор бил погребан со сите почести и така, всушност, завршува дејството во „Илијада“.

„Илијада“ е поделена на 24 делови и се состои од 15.696 стихови. Пишувана е во хексаметри. Хексаметарот е стих од шест ритмички стапки. Првите пет стапки се дактили, а шестата стапка најчесто е трохеј или спондеј. Преку хексаметарот се гради еден достоинствен и возвишен стил во епското пеење организирано со раскажување во трето лице.

За стилот на Хомер најпрепознатливи се сложените епитети: *вртишлем* Хектор, *коњокротец* Хектор, *брзоног* Ахил, *штитоносен* борец, Ахајци *панцироносци*, *белолакта* Андромаха, *сјајноока* Атина и слично. Хомер често ги употребува компарацијата и антитезата.

Ликовите во „Илијада“ се мошне живо насликани. Ахил е храбар, горд, чувствителен, великодушен, но во својот гнев тој е злобен и одмаздољубив. Хектор е храбар и достоинствен воин, нежен татко,

патриот кој не жали да го жртвува својот живот за слободата на татковината и на своето семејство. Андромаха е нежна и верна сопруга и мајка со неизмерна љубов и грижа за сопругот и за својот син. Агамемнон е горд, себичен, но и храбар војсководец. Парис е себичен; Елена - неверна убавица итн. Боговите како ликови, исто така, имаат значајна улога. Тие добиваат човечки особини и им помагаат и на Ахајците и на Тројанците. Така, на пример, Зевс и Тетида се од страната на Тројанците, а Хера и Атина од страната на Ахајците.

## VI ПЕЕЊЕ ОД „ИЛИЈАДА“

Една од најпотресните слики во „Илијада“ е онаа од шестиот дел која најчесто се определува како разделбата меѓу Хектор и Андромаха. Тоа е сцена во која е прикажано заминувањето на Хектор во неговата последна борба со Ахајците во која ќе биде убиен во двобојот со Ахил. Андромаха е загрижена за својата судбина и за судбината на својот сопруг и својот син. Поради тоа таа со огромна љубов и нежност се обидува да го одврати Хектор од намерата да оди во борба. Но, Хектор ја покажува сета своја несебичност, достоинственост и храброст и како сопруг и како воин. Тој се гордее со својот син и посакува кога ќе порасне да биде прославен како похрабар и подостоинствен од својот татко. На таков начин ја смирува загриженоста на Андромаха и заминува во борба во која ќе го даде својот живот за Троја, за сопругата и за синот или со еден збор - за слободата.

Со оваа сцена Хомер ја покажува својата умешност во живото претставување на појавите и ликовите што е особеност на сите 24 делови на „Илијада“.

### ❐ *Запомни!*

Хомер е автор на „Илијада“ и „Одисеја“.

„Илијада“ е епопеја за Тројанската војна која траела десет години, од 1193 до 1183 година п.н.е.

„Илијада“ е поделена на 24 делови и се состои од 15.696 стихови. Пишувана е во хексаметри.

За стилот на Хомер најпрепознатливи се сложените епитети: *коњокротец* Хектор, *брзоног* Ахил, *штитоносен* борец и слично.

Ликовите во „Илијада“ се мошне живо насликани. Боговите како ликови, исто така, имаат значајна улога.

Една од најпотресните слики во „Илијада“ е разделбата меѓу Хектор и Андромаха.

### ❐ Провери ги своите знаења!

- Кои се и какви се историските податоци за животот и творештвото на Хомер?
- Што е „Илијада“? Кои настани се опишани во неа?
- Која била причината за Тројанската војна?
- Колку делови има „Илијада“? Од колку и од какви стихови се состои таа?
- Кои се главните ликови во „Илијада“? Кои се нивните главни карактеристики?

### ❐ Задача

- Во VI пеење од „Илијада“ пронајди ги и посочи ги сите сложени епитети.

## ХЕБРЕЈСКА ЛИТЕРАТУРА

Хебрејската литература е една од најстарите литератури на светот. Се појавила во Палестина некаде кон средината на вториот милениум п.н.е., односно во XVI и XV век п.н.е. Оваа литература почнала да се развива и да се шири на две варијанти од хебрејскиот јазик - јидиш и иврит, но и на многу територии поради номадскиот начин на живот на Евреите.

Најпрво се појавиле народните умотворби во рамките на хебрејската литература. Тоа биле лирски и епски песни, легенди, химни, пророштва и слично. Овие хебрејски народни умотворби го одразувале секојдневието и особено номадскиот живот на тогашните еврејски родовски заедници.

Хебрејските народни умотворби имаат големо значење затоа што подоцна врз нивна основа биле создавани хебрејските текстови со свет (сакрален), односно религиозен карактер. Во нив биле обработувани разни прашања како што се настанувањето на светот, преселбите на Евреите, разни легенди за предците, пророштва за иднината, доаѓањето на Спасителот и слично. Ваквите хебрејски текстови настанувале во еден долг временски период од XIV век п.н.е. до крајот

на I век од н.е. Биле собрани и организирани во една книга која со текот на времето станала позната во сиот свет и која се нарекува Библија или Свето писмо.

## БИБЛИЈА

Библијата е книга составена од религиозни канонски списи кои се однесуваат на јудеизмот и на христијанството. Преку разни реалистични и фантастични описи опфаќа еден долг период од настанувањето на светот па сѐ до појавата и ширењето на христијанството во I век од н.е.

Библијата е поделена на два дела - Стар завет и Нов завет. Оригиналните текстови на Стариот завет биле пишувани на хебрејски и на арамејски јазик. Оригиналните текстови на Новиот завет, пак, биле напишани на хеленски и на арамејски јазик. Стариот завет е света книга за Евреите (припадници на јудеизмот) и за христијаните. Новиот завет е света книга само за христијаните. Стариот завет опишува настани (реалистични и фантастични) од настанувањето на светот до I век п.н.е. Новиот завет опишува настани (реалистични и фантастични) од I век од н.е., односно од појавата на христијанството и неговото ширење низ Азија и Европа.

Библијата извршила огромно влијание не само врз развојот на литературата, туку и врз целата светска култура. Најпрво била целосно преведена на арамејски јазик, а потоа и на хеленски, коптски, етиопски, готски, латински, германски, англиски, француски и на многу други јазици. До крајот на XX век Библијата била целосно преведена на 250 јазици, а нејзини делови дури на 1.300 јазици.

Библиски мотиви се среќаваат во бројни литературни дела од светско значење како што се „Божествена комедија“ од Данте Алигиери, „Изгубениот рај“ од Џон Милтон, „Фауст“ од Јохан Волфганг Гете, „Демон“ од Михаил Лермонтов и други.

## СТАР ЗАВЕТ

Старозаветните списи може да се класифицираат во три делови, односно во три целини. Првиот дел е „Петокнижие“ (Тора) кое уште се нарекува „Мојсеево Петокнижие“. Вториот дел е „Пророци“ (Невиим). Третиот дел е „Писанија“ (Кетувим). „Петокнижието“ го опишува настанувањето на светот и на првите луѓе, опишува како Израелците

станале народ, нивните прогонства и нивното патување и доаѓање во ветената земја. Во делот „Пророци“ се искажуваат разни пророштва и се опишува настанувањето и развојот на израелската монархија. Делот „Писанија“, пак, содржи историја, поезија и различни мудрости за доброто и злото.

Во Стариот завет се среќаваат бројни списи кои припаѓаат на разни литературни родови и видови. Така, таму ќе сретнеме лирски, епски и лирско-епски песни, химни, псалми, разни раскази и повести, легенди, преданија, басни, пословици, поговорки и друго. Една од најубавите песни во Стариот завет е „Песна над песните“ во која се воспева и се возвишува љубовта кон саканата личност.

Стариот завет изобилува со настани и личности. Започнува со приказната за настанувањето на светот, односно како Бог со збор ги создал небото и земјата. Потоа ја проследуваме приказната за првите луѓе, Адам и Ева, за нивниот грев и протерувањето од рајот; за братоубиството меѓу Каин и Авел; приказната за Мојсеј, за страдањата на Израелците, за нивното ослободување и заминување од Египет; за маките и страдањата на Јов поради искушенијата пред кои Бог го поставува за да ја провери неговата верба итн. Тука се и списите за првиот хебрејски патријарх Авраам и за најзначајните израелски кралеви Давид и Соломон. Пророштвата за идните настани ги даваат бројни пророци како што се Даниел, Илија, Исаија, Еремија, Јона, Неемија, Захарија и многу други. Сето ова зборува дека Стариот завет изобилува со историски, реалистични и фантастични списи.

❒ ***Запомни!***

Хебрејската литература се појавила во Палестина кон средината на вториот милениум п.н.е. Најпрво се појавиле народните умотворби. Тоа биле лирски и епски песни, легенди, химни, пророштва и слично.

Библијата е книга составена од религиозни канонски списи кои се однесуваат на јудеизмот и на христијанството. Таа опишува еден долг период од настанувањето на светот па сè до појавата и ширењето на христијанството во I век од н.е.

Библијата е поделена на два дела - Стар завет и Нов завет.

Стариот завет бил пишуван на хебрејски и на арамејски јазик. Поделен е на три дел: „Петокнижие“, „Пророци“ и „Писанија“.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Кога и каде се појавила хебрејската литература?
- На кој јазик се развила и се ширела хебрејската литература?
- Што е Библијата? На колку делови е поделена? Кои се тие?
- На колку јазици е преведена Библијата?
- На кои јазици биле напишани оригиналните текстови од Стариот завет?
- Од колку делови се состои Стариот завет? Кои се тие?

### ❐ *Задача*

- Прочитај ја „Песна над песните“. Во нејзините стихови пронајди ги и посочи ги компарациите.

## НОВ ЗАВЕТ

Библијата, веќе рековме, се состои од Стар завет и Нов завет.

Новиот завет содржи 27 списи или таканаречени книги во кои се опишува животот на Исус Христос и ширењето на христијанството во Азија и во Европа во I век од н.е. Новиот завет е составен од четири евангелија (од Матеј, Марко, Лука и Јован), Дела апостолски, 21 послание и Откровение на Јован Богослов.

Во евангелијата се опишува животот на Исус Христос, синот божји, од неговото раѓање сè до неговото распнување и воскреснување. Автори на овие евангелија се четворицата евангелисти, а двајца од нив (Матеј и Јован) биле меѓу дванаесетте апостоли на Исус кои постојано го придружувале. Евангелието од Матеј било напишано во 60-тите години на I век од н.е., односно во 60-тите години по Христа. Евангелието од Марко било напишано околу 50-тата година по Христа. Евангелието од Лука било напишано меѓу 59 и 63 година по Христа. Евангелието од Јован е напишано меѓу 80 и 95 година по Христа. Сите евангелисти на идентичен начин го опишуваат животот на Исус Христос. Исти настани и исти чуда се среќаваат во сите четири евангелија. Сепак, меѓу евангелијата има одредени разлики. Некои настани од едно евангелие не се спомнуваат во другите евангелија. На ваков начин четирите евангелија се надополнуваат меѓу себе и ја даваат целосната слика за животот и чудата на Исус Христос.

Во евангелијата често се користи параболата. Параболата е поучна приказна раскажана во споредби. Такви се параболите од Исус за сејачот и семето, за блудниот син, за добриот пастир и неговото стадо, за лозарот и лозовата прачка и други. Во евангелијата се среќаваат, исто така, бројни мудри изреки кои, како и параболите, имаат поучен карактер.

Списот Дела апостолски претставува продолжение на евангелијата. Во Делата се опишуваат настаните по воскреснувањето на Исус. Дванаесетте апостоли, односно ученици на Исус, продолжуваат да го шират христијанството и да го бранат од разните непријатели. Автор на Делата апостолски е евангелистот Лука. Во Делата апостолски се спомнува и Македонија. Апостолот Павле имал видение да ја посети Македонија: „Преку ноќта на Павла му се јави привид: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: премини во Македонија и помогни ни! По тоа видение веднаш посакавме да тргнеме за Македонија, бидејќи разбравме дека Господ нè повикал таму да го проповедаме Евангелието“.

Посланијата, 21 на број, во Новиот завет се, всушност, писма од апостолите упатени до христијанските верници во разни делови на Азија и Европа. Најбројни се посланијата на апостолот Павле, но свои посланија имаат и апостолите Јаков, Петар, Јован и Јуда. Овие посланија претставуваат поуки за христијанско однесување на свештениците и верниците на кои им се упатени писмата.

Откровението на Јован Богослов било напишано меѓу 90 и 95 година по Христа, во времето на владеење на римскиот император Домицијан кога започнало прогонството на христијаните. Автор на Откровението е апостолот и евангелист Јован. Тој се обраќа до седум цркви во Мала Азија и ги поттикнува да не потклекнуваат пред злото, туку да се борат против него. Крајот е, сепак, оптимистички - дека во светот ќе завладее доброто над злото.

Во Новиот завет често се среќаваат фантастични елементи. Тоа е најзабележливо во описите на чудата што ги прави Исус како што се одењето по вода, оживувањето на Лазар, нахранувањето на пет илјади луѓе со пет леба и две риби, престорувањето на водата во вино и слично. Ваквите фантастични елементи во Новиот завет имаат функција да го прикажат Исус како вистинско натприродно, односно божјо суштество. Фантастичните елементи се чести и во Делата апостолски и особено во Откровението на Јован Богослов.

Иако сите четири евангелија го опишуваат животот на Исус, сепак со својата опширност и со својот карактеристичен стил се издвојува **Евангелието од Јован**. Во ова Евангелие, на пример, се опишани и делата на Исус во Јудеја и во Ерусалим што воопшто ги нема во

преостанатите три евангелија. Дека стилот во Евангелието од Јован е специфичен и различен од другите евангелија покажува неговиот почеток: „Во почетокот беше Зборот, и Зборот беше во Бога, и Бог беше Збор... Сè постана преку Него и без Него ништо не стана, што постана“. Овде „Зборот“ е, всушност, метафора за Исус, а како метафора за него се употребува често и зборот „Светлина“: „И Светлината во темнината свети, и мракот не ја опфати“. Чести се ваквите сликовити описи во Евангелието од Јован кое бележи седум одбрани чуда на Исус, седум негови говори и седум длабоки „Јас сум“ искази на Исус. Евангелието од Јован има доминантен рефлексивен, односно мисловен карактер и по тоа се разликува од другите евангелија и од сите други списи во Новиот завет.

### ❒ *Запомни!*

Новиот завет содржи 27 списи или т.н. книги во кои се опишува животот на Исус Христос и ширењето на христијанството.

Во евангелијата се опишува животот на Исус Христос од неговото раѓање сè до неговото распнување и воскреснување. Има четири евангелија - од Матеј, Марко, Лука и Јован.

Во Делата апостолски се спомнува и Македонија. Апостолот Павле имал видение да ја посети Македонија.

Евангелието од Јован со својата опширност и со својот карактеристичен стил се издвојува од другите евангелија.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Од колку списи е составен Новиот завет? Кои се тие?
- Што се опишува во четирите евангелија од Новиот завет?
- Кои се имињата на четворицата евангелисти?
- Што е парабола? Кои се најтипичните параболи од Исус?
- Каде и по кој повод се спомнува Македонија во Новиот завет?
- По кои особености се разликува Евангелието од Јован од другите три евангелија?
- Кои се почетните зборови на Евангелието од Јован? Што значат тие?

### ❒ *Истражувај!*

Прочитај го внимателно Евангелието од Јован. Пронајди ги и посочи ги мудрите изреки во него!

# СЛОВЕНСКА ПИСМЕНОСТ И ЛИТЕРАТУРА

## СВЕТИ КИРИЛ И СВЕТИ МЕТОДИЈ

Работата на византиските мисионери, солунчаните Константин (Кирил) и Методиј и создавањето на словенската азбука и на првиот словенски книжевен јазик и со преведувањето на богослужбени книги од грчки на словенски јазик претставува ново и блескотно поглавје во историскиот и во културниот развиток на словенските народи.

Со нив и потоа со нивните ученици и следбеници ставени се темелите на самостојната словенска просвета, книжевност и богослужба и на словенската култура. Словените од пагани станале христијани. Просветени и со сопствен јазик, литература и култура рамноправно влегле во големото семејство на културните народи во светот.

## ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СВ. КИРИЛ

Словенскиот првоучител и светител Константин - Кирил Филозоф бил роден во 826/827 година, во семејството на Лав и Марија. Образованието го стекнал во високовреднуваната Магнаурска школа во Цариград. Како студент првенец се одликувал со ретка дарба на мислител, богослов и апологет на христијанството. Титулата Филозоф ја добил по завршувањето на школата и таа им била доделувана само на исклучително даровитите и трудољубиви ученици. Така иако доста млад, учествувал во својата прва мисија кај Сарацените, позната и како Арапска мисија. Во следната византиско-црковна мисија кај Хазарите, која




*Гробот на св. Кирил во црквата „Св. Климент“ во Рим*



*Погреб на св. Кирил, фреска од црквата „Св. Климент“ во Рим*

била изведена во текот на 860 и 861 година, бил вклучен и брат му Методиј.

Во Сараценската и во Хазарската мисија, се истакнал како исклучителен говорник и полемичар, и како извонреден познавач на црковните догми. За Хазарската мисија посебно треба да се одбележи податокот дека браќата ги пронашле моштите на маченикот, папата римски Климент Први, кој бил високопочитуван кај Римјаните. Тој настан е повод и за создавањето на три творби од страна на Константин: Опис за пронаоѓањето на моштите на Климент Први, Пофално слово за Климент Први и Химна во чест на маченикот и светител.

Најзначајната Моравска мисија се случила во 863 година. За нејзините потреби ги создал глаголицата и старословенскиот литературен јазик. Најпотребните црковни книги без кои и не можела да се реализира мисијата, ги превел од грчки на словенски јазик. Во 869 година, за време на престојот во Рим се разболел и се закалуѓерил. Според христијанскиот обичај го сменил името и бил именуван Кирил. Тука и бил погребан во црквата „Сан Клементе“, односно „Св. Климент“.

Од неговото книжевно дело познати и популарни се молитвените состави, полемиките и посебно „Беседа против тријазичниците“. Таа била напишана на словенски јазик и јавно прочитана на соборот во Венеција. Клеветен кај римскиот папа како еретик, постојано и решително ја бранел сопствената теза за природното право на постоење на словенскиот јазик, наспрема од Бога даденото право за господарување на трите јазика: еврејски, грчки и латински.

## ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СВ. МЕТОДИЈ

Постариот брат Методиј бил роден околу 815 година, во Солун. Образованието го оформил во највисоките школи во Константинопол. Како управител на словенското кнежество во Македонија, дошол во средината на четириесеттите години на IX век. На словенски јазик и со грчки букви тогаш го составил делото „Закон за судење на луѓето“. Со брат му Константин, учествувал во Хазарската и во Моравската мисија.

Му бил од извонредна помош и корист во создавањето на словенската азбука, како и во пишувањето и преведувањето на богослужбени книги од грчки на словенски јазик.

Работел како мисионер во Моравија и во Панонија. Во „Житието на Методиј“ во врска со молбата на Моравците до византискиот владетел Михаил стои: „Кај нас дошле многу учители, христијани од Италија, Грција, Германија, кои нè учат различно. А ние, Словените, прост народ сме и немаме кој да нè упати кон вистината и да нè научи на разум. Та, добри господару, испрати ни таков маж што ќе ни ја разјасни секоја вистина“. По смртта на брат му во Рим, заедно со своите даровити ученици ја продолжил просветителската работа. Папата Адријан Втори го ракоположил за архиепископ на Панонија.

Неговата дејност која јасно е искажана во обраќањето на Моравците наишла на жесток отпор и на срамни клевети, кои го воделе и во постојана и упорна борба со латинските и германските епископи. Борбата што ја водел и Константин. Во 871 година, паднал во затвор во Баварија каде минал две и пол години. Но, упорен и решителен, посветен на големото дело, продолжил со својата мисионерска, просветителска и црковноорганизациона работа во Моравија и Панонија. Предан до последен здив, до смртта во 885 година.

### ❐ *Запомни!*

Константин (Кирил) и Методиј со создавањето на словенската азбука и на првиот книжевен словенски јазик, со преводите на богослужбени книги од грчки на словенски јазик, отвораат ново блескотно поглавје во историјата и културата на Словените.

Најзначаен извор за нивните животни и творечки врвици е книгата „Панонски легенди“.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Во колку византиски црковно-дипломатски мисии учествувал Константин?
- Колку мисии имал Методиј?
- Зошто за најзначајна се смета Моравската мисија?
- Наброј ги најзначајните наслови од книжевната дејност на сесловенските просветители Кирил и Методиј.

### ❐ *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!*

„Во славистичката наука долго време се дискутираше, а ова прашање уште дефинитивно не е решено, која азбука ја измислил Константин. Како што е познато, во старословенската книжевност постојат две азбуки: глаголицата и кирилицата. Судејќи според најстарите зачувани споменици, извесна предност ѝ се дава на глаголицата, макар што има научници кои веруваат дека е постара кирилицата. Треба да се каже дека има и такви слависти, кои мислат дека Константин со своите соработници истовремено ги составил обете азбуки, употребувајќи ја глаголицата за обично пишување, а кирилицата за составување свечени текстови“

*Харалампие Поленаковиќ*

## ПАНОНСКИ ЛЕГЕНДИ

Највреден извор напишан на словенски јазик за сесловенските просветители браќата свети Кирил и свети Методиј се „Панонските легенди“. Познати се уште како „Моравско-панонски легенди“ или како опширни житија и тие се вистинските биографии за животот и епохалното дело на солунските браќа. Така трајно биле запишани нивните животни и творечки врвици, тие извори на словенската просвета, автори на првата словенска азбука и на првиот словенски книжевен јазик, кои ги направиле и првите преводи од грчки на словенски јазик.

Во отсуство на автографите на „Панонските легенди“, науката си поставила дилеми за повеќе прашања. За времето кога биле напишани, на кој јазик и на кој терен биле создадени, како и за тоа кој е нивниот автор. Историите на браќата од Солун секако биле напишани непосредно по нивната смрт. Најнапред била напишана биографијата на св. Кирил, најверојатно во времето кога св. Методиј престојувал во Рим, заедно со словенските ученици. По смртта на св. Методиј, во Моравија, каде што умрел, била напишана и неговата биографија. Прифатено е мислењето дека „Панонските легенди“ биле напишани на словенски јазик. Од повеќето дилеми за авторот или за авторите на овие најстари словенски оригинални книжевни дела преовладало мислењето дека автор е нивниот најверен и најдобар ученик св. Климент Охридски

## ЖИТИЕТО НА СВ. КИРИЛ

Обраќањето кон Бога за милост кон св. Кирил и во неговата работа за добри дела, е нагласена одлика со која почнуваат житијата во византиската литература под чие влијание биле создадени и „Панонските легенди“. Светоста, чистотата, вредноста, неповторливоста и трајноста на светите луѓе, каков што е и Кирил, единствено и доаѓа од возвишените задачи и цели за просветувањето на луѓето.

Во житието низ строго хронолошки редослед се следи животниот пат на св. Кирил. Од раѓањето во Солун, неговите родители, школувањето, се пишува посебно за неговата ученост и знаења. Се следат мисиите во кои учествувал: Сараценската, Хазарската и Моравската. И секако најзначајните податоци за создавањето на првата словенска азбука и на првите богослужбени книги на словенски јазик. Точните историски податоци се заокружуваат со смртта на св. Кирил во Рим, во 869 година, и неговото погребување во црквата „Свети Климент“.

Длабоката вера во Бога, претставува онаа сила со која св. Кирил и можел да ги оствари сите поставени цели и задачи. Уште со раѓањето бил предодреден за поборник на христијанската вера. Се откажал од сите човечки и земни страсти, и им се посветил на учењето и на Бога. Светите морални карактеристики како особеност на житијата, се вградуваат и во личноста на св. Кирил. Тој е мудрец и филозоф, даровит, доследен и непогрешив лик. Бил едноставен, смирен и питом, а за своите идеи и цели работел истрајно и непоколебливо.

Токму тој св. Кирил и бил предодреден да ја создаде словенската писменост. Со својата мудрост и знаење, со братот св. Методиј и со некои ученици, отишол кај папата во Рим, да го побара одобрувањето да се создадат словенската писменост и со неа црковната литература на словенски јазик. Упорно се борел против тријазичниците и против незнаењето и суеверието на простите луѓе. Срцето и душата, мислите и силите, до последен здив, св. Кирил ги вградил во идеалот на христијанското учење.

## ЖИТИЕТО НА СВ. МЕТОДИЈ

Како и житието за св. Кирил, и житието за св. Методиј почнува со молби и обраќање до Бога. Се бележат податоците дека потекнувал од благородничко семејство од Солун, и неговата чесност и знаења биле наградени со поставувањето за управител на словенското кнежество во Македонија. Тука го составил делото „Закон за судење на

луѓето“. По напуштањето на кнежеството, заминал на Олимп и таму се посветил на светото дело. Посебно внимание е посветено на Моравската мисија и на неговата работа со панонските Словени, каде бил ракоположен за архиепископ. Бил постојано клеветен од германските свештеници од кои морал да се брани и оправдува. Злото победило, и бил истеран од Моравија. Се говори и за неговата неуморна преведувачка работа на дела од грчки на словенски јазик, како што се „Библијата“ и „Номоканонот“. Пред тоа со неговиот брат ги превеле: „Псалтир“, „Евангелие“ и „Апостол“. Крајот на житието ги содржи податоците за смртта на св. Методиј во 885 година. Пред да почине, ученикот Горазд го именувал за свој заменик.

### ❒ Запомни!

„Панонските легенди“ претставуваат најкомплетен и вредносен извор/документ за животот и делото на сесловенските просветители св. Кирил и св. Методиј. Во отсуство на нивните оригинални ракописи, науката поставила и одговорила на бројни дилеми за времето и за теренот на пишувањето, јазикот и за тоа кој е нивен автор. Делото има два дела. Првото житие за св. Кирил, и нешто подоцна напишано, житието за св. Методиј. Хронолошкиот пристап во проследување на нивниот живот и дело, многуте конкретни историски податоци, формирањето на ликови / јунаци, убавото и интересно раскажување, создале дело кое нема само книжевно-историска, туку се одликува и со висока уметничко-естетска вредност. Авторот се потврдил како мошне учен и даровит човек, кој не само што ги знаел библиските текстови, туку според нивното користење во „Панонските легенди“, ги владеел и муслиманските и еврејските текстови.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Зошто „Панонските легенди“ се најкомплетните словенски извори кои ја даваат животната историја на Кирил и Методиј?
- Какво е нивното значење за историјата на македонскиот народ?
- Кои се уметничките достоинства на „Панонските легенди“?
- Какви размислувања и дилеми поставувала науката за времето и за територијата, како и за авторот или за авторите на „Панонските легенди“?

- Кои се фактите со кои науката се определила за нивен автор да го претпочита св. Климент Охридски?
- Како и во кои периоди настанувале житието за св. Кирил и житието за св. Методиј?
- Кој принцип бил применет во житијата во проследување на нивните животни и творечки врвици?

---

# СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ И СВ. НАУМ ОХРИДСКИ

Заслугите на словенските просветители Кирил и Методиј не се само во преведувањето на најпотребните богослужбени книги на словенски јазик, создавањето на прв словенски јазик, туку и во генерацијата нивни ученици кои го продолжиле големото дело. Најзаслужни за словенската просвета, богослужба и култура се следбениците: св. Наум Охридски, св. Климент Охридски, св. Константин Брегалнички и други.

## СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

Св. Климент Охридски бил роден околу 830-840 година. Учесник е во Моравската мисија. Во 867 и 868 година, со неговите учители св. Кирил и св. Методиј престојувал во Рим. Тука добил повисок духовен чин. По смртта на Методиј, во 885 година, заедно со останатите негови ученици бил протеран од Моравија. Патиштата го довеле на бугарскиот двор во Плиска. Најзначајниот негов период од животот и творештвото го назначува 886 година. Тогаш бил испратен во нова просветителска мисија во областа Кутмичевица, чиј центар бил Охрид, во Југозападна Македонија. Тоа се години исполнети со плодородна просветителска, книжевна, црковна и културна дејност. Така, на најубав начин не само што го продолжил, туку го проширил и го надградил делото на своите почитувани и сакани учители.

Климент станал родоначалник на словенската црква во Македонија. Како основоположник на познатата Охридска книжевна школа, го отворил најстариот македонски универзитет. Од него излегле 3.500 ученици и тоа е настан кој имал најзначајно место и значење во распространувањето на словенската писменост во Македонија.

Бугарскиот владетел Симоен, во 893 година, го поставил за епископ во областа Велика. Таа одговорна должност ја извршувал до крајот на животот, до 29 јули 916 година. Бил погребан во манастирот „Св. Пантелејмон“ во неговиот Охрид, градот на кој му станал и заштитник.

Извонредно богата и значајна е книжевната дејност на Климент Охридски, која опфаќа фонд од педесетина дела. Покрај преводите на словенски јазик, пишувал поезија, тој е првиот македонски поет, беседи, молитви, химни, пофални и поучни слова. „Составил голем број слова (пофални и поучни) кои претставуваат ремек-дела на словенската панегиричка литература. Од пофалните слова, антологиски пример претставува словото посветено на Кирил Филозоф. Се смета за автор на опширните житија на Кирил и Методиј“, пишува Вера Стојчевска-Антиќ.

Во последните години од животот го превел „Цветниот триод“. Хоматијан го смета за автор на кирилицата. Од многуте дела напишани за неговата личност и дело најзначајни се две. Тоа се: „Опширно житие“ од XI век, кое охридскиот архиепископ Теофилакт го составил на грчки јазик и „Краткото житие“, познато и како „Охридска легенда“, кое има словенска и грчка варијанта, и во XIII век, го составил охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан.

## СВ. НАУМ ОХРИДСКИ



*Св. Наум Охридски, икона од црквата „Св. Никола Болнички“, Охрид (втора половина на XIV век*

Св. Наум Охридски се родил околу 830 година. И тој учествувал во Моравската мисија. Припадник е на групата светители Седумчисленици. Заедно со Климент, по смртта на учителот Методиј, се засолнил на бугарскиот двор во Плиска. По поставувањето на Климент за епископ на Велика, посебната просветителска дарба и заслугите, биле наградени со тоа што го зазел неговото место и бил поставен за учител во охридскиот крај. Како учител минал седум години. На брегот од Охридското Езеро, го основал манастирот „Св. Архангели“ во кој бил до крајот на животот. Починал во 910 година, а набргу потоа и бил прогласен за светител.



*Манастирот „Св. Наум“*

Во неговата книжевна дејност се вбројуваат делата: „Канон на апостолот Андреј“ како и два канона: „Канон на Архангел Михаил“ и „Канон за пренесување на моштите на Јован Златоуст“.

### ❒ Запомни!

Св. Климент Охридски бил средновековен писател и учител, ја формирал познатата Охридска книжевна школа, бил прв словенски епископ во Македонија, заштитник е на Охрид и на Македонската православна црква.

Св. Наум Охридски бил црковен и културен деец, средновековен писател. Заедно со Климент, е најпознатиот ученик и следбеник на големото дело на сесловенските просветители Кирил и Методиј.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Зошто св. Климент Охридски се смета за родоначалник на словенската црква во Македонија?
- Кои се најзначајните наслови од книжевното дело на св. Климент Охридски?
- Кои се делата на св. Наум Охридски?

## ❒ Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!

„...Свети Климент одбран божји пратеник, одбран меѓу сите светии што му се омилиле на Бога, св. Климент Охридски - Светител, кој со пост и со труд изврши големи подвизи. Свети Климент кој го доврши преводот на свештените писанија, кои Кирил и Методиј не ги довршија. Свети Климент - високоучен и свет писател. Свети Климент кој рече: „Во Охрид да биде светло“; и стана светло, бидејќи понапред бевме во страшна темнина и магла...“.

*Григор Прличев*

„Дејноста на Климент и на неговите соработници ја зацврстила силно културната улога на Охрид, која ќе се чувствува меѓу Словените во текот на повеќе векови. Охрид и нашите краишта им се оддолжуваат на првите словенски просветители со тоа што секогаш, дури и во најтешките времиња, го чувале жив нивниот спомен, да не се загубат трагите од нивната дејност - нивните постројки, нивните образи по црквите и манастирите, легендите за нив во народното предание. Заради сето тоа со посебна смисла звучи прославата на Климент Охридски во овој древен град на Белото езеро“

*Блаже Конески*

### ❒ Задача

● Современиот македонски писател Лазо Каровски објавил романизирани биографии за Климент Охридски (1969) и за Наум Охридски (1971). Побарајте ги книгите и прочитајте ги. Побарајте и песни посветени на св. Климент и на св. Наум Охридски од Славко Јаневски, Матеја Матевски, Цане Андреевски, Анте Поповски, Радован Павловски и Петре Бакевски.

# ОХРИДСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА

По смртта на браќата Кирил и Методиј, нивните ученици биле најсурово протерувани, продавани како робови или убивани од страна на германските војници, а сè со цел да се спречи богослужбата по црквите на словенски јазик и да се уништи словенската писменост и култура.

Некои од тие ученици, меѓу кои Климент и Наум, спас побарале со бегство во Бугарија.

Во 886 година бугарскиот кнез Борис го испратил св. Климент во областа **Кутмичевица.** Оваа област се простирала во Југозападна Македонија и во дел од Јужна Албанија со средиште во охридско-деволските краишта.

Целта на Климентовата мисија била продолжување на работата што ја започнале браќата Кирил и Методиј, зашто постоела опасност грчките свештеници да го засилат своето влијание во овие краишта кои во тоа време биле под бугарска власт.



*Св. Климент, фреска од црквата „Свети Спас“ во с. Лескоец, Охридско (1462 г.)*

## ПРОСВЕТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

Веднаш по пристигнувањето во Кутмичевица, св. Климент развил богата просветителска, црковна и културна дејност. Тој во Охрид изградил манастир кој подоцна станал центар, односно школа за ширење на образование со црковен и просветителски карактер. Таа школа по името на градот Охрид, била наречена **Охридска книжевна школа.**



*Црквата „Св. Климент“ во Охрид*

Низ Охридската книжевна школа поминале голем број ученици (околу 3.500) кои подоцна работеле низ сите области на Македонија како свештеници, учители, уметници и сл. со што Охрид прераснал во расадник на словенската култура.

Освен како голем педагог и организатор за ширење на просветната дејност во Охридската книжевна школа, св. Климент бил познат и како човек кој ги поучувал луѓето како да ја обработуваат земјата за да им даде побогат род, како да ги калемат дивите овошки, како да си ги подобрат хигиенските и материјалните услови за живот и сл.

## КНИЖЕВНАТА ДЕЈНОСТ НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

Св. Климент Охридски се смета за прв словенски писател што создал оригинални литературни трудови кои послужиле како основа за изградување на македонската литература и култура. Едно од неговите најпоетични дела е **„Пофалното слово за св. Кирил“**, напишано во стихови. Во ова дело св. Климент Охридски го слави својот учител и му изразува благодарност за неговата макотрпна, но благородна работа во просветувањето на словенските народи.

Делото на св. Климент Охридски има огромно значење за ширењето на просветата и културата во Македонија и со право тој се смета за основоположник на словенската писменост меѓу Македонците.

Изградил многу училишта, цркви и манастири, а на македонската литература ѝ ги подарил првите оригинални дела на словенски јазик.

### ❒ *Запомни!*

Во 886 г. св. Климент Охридски бил испратен во Кутмичевица за да ја продолжи работата на своите учители – Кирил и Методиј.

Св. Климент ја создал Охридската книжевна школа низ која поминале околу 3.500 ученици.

Творец е на неколку десетици оригинални дела меѓу кои и на „Пофалното слово за св. Кирил“ во кое го возвишува ликот на својот учител.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Зошто по смртта на св. Кирил и Методиј нивните ученици биле прогонувани од германските свештеници и војници?
- Со каква цел бугарскиот кнез Борис го испратил св. Климент во Кутмичевица?
- Каква дејност развил св. Климент во оваа област?
- Зошто св. Климент Охридски се смета за прв оригинален творец на словенски јазик?
- За што пишува тој во делото „Пофално слово за св. Кирил“?
- Од какво значење е делото на св. Климент за словенската писменост и култура?

### ❒ *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!*

„...Пофалното слово за св. Кирил“ од св. Климент Охридски претставува извонредна химна во која се испреплетува топлата љубов и благодарност на ученикот кон саканиот учител.

Исполнето со богати паралели, со успешни епитети, со употреба на разни други украсни средства и со сложенки образувани од два збора, со јазик близок до народот, до охридскиот говор, во кој и до ден денешен живеат некои св. Климентови зборови и изрази, охридскиот светилник му подигнал достоен вечен споменик на заслужениот учител“.

*Д. Пандев и В. Стојчевска Антиќ*

### ❒ *Задача*

- Организирајте тркалезна маса и поведете дискусија на тема: „Значењето на св. Климент Охридски како продолжувач на Кирилометодиевската традиција“.

## ТВОРЕШТВОТО НА КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ, ПОУЧИТЕЛНИ СЛОВА

Книжевното дело на Климент Охридски претставува не само за македонскиот народ, туку и за повеќето од другите словенски народи камен-темелник на оригиналната словенска и македонска книжевност.

*Д. Пандев и В. Стојчевска Антиќ*

Почетоците на книжевната работа на Климент Охридски се поврзуваат со времето на неговиот престој во Рим (867-868) каде бил со своите учители Кирил и Методиј и кога добил повисок духовен чин. За неговата оригинална книжевна работа бројни податоци оставил биографот Теофилакт. Дел од неговите дела биле сочувани во преписи, оригинали не се пронајдени, и петнаесетина ја имале авторската идентификација со Климент, св. Климент, епископ Климент, а некои од неговите химнографски дела го содржат неговиот авторски потпис во акростих. Се смета дека е автор на педесетина творби и нивното приопштување кон севкупното дело на Климент Охридски е направено според стилските карактеристики, според содржината и личностите, хероите на црквата, според темите и мотивите.

Климентовите поучителните слова се кратки творби. Стилот и јазикот биле поедноставени од причина што биле наменети за широк круг на слушатели чие просветно и културно ниво не биле на повисоко рамниште. Покрај просветителската и црковно-пастирската работа, Климент Охридски и во својата книжевна дејност се потврдил како оригинален автор. Токму и „овие слова, ако можеме така да се изразиме, звучат „климентовски“ со својата простота, достапност, блискост до обичниот слушател, со својата искреност и љубов кон оние на кои тие им биле наменети“, пишува Ѓорѓи Поп-Атанасов.

Како популарни четива, напишани на едноставен и разбирлив јазик, поучителните слова дејствувале не само позитивно во духовниот развиток, туку и во севкупното препородување на средновековниот македонски човек. Со нив на своите слушатели и на читателите им ги разјаснувал христијанското учење и христијанскиот морал. Не ретко користел едноставни примери од Библијата, а како високообразована

личност умеел како илустрација да ги употребува и најуверливите примери од секојдневниот живот. Едноставно мислел и се изразувал како што мислел и се изразувал и обичниот човек, та затоа и бил разбран и прифатен од народот. А него го учел оти треба да се просветува и во тој процес посебно место и значење ѝ давал на книгата.

Новосоздаденото христијанско општество, времето и условите пред Климент Охридски поставиле и нови барања од него како автор во составувањето на поучителните слова. И во нив тој го втиснал сопствениот генијален авторски дух. „На таков начин тој станува и родоначалник и прв класик на овој жанр во старата македонска литература“ (Ѓ. Поп-Атанасов). И ги поделува неговите поученија во пет основни групи: општи поученија, претпразнични поученија, празнични поученија, поученија во врска со постот и поученија за црковните таинства.

Во повеќе поучителни слова Климент Охридски го славел Исуса Христа, како што се: Поучение на Воскресение, Поучение на Преображение Господње, Слово за Врбица, Слово за Рождество Христово, Слово за Богојавление (Друго), Слово за Сретение Господње, Слово за Велиг четврток, Слово на Велигден (Второ) и други. За најопеаната личност во книжевноста, за мајката божја, составил неколку слова: Похвала на Успението на Богородица, Поучение на Благовештение, Поучение на Зачатието на Богородица, Поучение на Успението на Богородица. Една од личностите за кои пишувал бил и Јован Крстителот: Похвално слово во памет на пророкот Захарија и за раѓањето на Јован Крстител, Похвално слово за Јован Крстител, Похвално слово на Рождество на Јован Крстител.

Во неговите поучителни слова се опишуваат животите и патувањата на пророците и на апостолите, на разни маченици за верата, но се говори и за претпразнични и празнични поученија, за постот и за црковните таинства. Мудриот Климент ги оставил: Слово за света Троица, Слово за Крстовден, Поучение за постот, Поучение за Сирната недела, Поучение за Просвештение, Слово за духовната полза, Слово за божјата твар, за смртта и за покајанието.

Мудроста, мислите и чувствата, како и дарбата за комуникација со своите слушатели и читатели, придонеле поучителните Климентови слова да извршат и големо влијание и да се препознаваат во ракописите на најголемите црковни писатели како Василиј Велики, Јоан Дамаскин, Григориј Богослов, Атанасиј Александрински и други.

### ❒ *Запомни!*

Климент Охридски е основоположник на оригиналната словенска и македонска книжевност.

Неговите поучителни слова се кратки текстови, со едноставен и разбирлив јазик кои комуницираат со народот.

На своите слушатели и читатели им ги доближува и им ги објаснува најзначајните правила на христијанското учење и на христијанскиот морал.

### ❒ *Провери ги своите знаења!*

- Кои се авторските карактеристики на Климент Охридски во неговите поучителни слова?
- Зошто го советува народот да чита книги?
- Зошто се одредува за основоположник на овој жанр во старата македонска литература?
- Во колку групи можат да се поделат Климентовите поученија?

### ❒ *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!*

„Станува збор за релативно едноставни, куси текстови, кратки и разбирливи беседи, умело компонирани, закитени со стилски особености познати во византиската беседничка книжевност, особености кои можеле да го привлечат вниманието на слушателите и да му овозможат на говорникот пред сè на авторот Климент, на верниците достапно, со обични зборови да им ја изложи својата мисла задоена со христијанската идеја за хуманост, за несебичност, пожртвуваност, стрпливост. Со ваквиот начин на обрнување кон верниците, како тврди биографот на Климент, првиот оригинален македонски и словенски поет и беседник, ги придобивал срцата на непросветените или малупросветените македонски чеда“.

*Харалампие Поленаковиќ*

## КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ: „ПОФАЛНО СЛОВО НА НАШИОТ БЛАЖЕН ТАТКО И УЧИТЕЛ СЛОВЕНСКИ КИРИЛ ФИЛОЗОФ“

Книжевната работа на Климент Охридски своите почетоци ги бележи за време на престојот во Рим, кога и го напишал пофалното слово за својот учител Кирил Филозоф. Ова слово науката го вреднува како творба која има антологиска вредност. Во оваа група за Светиклиментови творби се земаат: „Пофално слово за Успение Богородично“, „Пофално слово за Рождество на св. Јован Крстител“, „Пофално слово за пророк Захариј и за зачатие на св. Јован Крстител“, „Пофално слово за Воздвижение на св. крст“, „Пофално слово за св. Димитар Солунски“, „Пофално слово за св. Михаил и Гаврил“, „Пофално слово за св. Климент Римски“, „Пофално слово за св. 40 маченици“, „Пофално слово за св. пророк Илија“, „Пофално слово за воскресение Лазарово“, „Пофално слово за св. Јован Крстител“ и „Пофално слово за св. Кирил Филозоф“.

Според посветата словата се делат на две групи. Во првата се слова за личности (светци), а во втората група тема на пофалба се одделни настани од библиската историја. Биле напишани на едноставен и разбирлив јазик. Словата се пообемни текстови и се одликуваат со химничен, празничен тон и во Климентовите слова посебно место и значење имаат оние кои им се посветени на Кирил и Методиј. Како оригинален средновековен писател на своите пофални слова им дал сопствен творечки вид по кои тие се препознаваат и се идентификуваат. По уводот, следи приказната за личноста или настанот како централен и најопширен дел, преминот, пофалбата и заклучокот.

Свечениот тон во пофалното слово блеснува уште во првата реченица и на саканиот учител низ немерлива љубов и почит му ги припишува највозвишените идеи и идеали. „Еве, ни светна, христољупци, светлозрачниот спомен на нашиот преблажен отец Кирил, нов апостол и учител на сите земји, којшто огреа на земјата како сонце со вистинска вера и убавина, како сонце на трисушното божество, осветлувајќи го сиот свет“. Божјата премудрост си изградила храм во неговото срце, а пак неговиот јазик секому му давал благодат како што дарувал Христос.

Словенската писменост и литература ги отвориле портите на мракот и незнаењето и го повеле народот во посреќна иднина. Свече-

носта на исказот се задржува и во опстојната приказна за животот и делото на Кирил Филозоф. Во потрага по љубов, добрина и доверба тргнал тој „отец и учител наш“ оставајќи ја севкупната убавина на овој живот, на домот и на богатството, оставајќи татко и мајка, браќа и сестри. Возвишеноста на неговите идеали претставува совршенство. „Од млади години беше чист како ангел, се оттргнуваше и избегнуваше од житејските сладости и секогаш беше со псалми и пеења и со духовни поуки. Врвеше само по еден пат што води кон небото. Затоа низ неговата уста се изли божјата благост, како што кажал премудриот Соломон: во устата на премудриот влегува вдахновение, тој носи закон и милост на јазикот, со него ги врзува злословните усти на еретиците“.

На словенскиот народ кој бил во незнаење и во греовен мрак, му станал пастир и учител. Ги разгатнувал тајните со писмо и со поука. Затоа тој и бил повеќе од сонце за „просвети безброен народ“ и да го поведе кон среќата и иднината. Едноставно, нема зборови кои можат да го искажат неговото единствено и неповторливо дело. „Затоа, која уста да ја искаже сладоста на неговото учење, а кој јазик ќе може да ги каже неговите подвизи и трудот и добрината на неговиот живот. Оти таа уста, посјајна од светлината, ја покажа Господ... Со неа Господ обогати многу народи со божја милост, дури и го венча со боготкаен венец многуплодниот словенски народ. Оти кај него беше испратен овој апостол. И од неговата уста потече изворот на животворни зборови исполнувајќи ја нашата суша пресушена и преку неа се покажа како серафим којшто го прославува Бога“.

Преминот во словото е исполнет со најблагородни пофалби. „Блажен го наречуваме твојот многугласен јазик од кој му огреа на мојот народ светлина на триж вечниот Бог“. На овој дел од текстот спонтано се надоврзуваат бројните пофалби за тоа блажени да бидат „твоите златозрачни очи“, „твојата златозрачна утроба“, „твоите свети нозе“, „твојата пресвета душа“, „твоите богоподвижни прсти“. Со пофала е опишан и крајот на животот на Кирил Филозоф. „Затоа и со нив му нареди Господ Бог да прими пречесен покој. Почина со мир во летото Господово 6377 од создавањето на светот, во месец февруари во 14 ден и со животот и со верата им се придружи на сите свети отци и делата и подвизите на сите извршувајќи ги и самиот. И со ангелите беше како ангел и со пророците пророк, со сите свети толкувач на божјата слава“.

На конкретните податоци како пофали од животот на Кирил Филозоф, следува и краткиот заклучок. Во него едноставно и трајно

се одредуваат вредностите на светиот човек и на неговото дело. „Со нив моли се за нас, преподобен учителе, што го почитуваме твоето преславно успение во славата на пресветите Тројца, Таткото и Синот и Пресветиот дух, сега и секогаш и во сите векови, амин“. Големото и неповторливо дело на учителот остануваат трајна, неуништлива вредност за народот и за неговата иднина.



*Успение на св. Богородица, фреска од црквата „Св. Богородица“ Перивлепта во Охрид (XIII в.)*

### ❒ Запомни!

Пофалното слово посветено на Кирил Филозоф е творба на Климент Охридски која науката ја вреднувала како антологиско дело. Тоа слово е дел од текстовите посветени на сесловенските просветители Кирил и Методиј. Била напишана за време на неговиот престој во Рим.

Од тоа време и се датира неговата книжевна работа.

Животот и делото на почитуваниот учител се прикажани низ една авторска композиција на творбата: увод, приказна, премин, пофала и заклучок.

### ❒ Провери ги своите знаења!

- Што претставуваат пофалните слова?
- Според тематската определба се делат на две групи. Кои се тие и наброј некои од нив?
- Пофалните слова се пообемни текстови, се одликуваат со изразит свечен тон во раскажувањето и се наменети за пообразована публика. Потсети се и направи споредба меѓу пофалните од една и поучните слова од друга страна.
- Повтори некои од пофалбите на Климент Охридски со кои се открива големината на личноста и на делото на Кирил Филозоф.

# ЦРНОРИЗЕЦ ХРАБАР: „ЗА БУКВИТЕ“



*„За буквите“ од Црноризец Храбар*

Името на средновековниот книжевник Црноризец Храбар станало неодминливо во делата на славистите кои допирале каква и да било кирилометодиевска проблематика. Оваа популарност авторот ја постигнал преку единствениот напишан труд „За буквите“, и тоа на неколку страници.

*Вера Стојчевска-Антиќ*

Во најстариот период од развојот на македонската средновековна литература централно место и значење имаат св. Климент и св. Наум Охридски, но покрај нив секако треба да се додадат и Црноризец Храбар, Козма Презвитер и Константин Презвитер (Преславски, Брегалнички). Овој средновековен писател (IX – X век) со скромноста како одлика на авторите од овој период, не оставил податоци за себе. Неговото име било поврзувано со други личности и современици, како со св. Кирил Солунски, св. Климент и св. Наум Охридски, Јоан Егзарх, Црноризец Докс, цар Симеон. Но, науката, сепак, побројно се определила за ставот дека станува збор за самостоен средновековен автор кој се замонашил и облекол црна риза. Има мислења дека како посебна личност зел псевдоним, но секако дека по облеката е Црноризец и второто, лично име е придавката Храбар, која непосредно може да биде поврзана со неговото дело.

Во науката постојат мислења дека Црноризец Храбар ѝ припаѓал на Преславската школа и оти делото го напишал во Преслав. Дилемата за негова припадност кон Охридската школа останува исто така важечка, како и немањето на какви било показатели за местото каде што бил создаден списот. Поделеноста на науката била и по прашањето кога делото било напишано. Се наметнува мислењето дека е создадено во крајот од IX век, и делото добива посебна вредност како материјал од раниот период во создавањето на словенската писменост и книжевност.

Храбар бил писател кој се борел за рамноправноста на народите, и сметал дека секој народ се пројавува и се потврдува низ сопствениот јазик. Јасно укажал на неминовноста од појавата и развитокот на сло-

венската писменост. Добро ги знаел историјата на книжевностите на разни народи, познатите византиски писатели, книжевните родови кои умеел да ги користи и во нив да втисне сопствена индивидуалност. Како моќна личност и писател го надраснал сопственото време и неговите современици и со своето дело се потврдил како прв средновековен словенски критичар и полемичар. „За буквите“ било мошне популарно дело и познати се околу осумдесет негови преписи.

## ЗА БУКВИТЕ

За појавата на словенското писмо постојат повеќе, но бесспогоборно највежен извор е делото на Црноризец Храбар „За буквите“. Едноставно тоа претставува кратка и вредносна историја на словенската писменост, полемика за неа и потврда и афирмација на словенскиот јазик. По содржината списот може да се подели на два дела. Првиот, историскиот дел го проследува развитокот и периодите на словенската писменост. Црноризец бил високообразован човек и со аргументи на научната мисла аргументирано ги проследува трите фази од нејзиниот развиток. Во почетокот Словените немале книги, но читале и гатале со црти и рески, „бидејќи беа јазичници“.

Покрстувањето ја назначува втората фаза. Со овој процес кога Словените почнале да се покрстуваат, кога ја напуштиле многубожечката вера и го примиле христијанството, почнале и со користењето на грчките и римските букви. Тоа ќе рече дека грчкиот алфабет бил применуван од јужнословенските средини при пишувањето на словенските зборови.

Третата, најзначајна фаза е поврзана со свети Константин Филозоф, наречен Кирил, кој создал 38 букви за Словените. Своите анализи Црноризец ги образложува во споредувањето на словенските букви со грчките и еврејските букви. Јазикот како жива материја и неговото писмо се општокултурна придобивка, па така и тој не заборавил да подвлече дека и Грците кога го создавале својот алфабет неминовно се угледувале и ги користеле другите азбуки. Азбуката што ја создал Кирил била глаголица и таа во себе содржела 24 букви преземени од грчката азбука и 14 букви кои ги измислил според гласовниот систем на словенскиот јазик.

Вториот дел од списот е полемички текст. Неговата целосна функција се остварува и низ авторовиот принцип да го напише во дија-

лошка форма. Од една страна се прашањата на немилосрдните противници на словенската култура и писменост, и од друга страна отворените и аргументирани  одговори на авторот. Бројот на словенските букви, зошто е тој 38, а не 24, како што е тоа во грчкиот алфабет, е првото прашање на кое ученият монах брзо и конкретно одговара дека Грците покрај тие 24 букви, имаат уште 11 двогласни и уште три знаци за броевите 6, 90 и 900. Во полемиката за тријазичната догма на избраноста од бога за трите јазици: грчкиот, еврејскиот и латинскиот, Црноризец со јасен и жив јазик, со аргументи на вистината го брани и го одбранува Кирилометодиевото дело. Наспрема богоизбраноста на трите јазици, е и неприкосновеното право на словенските народи да читаат и да пишуваат на свој јазик.

### ❐ *Запомни!*

Делото „За буквите“ потврдува високообразован писател кој прави анализа на споредбено проучување на јазиците на народите. Не постои „богоизбран“ јазик, како што и секој народ има право на свој јазик. На противниците им го покажува и нивното незнаење на сопствената писмена и културна традиција.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Покрај имињата на св. Климент и св. Наум Охридски кои се други бележити имиња од најраниот период на македонската средновековна литература?
- Кои се дилемите околу идентификацијата на личноста на Црноризец  Храбар?
- Оставил само едно дело „За буквите“ и зошто токму тоа се смета како најбитен извор за појавата на словенското писмо?
- Делото има само неколку страници. И така мало по обем добило трајна книжевно-историска вредност. Продолжи со сопствените ставови и заклучоци од претходното прашање.

# СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ ЖАНРИ

Ширењето на христијанството, неговото омасовување и прераснувањето во официјална религија поставува задача пред црквата за прифаќање и озаконување на средновековната литература. Феудалниот општествен поредок, христијанската религија и црквата го диктираат светот и животот на луѓето. Така и во литературата силно се наметнал духот и мислата на христијанската религија и во таа пригодна книжевност најбројни видови биле: молитвата, житието, видението, пофалното и поучното слово. На оваа традиција се надополниле и дела со поинаква содржина, какви што се апокрифите, расказите и романите, и бројни други жанри - разумник, физиолог, летописи, хроники, хронографии, хронолошки таблици, родослови, историски материјали, записи, патописи.

## ЖИТИЕ

Житејната книжевност (хагиографии) е еден од најприсутните, интересни и значајни жанри во средновековната литература. Тоа се животописи, биографии, житие на светиот човек. Постои во сите средновековни книжевности и неговата појава се поврзува со појавата и распространувањето на христијанството. На тој тежок пат до неговото прифаќање како државна религија се потврдиле многу свети луѓе кои доживувале и трпеле многу маки и страдања. Како први борци и жртви за устоличувањето на христијанството нивните житија остануваат вредносен историски материјал од раните векови на христијанската религија.

Сите светци по правило биле чудотворци и секогаш се разликувале од обичните луѓе. Тие правеле разни чуда, со еден допир слепите прогледувале, болните оздравувале, сакатите проодувале и тоа била божја дарба. Реалното било заменувано со фантастичното, неможното со возможното. Но, постојат и житија во кои се оставени драгоцени историски податоци за светецот, за неговата проповедничка и книжевна дејност какви што се „Панонските легенди“ за браќата св. Кирил и св. Методиј и двете житија за св. Климент Охридски. Во средновековната литература биле познати житија за општохристијански (св. Павле Кесарски, св. Алексеј-Човекот Божји, св. Марија Египетска) и за локални светци (св. Прохор Пчински, св. Јоаким Осоговски, св. Иларион Мегленски, св. Ѓорѓи Кратовски).

## АПОКРИФ

Апокрифите се појавиле наспрема канонските книги, кои правилно ги учеле луѓето за црквата и за христијанската религија, та оттука тие  и не биле пожелни како такви. Црквата како лажни и штетни немилосрдно ги  уништувала и спалувала. Името на овој специфичен средновековен книжевен  род произлегува од грчкиот збор  што значи нешто тајно, скриено, лажно.

Слободното и реалното толкување на Светото писмо се карактеристични за апокрифите кои честопати биле преведувани или преработувани во словенската средина. Го уриваат мракот и незнаењето, исклучивото учење на христијанството за создавањето на светот и на човекот, па иако содржат во себе многу мистика и легенда,  ја внесуваат материјата во ликот на ѓаволот. Според објаснувањата за старозаветната Библија апокрифите се познати како старозаветни апокрифи, а оние кои го разгледуваат Новиот завет се именуваат како новозаветни апокрифи. Биле пишувани на народен јазик, интересно и разбирливо и покрај прогонувањата од црквата биле многу популарна литература. Познати апокрифни текстови: „Книга Аврамова“, „Адам и Ева“, „Тивериадското Море“, „Прекрасниот Јосиф“, „Одењето на Богородица по маките“.

## РАСКАЗ

Во средновековната литература покрај христијанските богослужбени книги како преводи од грчки и латински јазик почнало распространувањето и на книги со световна содржина. Тоа биле интересни четива, со романтични и фантастични содржини, заради краткоста наспрема романот, брзо и лесно се препишувале и се преведувале и биле мошне популарна лектира. Нивното влијание извонредно успешно се одразило во народната и во уметничката литература. Најпознати раскази биле: „Теофана крчмарката“, „Еладиј“, „Девојката без раце“, „Премудриот Акир“, „Дванаесетте синови на царот Шакиш“ и посебно значајна улога во Македонија имале расказите за Езоп. Од преводи од старите зборници произлегуваат патеричните раскази во кои тема е животот на монасите.

## РОМАН

Заедно со расказот значајно место во средновековната литература зазема и романот. Богатството на теми и мотиви, содржинската разноликост, присутноста на чистите световни содржини, на

историјата, посебно на катадневието внеле многу новини и ѝ дале нова димензија на белетристиката. Познати и популарни романи биле: „Александрида“ кој раскажува за времето кога Александар Македонски го презел престолот од татко му Филип Втори Македонски и границите на државата ги проширил надалеку; „Тројанската војна“, љубовно-фантастичниот роман за „Тристан и Изолда“, „Варлаам и Јоасаф“, „Панчатантра“. Оригиналите на расказите и романите кои не ретко биле во стихови, македонските средновековни преведувачи слободно ги преведувале во проза.

### ❐ *Запомни!*

Од св. Климент и потоа се препишувале и се распространувале словенски преводи на евангелија и апостоли, триоди и октоиси, часослови и требници, пролози и разни зборници и многу други книжевни родови и книги. Нивната намена била за христијанските православни обреди. Наспрема преводната литература, живеело и се развивало уште еден вид писмено литературно творештво. Било наменето за четиво на поширок круг луѓе. Тоа се средновековните романи, раскази, повести, житија на локални светители и легенди, повеќе или помалку профана литература. Станува збор за литература која во средните векови била распространета и популарна во Европа.

### ❐ *Провери ги своите знаења!*

- Кои видови биле најзастапени во пригодната црковна литература?
- Какви текстови се житијата и апокрифите? Одвои ги нивните карактеристики.
- Кои се патиштата во приопштувањето на средновековните раскази и романи?
- Побарај примери за влијание на средновековните раскази и романи во македонската народна и уметничка литература.

## ОД ,,ГИЛГАМЕШ"
## ТАЖАЛЕНКА

,,Енкиде, брату, мој пријател храбар!
Ти се пантер лут! Се качивме на брегот,
го убивме таму небесниот бик
Кумбаба, и тоа во кедровата* шума!
Каков ли сон те обзел тебе?
Ти си во мрак и не ме слушаш мене!"

Очите беа затворени... И тогаш
тој  дојде: - срцето престана да бие.
И својот мил пријател го гушка,
и него го жали ко што жали лав –
ко лавица лав го жали нежно.
Се спушта покрај пријателот свој
и над него тажи, косите си корне,
косите си корне и од себе ги фрла.

Штотуку сјајна зората се јави –
Гилгамеш спешно во полето тргна.
А Ану тогаш почна да му збори:
,,Гилгамеш, ти си го убил чуварот,
Кумбаба страшниот во кедровата шума,
ловиш лавови по врегот Енген
и бикот го уби, од небото што дојде. –
Што трепериш сега, со ведната глава?
Зошто си плашлив и возбуден толку?
Со јадови какви душа ти се полни?
В далечина зошто погледот ти бега?

Со лице од мраз и сонце опалено
ти зошто сега во полето трчаш?"
Гилгамеш тогаш одговор му дава:
,,Не, не треперам со ведната глава,
ниту се плашам, ни сум растревожен. –

* Кедрова шума – кедар е егзотично дрво.

Нели сум преполн со јад и со тага?
Зар погледот не ми е ко на бегалец сега?
Со лице опалено од мраз и од жега?
И не бегам ли далеку во полето ширно?
Пријател мој брат, мој помлад другар
вечно храбар, со мене на брегот дојде;
Го убивме таму небесниот бик,
Кумбаба, и тоа во кедровата шума! –
Пријателот со кој лавови ловев,
пријателот, мој другар во секое дело,
Загина... Него најзлата судбина го снајде...
Шест дена, седум ноќи јас плачев,
до погребот сал са него плачев.
А сега: смртен страв и ужаси ме гонат,
неговата судба – тешка болка ми е...
Јас чекорам напред... Судбата на Енкиде мој
ме притиска мене.
По далечен пат тргнувам и итам.
Што се мојата тага и лелекот мој?
Пријателот мој сега е земјен прав,
Енкид, мојот мил, постана земја!
Дали и јас така ќе паднам,
ќе починам за да не се разбудам веќе?"

*Препеал: д-р Лазо Каровски*

## ХОМЕР: ИЛИЈАДА

*(фрагменти)*

***За да ти биде појасно***

Хомеровата ,,Илијада" започнува со гневот на Ахил, најхрабри¬от и најсилниот воин меѓу Ахајците. Гневот на Ахил е насочен кон Агамемнон, главниот воен заповедник на Ахајците, кој мошне себично, неразумно и насилно ја однел во својот шатор Хрисеида, ќерка на жрец, а потоа, во замена, од шаторот на Ахил насилно ја зел Брисеида, робинката која Ахил многу ја сака. Поради тоа Ахил е гневен и не учествува во борбите против Тројанците, а тоа е причината поради која Ахајците ги губат битките.

## I ПЕСНА
## ПОМОР ГНЕВ

Гневот, божице[1] спеј го на Ахила, синот Пеле́јев,
пустиот гнев што им задал н' Ахајците безбројни бољки
силни во ад испраќајќи многубројни јуначки души,
нихните трупови пак правејќи ги плен на псите
и на јастребите сите; по волјата Ѕевсова било
да се раскараат прво и раздељат двајцата мажи:
синот Атрејев,[2] јуначкиот цар, и божескиот Ахил.
Синот на Ѕевс и Летоја[3]. Се наљутил овој на царот;
лоша на војската болест ч отпуштил; гинеле љуѓе,
деке Агаме́мнон Атре́јев го навредил жрецот Хриса,
Тога до брзите бродој н' Ахајците овој се добрал,
за да со неброен откуп ја откине својата ќерка,
венци држејќи в раце на далекуме́тец Аполон
горе над златниот жезол, Ахајците сите молејќи,
најмногу двајцата синој н Атре́ј, војсководците главни:
,,Синој не Атре́ја и други о Ахајци објалоносци[4],
нека ви дадат богојте, на вишниот Олимп што седат,
градот на Пријам да падне  и стигнете дома ви здраво,
мене пак милото чедо да пуштите откуп земајќи,
далекуме́тец Аполон честејќи го, синот Ѕевсов.
Тогаш Ахајците гласно удобриле другите сите;
да  го почитаат жрецот и скапиот откуп го примат,
сал Агаме́мнон Атре́јев не одобрил в своето срце...
.................................................

---

[1] Божице = Музо, Хомер ја призива овде музата без да ја именува, а се подразбира музата на епската поезија Калиопа.

[2] Синот Атрејев овде е Агамемнон, главниот заповедник на грчките војски под Троја, а не Менелај кој е исто така син Атрејев.

[3] ,,Синот на Ѕевс и Летоја" е богот Аполон, заштитникот на Тројанците и непријател на Ахајците.

[4] Епитетот ,,објалоносци" е еден од најчестите епитети на Ахајците (= Грците). Со овој израз  го преведовме грчкиот Хомеров епитет Еукнѐмидес, што значи ,,со убави објала" (одн. ,,со убави потколеници"), При што зборот ,,потколеница" овде означува метална извиена плоча што ја штити ногата одн. Коската од коленото до стапалата.

**VI ПЕСНА**
**СРЕДБА НА ХЕКТОР И АНДРОМАХА**

Таја го пресрете него, а слугинката назад си била,
на боска лудото дете држејќи го рулече уште,
милиот Хекторов син, што на убава прилегал ѕвезда,
когошто Хектор Скамандриј, а другите сите го викаа
Асти  накт, по тоа што Хектор сам градот го бранел[5]
Тогаш го погледна синот и час му се насмевна молком
а Андром ха крај мажот застанала солзи ронејќи,
за рака потем го зела и збор му прозборила нему:
,,Хекторе мил, ќе ми загинеш, клетниче, в својата смелост;
оти ни синот го жалиш ни клетата мене, што скоро
вдовица твоја ќе станам, Ахајците бргу зар тебе,
кога ќе срипаат сите, ќе те убијат, за мене тога
поарно в земја ќе биде да потонам, утеха друга
веќе ќе нема, штом црната судбина ќе ми те земе,
туку сал јад, заште ни татко ни госпоѓа мајка си имам,[6]
оти божескиот Ахил ми ге отепал милиот татко
и ни го разурнал градот киликијски населен добро,
високодверната Теба, та ге отепал и Еетион,
но не го соголил сепак плашејќи се в своето срце,
могила сетне му кренал, а крај неа горските нимфи,
ќерките на ајгидоносецот[7] Ѕевс, испосадиле брестје.
Јас во дворовите наши седуммина браќа си имаф,
туку во еден ден сите си отишле долу во Аид,[8]
ниф брзоногиот Ахил, божескиот, ге истепал сите
крај кривоногите крави и врз белоруните овци.

---

[5] Името Асти  накт, како што се вели дека нагалено го викале Тројанците синот на Хектора, значи господар или заштитник на градот.

[6] Постојаниот епитет госпоѓа покрај некои божици може да го носи секоја постара мајка во патријархалниот строј, т.е. жената на господарот, на главата на семејството. Но, овој епитет е можеби наследен од матријархалното општество, кај што мајката била глава на семејството и во многу поголема почит одошто таткото.

[7] Ајгида бил специјален штит од козја кожа што го носел врховниот бог на старите Грци Зевс и неговата борбена ќерка Атена. Аахгидоносец е еден од најчестите епитети на Зевса.

[8] Аид или Хадес одн. Ад се вилало подземното царство на мртвите кај старите Грци, а порано тоа било името и на самиот господар негов Плутон. Аид на старогрчки значело ,,Невид" т.е. невидлив.

Мајка ми пак, што под ридот царувала онде, под Плака,
откога заедно вамо со другата пљачка ја довел,
назад ја отпуштил Ахил неизброен откуп земајќи,
туку Артéмида ја уби стрелометна в дворецот татков;[9]
Хекторе, ти си ми сега и госпоѓа мајка и татко,
ти си и братец мој роден, ти моето момче си младо.
Туку смилувај се сега и состани овдека в кула,
да не ме оставиш вдовица ти, а детево сирак,
Војска кај смоквана дива ти клај, зашто најлесно онде
можат да навлезат в град и најизложен тамо е ѕидот:
Триш се обиделе онде најсилните борци идејќи
покрај Ајантите двајца и славнего Идоменéја
со Атрејевците ведно и смелиот син на Тидéја,[10]
или им потказал некој, што познава пророштва добро,
или ги спотера ниф и им повеља самото срце”.
Нејзе ч прозбори потем големиот вртишлем Хектор:
,,Сé ова, жено, и јас си го сонувам, туку се срамам
страшно од нашите Тројци и Тројанки се облеки долги,
ако се повлечам јас како страшливец беден од бојот;
зашто не ме пушта духот и секогаш свикнаф да бидам
чесен и бестрашен јас, да сред првите Тројци се борам,
славата таткова велја и својата да си ја спазам.
Зашто го знам ова добро во срцето свое и умот,
дека ќе дојде тој ден, кога светиот Илиј ќе падне
и копјоборецот Пријам и целиот Пријамов народ.
Туку за Тројците толку јас посетне нема да жаљам,
нито за сама Хек ба и ни за господарот Пријам,
нито за моите браќа, многумина јунаци вредни,
кога ќе паднат во праот од оние душмански мажи
колку што за тебе, кога Ахајците панѕироносци[11]
ќе ми те одведат тебе и одземат слобода слатка.

---

[9] Артемида, како и нејзиниот брат богот Аполон, старите ја замислуваа наоружена со лак и стрела. Кај Хомера двете овие божества се претставени како безмилосни демони на смртта. Аполон ги убива ахајските борци под Троја, а сестра му Артемида им ги одзема душите на жените. Стрелометна и најчестиот нејзин епитет со кој таа подоцна се јавува и како типично божество на ловот.

[10] Смелиот син на Тидеја е Диомед, еден од најславните ахајски јунаци.

[11] Старите борци носеа специјални кошули од панцир или панѕир (метални, обично бронзани алки исплетени здраво) за да се заштитат од непријателското оружје (од копјата, мечовите и стрелите). По тоа и го носат епитетот панѕироносец ахајските борци.

И кога в Арг ќе се најдеш, да на разбој ткаеш за друга,
и од Хепéреја вода иљ Месеида,[12] да носиш
против  сопствената волја, натерана в силната нужда.
Тога ќе прозбори некој гледајќи те солѕи кај рониш:
Ова е жена на Хектор, што најарен беше во бојот
сред коњокротците[13] Тројци, за Илион кога се тепаа.
Вака ќе продума некој  а ти тога нов бол ќе сетиш,
што си изгубила маж, кој од ропскиот ден ќе те бранел.
Но нека црната земја ме покрие мене и гробот,
Пред да те чујам кај пискаш и разберам дека те влечат”.
Рече и испружи раце кон сина си светлиот Хектор;
рулекот назад пак в гради кај младата доилка стројна
исплашен силно липајќи пред татка си мил, штом го виде,
оти го преплаши тучот и коњскиот опаш на шлемот,
кога го догледа горе на вршката страшно кај мафта.
Тогаш се насмевна таткото мил и господ́ата мајка.
Вчасокот светлиот Хектор од главата шлемот го сметна,
ге остави на земја долу, а тој се сјаеше сиот.
Откога синот свој мил си го целива и поигра в раце,
тој му се помоли потем на Ѕевс и на другите бози:
,,Ѕевсе и богови други, позволете син ми да стане
сосема достоен еднаш кај Тројците, ист како мене,
вака во снагата јак и да владее добро во Илиј.
Некој да рече: од татка си тој е поарен многу,
кога  од бој ќе се враќа со оружје крваво в рака,
штом ќе го убие врагот, а мајка му расте од радост”.
Вака велејќи тој в раце на милата ге остави жена
своето чедо, а таја в мирисните гради го прими
се осмевка мила и солѕи, се досети мажот и смили,
потем со рака ја погали тој и продума дума:
,,Не жалости ми се мене, ти клетнице, премногу сега!
зашто  не ќе може никој да ме испрати пред време в Аид,
оти од судбина, мисљам, не ќе може да избега никој,
нито маж прост ни благороден пак, штом еднаш се родил.

[12] Хиперејa и Месеида се викаат два извора во Тесалија (одн. Лаконија).

[13] Епитетот коњокротец го носат најчесто Тројанците и нивниот главен претставител и Предводник Хектор. Одгледувањето и укротувањето на коњи е од најстари времиња познато кај многу азиски народи, а ова е типично и за најстарите индоевропски племиња.

Туку ај оди си дома и гледај си работи твои,
разбој и фурка, заповедај ти на слугинките свои,
нека на работа одат, за војната пак ќе се грижат
мажите сите, а најмногу јас, што сме родени в Илиј".
Вака пресветлиот Хектор је прозбори и шлемот го зеде,
украсен се опашка коњска, а милата жена си појде
дома, вртејќи се често и обилни солзи ронејќи.

*Препев: Михаил Д. Петрушевски*

▪ ***Извлечи заклучок!***

- Кој е првиот збор со кој започнува *,,Илијада"* од Хомер? Кои се причините за гневот на Ахил?
- Зошто Андромаха го одвраќа Хектор од борбата? Што е тој за неа?
- За кого и за што се бори и загинува Хектор?
- Какви епитети најчесто употребува Хомер во *,,Илијада"*? Посочи неколку такви епитети во предочените фрагменти од *,,Илијада"*!

# РЕЧНИК НА ПОИМИ И ТЕРМИНИ

## А

**акростих –** песна во која почетните букви од стиховите даваат некое име или некој збор.

**амфибрах –** трисложна ритмичка стапка од два ненагласени и еден нагласен слог (ненагласен + нагласен + ненагласен).

**анапест –** трисложна ритмичка стапка од два ненагласени и еден нагласен слог (ненагласен + ненагласен + нагласен).

**анонимен –** непознат, безимен.

**архаизам –** застарен збор или израз.

**асоцира –** потсетува на нешто.

## Б

**божество –** имагинарно суштество со натприродни особености.

## Д

**дактил –** трисложна ритмичка стапка од еден нагласен и два ненагласени слога (нагласен + ненагласен + ненагласен).

**дијалект –** наречје; говор во една област.

**дилема –** нејаснотија; несигурност.

**Дионис –** бог на виното.

**дисконтинуитет –** прекин, престанување; развој со прекини.

**дискурс –** врзан текст; говор, разговор, излагање.

**доминантен –** надмоќен, главен; најмногу присутен.

**древен –** прастар; што постоел многу одамна.

## Е

**експлоатира –** искористува, употребува; злоупотребува.

**елиминира –**отстранува, исклучува.

**епилог –** крај; краен резултат.

**есеј –** кратка расправа за некое прашање од конкретна област.

**естетика –** наука за убавото во природата и во уметноста.

**етапа –** степен на развој; дел од целина.

## Ж

**жанр –** определен вид литературно дело.

## И

**идентичен –** ист, истозначен.

**имагинарно –** замислено, нестварно.

**имитира –** подражава; се угледува на некого или на нешто.

**импровизира –** прави нешто без посебна подготовка.

**индивидуа –** еден човек, единка.

**интуиција –** претчувство.

## Ј

**јамб –** двосложна ритмичка стапка од еден ненагласен и еден нагласен слог (ненагласен + нагласен).

**јудеизам –** религиозно верување и обичаи на Евреите.

## К

**канон –** црковен закон; збирка од црковни закони и правила.

**катрен –** строфа од четири стиха.

**класификација –** поделба; систематско групирање на одреден материјал.

**компарација –** споредба.

**комуникација –** меѓусебна врска; контактирање.

**континуитет –** траење без прекин; продолжување.

**критериум –** мерило; збир од правила за оценување на нешто.

## Н

**номадски –** преселнички; без постојано престојувалиште.

## О

**октоих –** православна црковна книга во која се поместени песни што се пеат на осум гласа.

## П

**параметар –** постојана величина; фиг. мерило, критериум.

**патриотизам –** љубов кон татковината.

**персонификација –** олицетворување; претставување на некои предмети како живи суштества.

**поетика –** теорија на литературата.

**полемика –** расправа; вештина за водење расправа.

**псалм –** заносна побожна песна, славопојка, химна.

**псевдоним –** измислено име или презиме.

## Р

**рационален –** разумен; надарен со разум; научен.

**реактуализација –** повторно осовременување.

**рецензија –** литературно-критички текст со кој се оценува уметничко дело.

**реципиент –** примач на уметничко дело: читател, слушател, гледач и слично.

## С

**сакрален –** свет, божествен.

**силабичен стих –** стих со определен број слогови, со цезура и со пауза на крајот.

**силаботонски стих –** стих со еднаков број слогови и еднаков број ритмички стапки.

**симбиоза –** заедничко живеење; фиг. спој, врска.

**скалест стих –** стих што е графички незавршен зашто еден негов дел се пренесува во нов ред.

**слободен стих –** „бел стих“; стих со различен број нагласени и ненагласени слогови, без рима и без строго определена организираност.

**спондеј –** ритмичка стапка од два долги слога.

## Т

**тонски стих –** стих со приближно еднаков број на нагласени (акцентирани) слогови.

**трохеј –** двосложна ритмичка стапка од еден нагласен и еден ненагласен слог (нагласен + ненагласен).

## Ф

**фрагмент –** дел, одломка.

## Х

**хагиографија –** живопис на светците.

**хиперболизација –** претерување; преувеличување.

**хроника –** раширено хронолошко бележење на настаните во средниот век.

## СОДРЖИНА

*Предговор* ..... 3

***I. Ј А З И К*** ..... 5

НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ ..... 7
КОМУНИЦИРАЊЕ (ОПШТЕЊЕ) ..... 7
ВИДОВИ КОМУНИКАЦИИ ..... 7
ЈАЗИКОТ КАКО СИСТЕМ ОД ЗНАЦИ ..... 9
ЈАЗИЧНИОТ ЗНАК ВО ВЕРБАЛНИОТ КОД ..... 9
ЕЛЕМЕНТИ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ ОДНОС ..... 10
ФУНКЦИИТЕ НА ЈАЗИКОТ ..... 10
РАЗЛИКИТЕ ПОМЕЃУ ПРИРОДНИОТ И ВЕШТАЧКИОТ ЈАЗИК И НАЦИОНАЛНИОТ (ОПШТОНАРОДЕН) И СТАНДАРДНИОТ (ЛИТЕРАТУРЕН) ЈАЗИК ..... 12
ПРИРОДЕН ЈАЗИК ..... 12
ВЕШТАЧКИ ЈАЗИК ..... 12
НАЦИОНАЛЕН (ОПШТОНАРОДЕН) ЈАЗИК ..... 12
СТАНДАРДЕН (ЛИТЕРАТУРЕН) ЈАЗИК ..... 13
ДИЈАЛЕКТНИОТ НАСПРОТИ СТАНДАРДНИОТ ЈАЗИК ..... 16
ДИЈАЛЕКТЕН ЈАЗИК ..... 17
СТАНДАРДЕН (ЛИТЕРАТУРЕН) ЈАЗИК ..... 18
ЈАЗИКОТ, ГОВОРОТ И ПИСМОТО ..... 20
ЈАЗИКОТ И ГОВОРОТ ..... 20
ГОВОРОТ И ПИСМОТО ..... 21

ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ..... 23
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СЕМЕЈСТВОТО НА СЛОВЕНСКИТЕ И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ ЈАЗИЦИ ..... 23
ЈАЗИКОТ НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА ..... 27
СТАРОСЛОВЕНСКИ АЗБУКИ ..... 30
ПОЧЕТОЦИТЕ НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ ..... 30
КИРИЛ – ТВОРЕЦ НА АЗБУКАТА ГЛАГОЛИЦА ..... 30
АЗБУКАТА КИРИЛИЦА ..... 31
СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ ШКОЛИ ВО МАКЕДОНИЈА ..... 33
ОХРИДСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА ..... 33
ЛЕСНОВСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА ..... 34
МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА НА ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК ..... 37
ПОТЕКЛОТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ..... 37
ПОЈАВА НА ВАРИЈАНТИ ..... 37
ОСОБЕНОСТИ НА МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА НА ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК ..... 37
ШИРЕЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ НА НАРОДНИОТ ЈАЗИК ..... 40

ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА ..... 43
ГЛАС И ФОНЕМА ..... 43
ГЛАС ..... 43
ФОНЕМА ..... 44
ПОДЕЛБА НА ГЛАСОВИТЕ ..... 45
САМОГЛАСКИ (ВОКАЛИ) ..... 45
СОГЛАСКИ (КОНСОНАНТИ) ..... 45
ПОДЕЛБА НА ГЛАСОВИТЕ ..... 46
ГЛАСОВНИ ПРОМЕНИ ..... 48
ЕДНАЧЕЊЕ ПО ЗВУЧНОСТ НА СОГЛАСКИТЕ ..... 48

ОБЕЗВУЧУВАЊЕ НА СОГЛАСКИТЕ НА КРАЈОТ ОД ЗБОРОТ ... 49
РЕДУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ ... 50
ИСПУШТАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ ... 50
ПРАВОПИС И ПРАВОГОВОР ... 52
ПРАВОПИС ... 52
ПРАВОГОВОР ... 53
ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА Ј ... 53
ПРАВОПИС НА СОГЛАСКИТЕ Л, Љ ... 55
ПРАВОПИС НА СОГЛАСКИТЕ: Ќ, Ѓ ... 56
ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА Џ ... 57
ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА Ѕ ... 58
ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА В, Ф ... 58
ИЗГОВОР И ПРАВОПИС НА СОГЛАСКАТА Х ... 60
УДВОЕНИ СОГЛАСКИ ... 61
СЛЕАНО И РАЗДЕЛЕНО ПИШУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ ... 62
ДЕЛЕЊЕ НА ЗБОРОТ ОД КРАЈОТ НА РЕДОТ ... 67
УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА БУКВА ... 69
СКРАТЕНИЦИ И СКРАТУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ ... 70
ТРАНСКРИПЦИЈА НА ТУЃИТЕ ИМИЊА ... 73
ТРАНСКРИПЦИЈА НА ИМИЊАТА ОД КЛАСИЧНИТЕ ЈАЗИЦИ ... 73
ТРАНСКРИПЦИЈА НА ИМИЊА ОД СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ ... 73
ИНТЕРПУНКЦИСКИ И ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ ... 77
ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ ... 77
ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ ... 81
ТОЧКА ... 81
ДВЕ ТОЧКИ ... 81
ЦРТА ... 81
ЦРТИЧКА ... 82
АПОСТРОФ ... 82
НАДРЕДЕН ЗНАК ... 82
АКЦЕНТ ... 83
ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АКЦЕНТОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ... 83
АКЦЕНТОТ ВО СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ И ОТСТАПУВАЊЕ ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ ... 84
АКЦЕНТОТ ВО СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ ... 84
ОТСТАПУВАЊЕ ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ ... 85
АКЦЕНТОТ НА ТУЃИТЕ ЗБОРОВИ ... 86
АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ ... 88
ВИДОВИ АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ ... 90
ПРАКТИЧНО-ПРОФЕСИОНАЛНА КОМУНИКАЦИЈА ... 91
***II. ЛИТЕРАТУРА*** ... 95
ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА ... 97
ЛИТЕРАТУРАТА КАКО УМЕТНОСТ ... 97
ЛИТЕРАТУРАТА КАКО УМЕТНОСТ НА ЗБОРОТ ... 97
ОДНОСОТ МЕЃУ ЈАЗИКОТ И ЛИТЕРАТУРАТА ... 98
ЛИТЕРАТУРАТА И НАУКАТА ЗА ЛИТЕРАТУРА ... 100
МИТОТ И ФОЛКЛОРОТ КАКО ИЗВОРИ ЗА ЛИТЕРАТУРАТА ... 103
МИТОТ КАКО СВЕТА ПРИКАЗНА ... 103
ФОЛКЛОР ... 104
ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА ... 106

НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА ..... 109
ПОЈАВА НА НАРОДНАТА ЛИТЕРАТУРА ..... 109
КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАРОДНАТА ЛИТЕРАТУРА ..... 110
СТИЛСКИ ОСОБЕНОСТИ НА НАРОДНАТА ЛИТЕРАТУРА ..... 110
ЛИРИКА ..... 113
ОСОБЕНОСТИ НА ЛИРИКАТА ..... 113
СТИЛСКИ ФИГУРИ ..... 114
КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЛИРИКАТА ..... 116
ЛИРСКИ ВИДОВИ ..... 120
ЕПИКА ..... 124
ЕПСКИ ВИДОВИ ..... 127
ЛИРСКО-ЕПСКИ ВИДОВИ ..... 130
ДРАМА ..... 134
ДРАМСКИ ВИДОВИ ..... 138
ИСТОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА ..... 143
НАЈСТАРИТЕ ЛИТЕРАТУРИ НА СВЕТОТ ..... 143
ГИЛМЕШ ..... 144
ХЕЛЕНСКА ЛИТЕРАТУРА ..... 146
МИТОТ ЗА ЗЛАТНОТО ЈАБОЛКО ..... 148
ХОМЕР ..... 150
ИЛИЈАДА ..... 150
VI ПЕЕЊЕ ОД „ИЛИЈАДА“ ..... 152
ХЕБРЕЈСКА ЛИТЕРАТУРА ..... 153
БИБЛИЈА ..... 154
СТАР ЗАВЕТ ..... 154
НОВ ЗАВЕТ ..... 156
СЛОВЕНСКА ПИСМЕНОСТ И ЛИТЕРАТУРА ..... 159
СВЕТИ КИРИЛ И СВЕТИ МЕТОДИЈ ..... 159
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СВ. КИРИЛ ..... 159
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СВ. МЕТОДИЈ ..... 160
ПАНОНСКИ ЛЕГЕНДИ ..... 162
ЖИТИЕТО НА СВ. КИРИЛ ..... 163
ЖИТИЕТО НА СВ. МЕТОДИЈ ..... 163
СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ И СВ. НАУМ ОХРИДСКИ ..... 165
СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ..... 165
СВ. НАУМ ОХРИДСКИ ..... 166
ОХРИДСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА ..... 169
ПРОСВЕТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ..... 170
КНИЖЕВНАТА ДЕЈНОСТ НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ..... 170
ТВОРЕШТВОТО НА КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ, ПОУЧИТЕЛНИ СЛОВА ..... 172
КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ: „ПОФАЛНО СЛОВО НА НАШИОТ БЛАЖЕН ТАТКО И УЧИТЕЛ СЛОВЕНСКИ КИРИЛ ФИЛОЗОФ“ ..... 175
ЦРНОРИЗЕЦ ХРАБАР: „ЗА БУКВИТЕ“ ..... 178
ЗА БУКВИТЕ ..... 179
СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ ЖАНРИ ..... 181
ЖИТИЕ ..... 181
АПОКРИФ ..... 182
РАСКАЗ ..... 182
РОМАН ..... 182
*РЕЧНИК НА ПОИМИ И ТЕРМИНИ* ..... 191